Association for Democratic Advancement DemocracyLab

Berghof Foundation

# Перспективи на заедниците за спречување на насилен екстремизам

## Компаративни лекции од Западен Балкан

Engjellushe Morina, Beatrix Austin,
Tim Jan Roetman & Véronique Dudouet

Извештај од истражување

**За овој извештај**

Оваа синтеза на компаративен извештај –втемелена на четири студии на случај на земји кои ги покриваат Албанија, Босна и Херцеговина, Косово и Македонија – беше изработен во рамки на проектот за партиципативно истражување, на тема "Можности за спречување на насилен екстремизам на Западен Балкан". Заедно со четири локални истражувачки партнери истражувавме зошто некои заедници се посебно погодени од страна на поединци кои се инспирирани од и/или се придружуваат на Исламската Држава (ИД) или слични насилни екстремистички групи, додека други заедници може да покажат поголема отпорност на истата појава. Овој проект, исто така, вклучува активности за промоција на политики како на национално така и на меѓународно ниво, како и иницијативи за локален дијалог, во соработка со локални засегнати страни и погодени заедници, со цел да се истражат и развијат стратегии за спречување на насилна радикализација на Западен Балкан врз основа на наодите од истражувањата.

**За авторите**

**Engjellushe Morina** е дел од програмата за Истражувања за Трансформација на Конфликти (ИТК) во Фондацијата Бергхоф. Таа го разви и го водеше заедничкиот истражувачки проект за Можности за СНЕ во Западен Балкан. Таа водеше различни проекти во ИТК Програмата и Медијација и Програмата за поддршка дијало, каде што неодамна успеа да спроведе проект за Следење на дијалог во Македонија. Engjellushe има повеќе од шеснаесет години пракса и истражувачко ориентирано работно искуство во Косово и балканскиот регион (како и Велика Британија, Египет, Италија, Украина и Киргистан).

**Beatrix Austin** е член на ИТК тимот на Фондацијата Бергхоф. Таа го уредува и координира Прирачникот на Бергхоф за трансформација на конфликти, раководи со бројни други издавачки проекти и е вклучена во заедничкиот истражувачки проект за Можности за СНЕ во Западен Балкан. Како истражувач, нејзините интереси се фокусираат на поврзување на теоријата и праксата во трансформација на конфликтите, како и на прашањата за справување со минатото.

**Tim Jan Roetman** е проектен соработник за ИТК Програмата на Фондацијата Бергхоф. Моментално работи на проект за жени-членки на недржавните оружени групи во мировни преговори и повоеното лидерство. Tim Jan исто така има претходни искуства во спроведување на развојни проекти за едукација и помирување во Франција и Западен Балкан. Има магистратура на студии за Конфликт & Развој од Sciences Po Lille, Франција. Неговата теза на магистратура се фокусираше на можностите за меѓуверски дијалог во Франција.

**Véronique Dudouet** е директор на ИТК програмата во Фондацијата Бергхоф. Таа координира разни заеднички истражувачки проекти за улогата на недржавни вооружени групи, општествени движења и меѓународни актери во процесите на трансформација на конфликти. Исто така спроведува редовни консултантски истражувања, дава совети за политики, совети за колеги и обуки и семинари за/со засегнати страни на конфликти и градење мир. Објавила две книги и бројни изданија во областа на трансформација на конфликти и ненасилен отпор. Таа магистрирала и докторирала во областа на Решавање на конфликти во Универзитетот Брадфорд, Велика Британија.

Авторите би сакале да им се заблагодарат на локалните истражувачки тимови, членовите на советодавниот одбор и нашите колеги од Фондацијата Бергхоф, кои, преку своите критички конструктивни повратни информации, го направија овој извештај посилен. Посебна благодарност до Stina Lundström, која беше дел од управувачкиот тим на проектот во Бергхоф фондацијата, за значајни делови од проектот, и Marie Migeon, која обезбеди одлични истражувања и поддршка при проверка на фактите.

Превод: Бехаре Касами

**Благодарност**

Проектот и неговите извештаи беа овозможени преку финансирање од Министерството за надворешни работи на СР Германија.

Auswärtiges Amt

© 2019 Berghof Foundation Operations GmbH. All rights reserved.

За цитирање: Engjellushe Morina, Beatrix Austin, Tim Jan Roetman & Véronique Dudouet 2019. Community Perspectives on Preventing Violent Extremism: Lessons learned from the Western Balkans. Research Report. Berlin: Berghof Foundation.

Available also online: ‹http://image.berghof-foundation.org/fileadmin/redaktion/Publications/Papers/. First launch : 17/04/2019

**Оградување**

Ставовите изразени во оваа публикација се оние на авторите и не ги одразуваат ставовите и мислењата на Фондацијата Бергхоф или нејзините партнери.

**Berghof Foundation**
Altensteinstraße 48a
14195 Berlin
Germany
www.berghof-foundation.org
info@berghof-foundation.org

# Содржина


| | | |
|---|---|---|
| **Кратенки** | | I |
| **Извршно резиме** | | 1 |
| 1 | **Вовед** | 2 |
| 1.1 | Позадина и образложение | 2 |
| 1.2 | Методологија | 7 |
| 1.3 | Структура на извештајот | 10 |
| 2 | **Регионален контекст и заедничките историски незадоволства** | 11 |
| 3 | **Погодени заедници. Фактори и актери кои овозможуваат појавување на насилен екстремизам** | 15 |
| 3.1 | Мапирање на погодени заедници: показатели и критериуми за избор | 15 |
| 3.2 | Погодни фактори за плодна почва за насилен екстремизам | 16 |
| 3.2.1 | Општествена поларизација и исклучување | 17 |
| 3.2.2 | Дисфункционални институции | 21 |
| 3.2.3 | Чувство на маргинализација | 24 |
| 3.3 | Актерите во погодените заедници: Трагачи по можности, Овозможувачи, Портири, Мети | 27 |
| 3.3.1 | Верски недржавни актери и егзогени влијанија | 27 |
| 3.3.2 | Социјалните мрежи кои влеваат незадоволства и новата вера | 29 |
| 3.3.3 | Лидерството на заедницата | 30 |
| 3.3.3 | Дополнителни актери со овозможувачки или портирски функции | 32 |
| 3.4 | Заклучни согледувања | 34 |
| 4 | **Непогодените заедници: Фактори и актери кои го спречуваат појавувањето на насилниот екстремизам** | 36 |
| 4.1 | Мапирање на непогодени заедници | 36 |
| 4.2 | Фактори и актери погодни за спечување на насилен екстремизам | 38 |
| 4.2.1 | Социјална кохезија и мултикултурализам | 38 |
| 4.2.2 | Граѓанското ангажирање преку активно граѓанско општество | 39 |
| 4.2.3 | Силно чувство на поврзувачки (национален) идентитет | 40 |
| 4.2.4 | Квалитетот на верското образование | 41 |
| 4.2.5 | Лидерство и координација помеѓу локални верски власти и државните функционери | 42 |
| 4.2.6 | 'Случајно' непогодени? Локални специфичности и историско наследство | 44 |
| 4.3 | Заклучни согледувања | 46 |
| 5 | **Програмирање за СНЕ: Релевантноста на програмите и врските со градењето на мир** | 47 |
| 5.1 | СНЕ програмирање и нејзината перципирано релевантност | 47 |
| 5.1.1 | Мапирање на постоечки иницијативи за СНЕ | 48 |
| 5.1.2 | Проценување на релевантноста на иницијативите за СНЕ | 51 |
| 5.2 | Поврзаност на програмирањето за СНЕ со градење на мир, помирување и социјална кохезија | 53 |
| 6 | **Отпорност на заедницата: Конечни согледувања и области за понатамошно истражување** | 56 |
| 6.1 | Отпорност на заедницата: давање смисла на нејасен концепт | 56 |
| 6.2 | Поттикнувачи на отпорноста на заедниците: синтеза на наодите на студиите на случај | 59 |
| 7 | **Препораки – Влезни точки за подобро програмирање за СНЕ** | 63 |
| 8 | **Референции и дополнителна литература** | 67 |

# Кратенки

| | |
|---|---|
| **БиХ** | Босна и Херцеговина |
| **ИАК** | Исламска Асоцијација на Косово |
| **БПК** | Босанско-Подрински Кантон (Босна и Херцеговина) |
| **С/СНЕ** | Спротивставување/Спречување на Насилниот Екстремизам |
| **ОГО** | Организации на Граѓанско Општество |
| **СБ/СТБ** | Странски борци/Странски Терористички Борци |
| **ГФАОЗ** | Глобален Фонд за Ангажирање и Отпорност на Заедницата |
| **БДП** | Бруто Домашен Производ |
| **ИЗ** | Исламска Заедница (Босна и Херцеговина) |
| **ИВЗ** | Исламска Верска Заедница (Македонија) |
| **ИД/ИДИЛ/** | Исламска Држава/Исламска Држава во Ирак и Левант |
| **ИСИС /** | Исламска Држава во Ирак и Сирија |
| **ОВК** | Ослободителна војска на Косово |
| **ИЗА** | Исламска Заедница на Албанија |
| **БИСА** | Блискиот Исток и Северна Африка |
| **НАТО** | Организација на Северноатлантскиот договор |
| **ОРД** | Охридски Рамковен Договор |
| **ОБСЕ** | Организација за Безбедност и Соработка во Европа |
| **УНДП** | Програма за Развој на Обединетите Нации |
| **USAID** | Агенција за Меѓународен Развој на САД |
| **НЕ** | Насилен Екстремизам |
| **ОНЕ** | Организации за Насилен Екстремизам |
| **ЗБ** | Западен Балкан |
| **ЗДК** | Зеничко Добојски Кантон (Босна и Херцеговина) |

# Извршно Резиме

Во последниве години, истражувачите од Западен Балкан имаат покажано се повеќе интерес за појавата на насилен екстремизам, особено откако регионот беше во меѓународниот фокус поради неговата позиција како главен европски извозник, по глава на жител, на доброволци кои се борат за радикални и екстремистички вооружени организации. Нивните досегашни увиди и препораки за политики биле основа за неколку државни стратегии и ги обликуваа законските мерки за спротивставување или спречување на насилен екстремизам (С/СНЕ). Досега, повеќето интервенции за С/СНЕ се фокусираа на безбедносни приоди од врвот надолу, со мала вклученост на заедницата. Истражувачите не идентификувале специфични влезни точки за дополнителни интервенции кои би ги поврзувале централните институции со локалните актери како што се училиштата и верските заедници, со цел навремено откривање на радикализација што води до насилен екстремизам, и нудење превентивни мерки за зајакнување на отпорност на ниво на заедницата.

Овој компаративен извештај нуди сознанија од заеднички истражувачки проект, комбиниран со иницијативи за дијалог со заедницата, спроведени во 2017/18 год. во четири земји од Западен Балкан: Албанија, Босна и Херцеговина, Косово и Македонија. Разбирливо, четирите земји вклучени во студијата имаат многу сличности кои се вкоренети во заедничките историски незадоволства, но исто така се поврзани со неразвиени економии, лошо владеење и административна дисфункционалност, национални и етнички тензии и нерешени прашања со идентитетот. Истражувачкиот проект се фокусираше на мезо ниво и се обиде да ги идентификува факторите на ранливост и отпорност на заедницата на насилниот екстремизам и да ги формулира и тестира препораките изготвени од градењето на мирот за делотворно спречување на насилен екстремизам (СНЕ). Со цел откривање и разбирање на она што ги прави заедниците отпорни на насилниот екстремизам, истражувачите ги анализираа карактеристиките на заедниците во одреден социо-економски, идеолошки и политички контекст.

Главната ‘цел’ на истражувањето беа погодени и непогодени заедници, со цел да е истражи и открие што е тоа што прави да одредена заедница се издвојува според својата способност (случајно или по избор) да спречи или се спротивстави на заканите на насилниот екстремизам, или да биде под влијание на идеолошки и/или физички форми на насилен екстремизам. Брзо стана јасно дека заедниците не се ниту потполно погодени ниту потполно непогодени – една непогодена заедница се уште може да ги има истите својства на ‘плодна почва’ како погодените општини и една погодена заедница може се уште да покаже својства на една отпорна заедница.

Истражувањето, исто така, ја анализираше сложеноста на примената на концептот на отпорност на заедницата во проучувањето на насилниот екстремизам и идентификуваше три фактори кои ја зголемуваат отпорноста на заедницата: свесност, дејство и став. Исто така, истражувачките екипи ја испитаа врската меѓу програмирањето за СНЕ и градењето на мирот, помирувањето и социјалната кохезија, и увидоа дека гледањето на СНЕ истражувањето преку објективот на градењето мир исто така подразбира потреба за вложување во алатки за анализирање на системски конфликти посебно наменети за трансформирање на насилниот екстремизам. Во текот на ова истражување стана очигледна потребата за ангажирање во подетални и контекстуални анализи на тоа како мотивите за конфликт и насилство се поврзуваат со мотивите на насилен екстремизам и поврзани полиња на отпор.

И на крај, овој компаративен извештај состави серија препораки за локалните и националните креатори на политики и за меѓународната заедница, веќе вклучена во проучување и поддршка за спречување на насилен екстремизам на Балканот и пошироко

# 1 Вовед

Земјите од Западен Балкан беа во меѓународниот фокус поради нивната позиција како главен европски извозник, по глава на жител, на доброволци кои се борат за салафистички џихадистички вооружени организации како ИСИС и Џабхат Фатах ал Шам (порано позната како Јабхал ал Нусра) [1]. Според тоа, регионалните истражувачи се ангажираа со зголемен интерес за оваа појава, особено во земјите кои се најпогодени од истата, како што се Босна и Херцеговина и Косово, но се повеќе и Македонија и Албанија. Досегашните сознанија и препораки за политики биле основа за неколку државни стратегии и ги обликуваа законските мерки за спротивставување или спречување на насилен екстремизам (С/СНЕ).

Сепак, не се доволно испитани причините зошто некои заедници се поранливи од другите од привлекувањето на групите поврзани со ИСИС или Ал Каеда, во регион кој не е познат по склоноста кон верски екстремистички тенденции, во споредба со конзервативни земји како Саудиска Арабија. Бидејќи повеќето интервенции за С/СНЕ досега се фокусирани на приоди за безбедност од горе надолу, со мало вклучување на заедницата, потребни се истражувања за да се идентификуваат точки на влез за дополнителни интервенции кои би ги поврзале централните институции со локалните актери, како што се училиштата и верските заедници, се со цел навремено откривање на радикализација и понуда на превентивни мерки за зајакнување на отпорноста на ниво на заедницата.

Овој извештај ги претставува и синтетизира компаративните увидувања од заедничкиот истражувачки проект спроведен во 2017/18год., во четири земји од Западен Балкан: Албанија, Босна и Херцеговина, Косово и Македонија. Екипата на проектот се состоеше од истражувачи од Фондацијата Бергхоф од Берлин, Институтот за Демократија и Медијација во Албанија, Атлантик Иницијативата од Босна и Херцеговина, Косовскиот Центар за Студии за Безбедност во Косово и Демокраси Лаб од Македонија. Финансиран од Министерство за надворешни работи на Сојузна Република Германија, овој проект се обиде да ги идентификува факторите на ранливост и отпорност кон насилниот екстремизам на заедниците, и да формулира и тестира препораки за програми за ефективно спречување на насилен екстремизам (СНЕ) на Западен Балкан и пошироко. [2]

Целта на овој воведен дел е да се изнесат дефинициите и да се понуди преглед на литературата за главните концепти користени во овој извештај, и да се опише методологијата по која се водеше процесот на истражување.

## 1.1 Позадина и образложение

*Распакување на појавата и етикетата на насилниот екстремизам*

И покрај популарноста во пораст на дисциплината за С/СНЕ, нејзините клучни поими и терминологија се проблематични бидејќи имаат тенденција да бидат нормативно оптоварени, поимно неисправни и емпириски непрецизни. За целите на ова истражување, свесно сме избрале да ја опфатиме терминологијата на насилниот екстремизам со цел да ги ангажираме заедниците за истражување и политики за СНЕ ‘од внатре’, додека се свесни за нејзините вродени ограничувања.

**Екстремизмот** овде ќе се разбере како секоја идеологија која се спротивставува на основни вредности и начела на општеството. *“Во контекст на либералните демократии ова може да се примени на секоја идеологија која се залага за расна или верска надмоќ и/или се спротивставува на основните начела на демократијата и универзалните човекови права“ (Neumann 2010).* Повеќето автори го разликуваат политичкиот од верскиот екстремизам:*“Политичкиот екстремизам (крајна левица и крајна десница) се однесува на мислењата и однесувањата на луѓето коишто се наклонети кон екстремни политички*

[1] Повеќето проценки покажуваат дека бројот на странските борци од Западен Балкан кои заминале за Сирија и Ирак до 2014 година е околу 900, што е помал од бројот на странски борци кои потекнуваат од земји како Франција (The Sufan Group 2015). “Значењето на оваа бројка станува очигледно во контекст на вкупното население на сите овие мали земји кое е помалку од деветнаесет милиони. Стапките на мобилизација во однос на големината на населението - особено во Косово, но исто така и во Босна и Херцеговина и Македонија - се далеку повисоки отколку во западноевропските земји, најмногу погодени од оваа појава.” (Shtuni 2016, 2.)

[2] Покрај интра-регионалната размена, проектот опфаќа и меѓурегионална димензија со повикување експерти од Западен Балкан, МЕНА регионот и Западна Европа за размена на увиди и научени лекции од политиките за спречување на насилен екстремизам преку отпорност на заедницата. Во мај 2018 и февруари 2019 година, во Берлин, се одржаа две работилници за меѓурегионална размена.

*промени, додека верскиот екстремизам се однесува на претерување во толкувањето на верски текстови и во практикување вера*" (Ароуа 2018, 5). Иако екстремистите не е неопходно да учествуваат во насилства (ibid., 9), фразата насилен екстремизам се користи во контексти кога екстремистичките гледишта се придружени со оправдување и употреба на екстремно насилство (како злосторства) против оние кои не го делат истото убедување или идеологија. Насилниот екстремизам може да се изрази од поединци или групи, преку говори или медиумски известувања, преку извршување на изолирани дејства на насилство во име на екстремистички идеологии, или физичко приклучување кон насилни групи.

Додека насилниот екстремизам може да се поврзе со секоја политичка или верска идеологија, поимот обично се изедначува со верско-инспирирано, и особено со насилство кое е со недржавна исламистичка-основа. На некој начин, ова истражување паѓа во истата замка, бидејќи посебно се фокусира на шаблоните преку кои одредени поединци се радикализираат преку прифаќање на исламските идеологии инспирирани од Салафисти/Вахабисти и се приклучуваат на џихадските организации како странски борци во Ирак и Сирија. Меѓутоа, низ целиот процес на истражување експлицитно ги препознавме, и се обидовме да ги откриеме, заедничките интеракции меѓу исламистичкиот насилен екстремизам и другите форми на политички (на пр. екстремно десничарски, националистички) екстремизам, кои придонесуваат кон нивната взаемна радикализација.[3] Од агол на градење на мирот, од особена важност е да се нагласат врските помеѓу појавата 'странски борец' и наследството на меѓугрупните конфликти што го разгоруваат. Како што е истакнато од Холмер и Бауман (2018а, 18) *"групите на насилен екстремизам често ги приврзуваат нивните агенди кон динамиката на постоечки конфликт и бараат прибежиште и можност во средини кои се лошо управувани и склони кон конфликти. Разбирањето на главните причини и динамиката што им овозможува на таквите групи да процветаат, бара објектив на анализа на конфликти и релевантни алатки за анализа на конфликти. Алатките од макро ниво кои ги испитуваат ОНЕ, без да ги земат во предвид нивните односи со друга конфликтна динамика, ризикуваат да подржат тесно замислени С/СНЕ интервенции кои немаат влијание и одржливост."*

### *Поттикнувачки фактори на насилниот екстремизам*

Најпопуларниот приод, досега, за проучување на појавата на насилниот екстремизам е да се групираат основните причини и поттикнувачки фактори во две главни категории:
1) притискачки фактори или структурни услови (пр. сиромаштија, незадоволства, недостаток на пристап до политичките процеси или правдата, долготраен конфликт); и 2) привлекувачки фактори или директни двигатели како што се идеолошки повик или финансиски и социјални придобивки од приклучувањето кон насилна група.

На микро ниво, сегашната агенда на истражување на насилниот екстремизам има тенденции да се фокусира на индивидуалните особини на радикализираните млади, на пример, преку истражување на улогата на когнитивните склоности во формирањето на маладаптивни, високо-ризични начини на размислување (Allan et al. 2015; Dandurand 2015). Објаснувањата на макро ниво за структурните причини на насилниот екстремизам се во изобилие. Најчесто цитирани основни причини на насилниот екстремизам опфаќаат политичко угнетување, општествено исклучување, државна репресија, релативна депривација, сиромаштија и глобализација (Sandbrook/Romano 2004; Berko/Erez 2007; Dandurand 2015 Desta 2016). Овие структурални објасненија означија помак од препишување на насилниот екстремизам само или првенствено на верските убедувања. Научниците исто така ја истакнуваат улогата на формирањето на идентитетот како движечка сила за процесите на радикализација (Bibliotheca Alexandrina 2006; Schmitt 2017; Search for Common Ground 2017), и идентификуваат други двигатели како што се родови улоги и чест (Atran 2006). Исто така истражувана е улогата на образованието, каде што дисфункционалните образовни системи не им овозможуваат на поединците критички да се ангажираат со предочената информација – посебно меѓу малцинските популации. Недостатокот на соодветно верско образование може понатаму да ги поттикне поединците да бараат поедноставена 'вистина' – да се исполнуваат со верски индоктринации за Исламот (или други системи на верување) – која му овозможува простор на екстремистичкиот наратив да дејствува.

---

[3] Во овој извештај, употребата на поимите "кумулативен" екстремизам и "реципрочна" радикализација ја изразуваат забелешката дека актуелната политичка поларизација не се случува во вакуум, но се почесто одговор на дејствата и дискурсот на друга група. Тие се од големо значење во една јавна дебата која се уште има волја да смета дека радикализмот и екстремизмот се вродени карактеристики на одредена вера, имено исламот.

Ваквите мулти-каузални објаснувања на повеќекратни нивоа се вистински одразени на Западниот Балкан, каде што слабите политички и економски институции предизвикаа одбивност во пораст меѓу различните заедници кон недостатокот на социјални перспективи и неисполнетото ветување за европска интеграција. Слабите институции произведоа исто така и очигледна неспособност на избраните влади да обезбедат социјални услуги и основна безбедност за обичните граѓани, што за возврат предизвика распространето чувство на незадоволство, недоверба и ранливост што доведе до намалување на легитимноста на владите. Недовербата кон државата и службените верски институции, проследени со недостатокот на силни врски во заедницата и чувството на припадност, ги прават поединците подложни на чувствата на неправда, дискриминација и дехуманизација кои се фаворизирани од контекстот на ‘цивилизациска безнадежност’ (Benhabib 2015), во изработка, со години, ако не и декади. Идентитетот, или недостатокот на јасен идентитет, исто така, беше проблем во многу од земјите од Западен Балкан. Историскиот контекст на регионот е нарушен со меѓуетнички конфликти и прашања на политички и социјални нерамноправности кои ги фаворизираат спротивставените идентитети и предизвикуваат нејасно разбирање на идеи како што се поимите за машкост и женственост. Недостатокот на веродостојни верски институции во некои од овие заедници, и појавата на други самопрогласени верски лидери и неформални институции (како пара-џамаат во Босна и Херцеговина, и такфиризмот во Косово и Македонија) го интензивираа проблемот.

Сегашната истражувачка литература за насилниот екстремизам е огромна и опфаќа низа дисциплини од студии за безбедност и тероризам до политички науки, образование, психологија, криминологија, бихејвиорални науки, неуронаука, социјална психологија, истражувања за мир и конфликт и развојни студии. Ова претставува посебен предизвик при подготвување на препораки за политики за спротивставување и спречување на насилен екстремизам, кои би одговарале на сите овие дисциплинарни увидувања, посебно откако НЕ се повеќе станува глобална појава и како таква бара пристап по специфичен случај и компаративен пристап, како и регионален фокус.

### *Од Спротивставување на НЕ до Спречување на НЕ: Пристап на градење на мир* [4]

Начелно, политичките пристапи кон појавата на НЕ во главно гледаа преку ограничени безбедносни објективи на тврда моќ, фокусирајќи се на иницијативи за СНЕ како би попречиле напори за регрутирање на насилни екстремисти. Концептот на СНЕ е вкоренет во зголемените напори за борба против тероризмот од страна на САД во пресрет на нападите од 11 септември. Во средината на 2000-те, сфаќајќи дека употребата на сила не е одржлив одговор на факторите кои предизвикуваат тероризам, американската влада истражи нови стратегии за адресирање на основните причини и прикриени услови на насилна радикализација(Heydemann 2014; Desta 2016). Самиот поим ‘СНЕ’ е релативно нов, но многу бргу се институционализираше, на пример, преку работната група на Глобалниот форум за контратероризам (ГФКТ), Фондот за глобално ангажирање и отпорност на заедниците (ФГАОЗ), Хедаја (Меѓународен центар за извонредност за спротивставување на насилниот екстремизам) и во многу национални бирократии. Во 2014 година, Советот за безбедност на ОН за прв пат го усвои јазикот на СНЕ во резолуција, како дел од неговиот одговор за појавата на волонтерството на странски терористички борци (СТБ) за влез во Исламската држава Ирак и Левант (ИДИЛ) во Сирија и Ирак.

За некои актери, напорите за СНЕ претставуваат напор за досегнување од актерите до безбедносниот сектор за добивање на информативни податоци и информации; за други, подразбира поширок спектар на напори за спречување, вклучувајќи и иницијативи од социјалните работници, едукатори и актери за развој, за кои традиционалните безбедносни актери можеби не сметаат дека се поврзани со борбата против тероризам. Насер-Едине и др. (2011) ги делат стратегиите са СНЕ меѓу стратегии на тврда и мека моќ. Првите се поделени во офанзивни стратегии (воени, полициско пристапување, законодавство) и одбранбени стратегии (разузнавање, заштита на инфраструктурата, кризно планирање и гранична безбедност). Вторите вклучуваат идеолошки, комуникативни, политички и социјални пристапи. Стратегиите на тврда моќ, земени одделно, се слични на класичните дејствија против тероризмот. Главното својство што ја разликува СНЕ од контра-тероризам

[4] Оваа под-точка е во голема мера инспирирана од еден внатрешен труд на Фондацијата Бергхоф за “Движење напред од спротивставувањето на насилниот екстремизам’ од авторите Карин Голднер, Мир Мубашир и Вероник Дидуе. Берлин 2016.

е додадената вредност на стратегиите на мека моќ.

Со преориентација на СНЕ од агендите на тврда моќ кон пристапите на мека моќ воден (или ко-предводени) со граѓанскиот сектор, кој темата ја разбира како социјално така и (или можеби дури и повеќе) како безбедносно прашање, ОН го воведе концептот на Спречување на Насилниот Екстремизам, поддржувајќи фокус кој што е повеќе спротивставувачки и од долу нагоре. Оттогаш, другите актери го следеа примерот и го интегрираа пристапот на ОН во нивните соодветни упатства и политики, стремејќи се кон спроведување на стратегијата 'цела влада' (Desta 2016). Затоа, во последниве години, политичките пристапи кон С/СНЕ се придвижија малку во насока на развој, градење на мирот и трансформација на конфликти преку фокусирање на промовирање на еднаквоста, вклученоста и начинот на употребување на моќта и споделените ресурси (Boutellis/Mahmoud 2017).

Денес, СНЕ претставува подрачје на теорија и практика кое редовно ги преминува дисциплинските граници и користи мноштво методологии и концепти. Додека студиите имаат тенденција за високо специјализирано гледиште кон темата, подрачјето покажува потреба за повеќе меѓу-тематски како и меѓу-државни и меѓу-регионални споредби. Таквите пристапи ветуваат значајни сознанија во врска со тоа што функционира, а што не, особено затоа што литературата на англиски јазик од погодените региони е неверојатно слабо снабдена. Додека двигателите на насилниот екстремизам може да бидат специфични за одреден контекст, она што ги прави заедниците отпорни на овие влијанија најверојатно може да се применуваат во различни околности (Douglass/Rondeaux 2017).

Досега, одговорот за спротивставување и спречување на појавата на НЕ во четирите избрани земји од Западен Балкан се состоеше од усвојување на ново законодавство кое во главно се однесува на финансирање на терористички дејства и изменување на кривичните законици, за да учеството во странски војни се смета незаконско. Овие чекори беа преземени по усвојувањето на Резолуцијата 2178 на ОН и како понатамошни поттици во процесите за пристапување во ЕУ и во НАТО. Во Албанија, владата го измени кривичниот законик со цел да овозможи пофлексибилно толкување на терористичките активности и да наметне поостри казни за сторителите. Владата, исто така, ја одобри Националната стратегија за борба против насилниот екстремизам и последователен Акционен план (Кривичен законик на Република Албанија 1995, Совет на министри 2015). Во Босна и Херцеговина, националната стратегија го препознава прашањето за радикализација што води до насилен екстремизам, но останува без 'заби', бидејќи акциониот план што произлегува од него не е имплементиран. Во Косово, со изготвувањето на Националната стратегија за спречување на насилен екстремизам и радикализација што води кон тероризам од 2014 година, која беше одобрена во 2015 година, владата презеде неколку чекори кон спротивставување и спречување на НЕ. Стратегијата беше проследена со Акционен план. Во Македонија, усвојувањето на Националната стратегија и акциониот план на владата за спротивставување и спречување на НЕ заостанува во споредба со другите земји. До февруари 2018 година не беше усвоена Националната стратегија, а не беше назначен ниту координатор за С/СНЕ. (Националните пристапи кон С/СНЕ се разгледани подетално во делот 5)

Овој краток преглед на постојните политики и акциони планови во Западен Балкан покажува дека, досега, малку внимание се посветувало на долгорочното спречување на насилниот екстремизам воден од заедниците. Ова истражување беше втемелено врз потребата за развивање на цврсти и емпириски-базирани превентивни пристапи, и има за цел да придонесе кон овој напор преку анализирање и предлагање пристапи за СНЕ водени од заедницата, повеќе од перспектива на градење на мир, отколку безбедносна перспектива.

### *Фокус на истражувањето: ранливи и отпорни заедници*

Врз основа на идентификуваните научни и политички развивања во полето на СНЕ во Западен Балкан, истражувачките екипи заеднички го развија и усовршија целокупниот проектен фокус и истражувачките прашања, со цел да се осигурат дека проектот нема да повтори истражување кое е веќе спроведено од проектните партнери или други истражувачки институции во регионот. По темелното испитување на постојните истражувачки празнини, се согласивме дека:

- 1) сегашните дискусии за СНЕ се уште се претежно фокусирани на извршните и судските овластувања, додека фокусот врз перспективите на заедницата или придонесот во иницијативите од долу нагоре во главно недостасуваат;
- 2) многу студии за СНЕ се се уште преокупирани или со индивидуално профилирање или со проценката на ризикот или со структурални објаснувања на макро ниво, додека социјалната анализа на мезо ниво, фокусирана на заедницата и сродството или мрежните фактори, е најчесто отсутна; [5]
- 3) повеќето емпириски истражувања во Западен Балкан се фокусираа на ранливите 'жаришта' на насилниот екстремизам, додека сè уште има многу мали обиди да се разбере што би можело да објасни зошто одредени заедници се чини дека се отпорни на привлекувањето за насилниот екстремизам, иако тие може да изгледаат како 'плодна почва' за регрутери и претприемачи за насилство, со оглед на нивниот социо-економски состав.

Следните дефиниции ќе се употребат за целите на оваа студија: ранлива заедница е "неспособна или немоќна да предвиди, да се справи, спротивстави или закрепне од екстремизам." (Qirjazi/Shehu 2018, 35). "Може додатно да се дефинира со "недостатокот на волја или мобилизација за интервенирање или про-активно ангажирање на заедницата за адресирање на насилниот екстремизам. Ова може да биде функција на недостатокот на неопходните механизми за мобилизација, недостаток на поттици за заедничко работење, или тензии меѓу засегнатите страни кои ги спречуваат да ги адресираат сеопфатно предизвиците со кои може да се соочи заедницата." (Jakupi/Kraja 2018, 9) Од своја страна, една заедница станува отпорна "после интервенцијата на заедницата или активното ангажирање на разни засегнати страни на заедницата кои имаат одредени овластувања, или да спречат, или да се спротивстават на насилниот екстремизам. Затоа, отпорноста подразбира свесност за проблемот од разни засегнати страни во една заедница и нивното здружено дејствување против одредена појава. Исто така, го вклучува ставот на заедницата кон таква појава и нивната реакција во пресрет на појавување на дејство на насилен екстремизам, или настани перципирани како такви кои што водат кон неговото појавување"( ibid.).

Врз основа на севкупните дефиниции на насилниот екстремизам, СНЕ, ранливоста и отпорноста на заедницата, кои штотуку беа опишани, главните истражувачки прашања се формулирани како што следи:

| **Главни истражувачки прашања кои го водеа проектот:** |
|---|
| 1. Кои се клучните фактори на заедницата за отпорност или ранливост на поединци и групи кои развиваат насилни екстремистички убедувања и се приклучуваат кон насилните екстремистички странски групи? |
| 2. Кои актери влијаат на ранливоста или отпорноста на заедницата кон насилниот екстремизам, и како тие ја обликуваат таквата динамика? |
| 3. Која е значајноста на постојните програми за СНЕ на Западен Балкан во адресирањето на актуелните фактори на ранливост или отпорност на заедницата кон насилниот екстремизам? |
| 4. Кои врски може да се идентификуваат помеѓу активностите за СНЕ и напорите за градење мир и помирување на Западен Балкан? |
| 5. Кои се клучните влезни точки за подобрено програмирање за СНЕ и одговори во Западен Балкан? |

[5] Една неодамнешна вежба за попис, на пример, набројува меѓу своите главни наоди: "Користени се многубројни и разни концептуални рамки и аналитички модели да се разбере НЕ и да се дизајнираат интервенции и стратегии кои спречуваат или се спротивставуваат на насилниот екстремизам. Овие алатки може да се поделат во две општи категории или нивоа на анализа: алатки на микро ниво, кои првенствено се фокусираат на поединци и алатки на макро ниво, кои се фокусираат на групи и контексти на НЕ." (Holmer/Baumann 2018, 4.) Во истиот текст, авторите наведуваат: "И покрај значајното влијание на динамиката на групата, социјалните односи и мрежите врз радикализација, постојат неколку аналитички алатки кои им помагаат на креаторите на политиката и дизајнерите на програмите во проценувањето, мапирањето или евалуирањето на социјалните врски и односи кои влијаат да поединците и групите одат кон или оддалечат од дејствата на НЕ и насилните екстремистички организации." (ibid, 5)

## 1.2 Методологија

Како што е опишано погоре, главниот аналитички фокус на студијата е на заедниците (во социјална и административна смисла) кои се засегнати од опипливата појава на насилниот екстремизам на различни степени. Има истражувачки став, бидејќи досега е направено малку работа која експлицитно ги вклучува перцепциите и искуствата на локалната заедница. Има партиципативен пристап, бидејќи беше спроведена во тесна соработка со локалните истражувачи, и е од квалитативна природа, бидејќи се потпира претежно на полуструктурирани интервјуа и анализа на фокус групи.

Методолошкиот пристап на целокупниот проект содржи четири компоненти, имено:

(1) спроведување на детална студија на случаи и компаративно истражување со цел испитување на причините зошто во едно специфично место и општествена заедница, луѓето, а посебно младите, се радикализираат и како последица го прифаќаат насилниот екстремизам (или зошто не го прават тоа);

(2) подржување на размена на совети од меѓу-државни и меѓу-регионални колеги за тоа како најдобро да се адресира насилниот екстремизам преку програмирање за СНЕ;

(3) формулирање, презентирање и ширење на политички/практични препораки за значајните локални, национални и регионални актери за тоа како да дизајнираат програми кои ќе ги адресираат различните актери и фактори на насилниот екстремизам на Западен Балкан, истовремено придонесувајќи кон регионалните напори за помирување; и

(4) тестирање на овие препораки преку четири пилот дијалози меѓу државните и верските институции, претставниците на младите и релевантни организации на граѓанското општество, како и преку активности кои досегаат до највлијателната меѓународна заедница.

*Операционализирање на истражувачките прашања*

Со цел дефинирање, избор и операционализирање на заедниците и истражувачките цели, истражувачите идентификуваа заеднички критериуми меѓу четирите истражувачки екипи, со цел да се обезбеди споредливост на податоците, а истовремено да се посвети посебно внимание на специфичниот контекст на секоја земја и заедница која е дел од студијата.

Со главната цел на ова истражување кое беше да се идентификува и да се разбере што е она што ги прави заедниците отпорни на НЕ, истражувачите се обидуваа да ги анализираат карактеристиките на заедниците во одреден социо-економски, идеолошки и политички контекст. Заедницата, во поширока смисла, е разбрана како “жени, мажи, општествени групи, и институции основани на иста географска зона и/или заеднички интереси” (Turcalo/Veljan 2018, 27) Главната единица за анализа беше општината, [6] бидејќи според нашето разбирање, општините обезбедуваат добра застапеност на социо-економската и социо-политичката ‘заедница’, бидејќи тие служат како место за средби за локалните заедници, државните институции и другите заинтересирани агенции (младински групи, локални верски водачи, полициски служби, градски совети итн.). На тој начин, општините како единици за анализа обезбедуваат соодветна рамка за опфаќање на географската или административната заедница во која релевантните државни и локални институции ќе комуницираат со културната заедница.

Понатаму истражувачите се согласија да направат разлика меѓу погодените и непогодените заедници. Оваа терминологија беше избрана со цел да не се претпоставува дека заедниците кои покажуваат симптоми на насилен екстремизам автоматски се сметаат за ранливи, или дека заедниците кои не покажуваат никакви (надворешни) симптоми на насилен екстремизам автоматски се прогласуваат како отпорни. Поради тоа, една погодена заедница се подразбира како заедница “која е нарушена од човечки, материјални, економски или еколошки загуби; во овој случај, заедница врз која влијаела радикализација“ (Turcalo/Veljan 2018, 27). Разбирањето на една погодена заедница во ова истражување е заедница врз која влијаеле идеолошките и/или физичките форми на насилен екстремизам, како што се: продорна радикална идеологија, идеолошки мотивирани насилни дејствија, зачестеност/случаи на странски борци кои потекнуваат од заедницата и присуство на актери кои ја негуваат ранливоста кон насилен екстремизам (Qirjazi/Shehu 2018). Во некои погодени

[6] Исклучок е студијата за случај на земја во Босна и Херцеговина, која се фокусира на кантоните. Истражувачите (Turcalo / Veljan 2018, 3) истакнуваат: “Треба да се напомене дека овие студии на случај ги вклучуваат целите кантони, од три причини. Прво, нема општини, освен изолирани места како што се Горња Маоча во Тузланскиот кантон или Ошве во ЗДК, кои би можеле да се издвојат врз основа на критериумите користени за дефинирање на погодените заедници. Второ, салафистите, особено оние кои заминале во Сирија и Ирак, многу се движат и често ги посетуваат параџаматите во различни кантони. Трето, многу салафисти не се придржуваат кон Законот за престој, што значи дека тие се регистрирани во една општина, но живеат во друга.” (види Azinović/Jusić, 2016: 36).

општини, субјективната перцепција на заканата значително се разликуваше, каде што некои членови на заедницата ги гледаа нивните општини како непогодени од заканата од НЕ, што на долг рок може да има негативен ефект врз нивниот живот. (Делот 3 дополнително ќе го објасни овој парадокс.)

Спротивно на тоа, една непогодена заедница се подразбира како заедница која не покажува видливи знаци на радикализација или насилен екстремизам. Бидејќи истражувачите на овој проект имаа за цел да истражуваат и да идентификуваат што ја прави одредена заедница да се издвои со својата способност (случајно или по избор) за да спречи или да се спротивстави на заканите на НЕ, тие дознале дека некои од овие општини ја делат истата 'плодна почва' како и погодените општини. (Овој парадокс е дополнително опишан во делот 4 преку анализа на конкретниот збир на фактори и актери кои играат клучна улога во придонесувањето кон оваа непогоденост.)

При изборот на специфичните општини кои беа истражувани беа применети неколку критериуми:

Првобитен показател:
- Број на странски борци (поединечни заминувања од заедницата во Сирија и Ирак) по глава на жител (високо/ниско за погодените/непогодени заедници, соодветно)

Дополнителни показатели:[7]
- Број на регрутери и проповедници кои законски се гонат (висок или низок)
- Верски мотивирани екстремистички дејства како што се кривични дела од омраза и други инциденти (висок или низок)
- Број на пара-џамаати (неформални/паралелни конгрегации доминирани од салафисти кои не се дел од службената исламска заедница на Босна и Херцеговина) (присутни или не).

При изборот на истражувачки локации, истражувачите имаа за цел да се фокусираат на заедниците кои претходно не биле доволно изучувани, со цел да се минимизираат ефектите од замор од истражувањата меѓу локалните соговорници. Врз основа на овие критериуми, 11 општини беа избрани во четирите земји: Албанија, Босна и Херцеговина, Косово и Македонија

*Табела 1: Избрани засегнати и незасегнати заедници по држава*

| Држава | Погодени заедници | Непогодени заедници |
| --- | --- | --- |
| Албанија | Тирана (три населби) | Каваја ("релативно непогодена")<br>Корча ("релативно непогодена" со поголем потенцијал на ризик) |
| Босна и Херцеговина | Зеничко Добојски Кантон (ЗДК)<br>Кантон Сараево (КС) | Босанско-Подрински Кантон (БПК) |
| Косово | Елез Хан<br>Митровица = (неистражувана детално) | Дечани |
| Македонија | Чаир (Скопје) | Струга ("релативно погодена")<br>Гостивар ("умерено погоден") |

7 Почетната листа на индикатори беше заеднички изработена на состанок на истражувачите во Тирана во октомври 2017 година (архивиран записници со авторите). Неколку дополнителни индикатори кои беа предложени се одлучи да не се користат, бидејќи собирањето податоци за да се утврди нивната насока се покажа како премногу тешка. Меѓу нив беа индикатори за 'ненасилен екстремизам', како што се донации од надворешни салафистички или вахабистички групи (постојат или не) и фреквенција на ширење на онлајн радикализација/говор на омраза (висока или ниска).

Врз основа на преглед на литература и претходни студии на истражувачките партнери комбинирани со групните дискусии, се идентификуваа низа познати фактори и актери за кои се верува дека влијаат врз нивото на погоденост или непогоденост на заедниците. Овие фактори и актери се наведени на следниов начин:

*Табела 2: Референтна листа на фактори и актери*

| Листа на Фактори и Актери како што е првично усогласена во Тирана (Октомври 2017) | | | |
|---|---|---|---|
| **Заеднички фактори:** | **Фактори специфични за земјата:** | **Локални актери кои се претпоставува дека имаат негативна улога со влијанието врз погодените заедници:** | **Локални актери кои се претпоставува дека имаат позитивна улога во непогодените заедници:** |
| - Доверба во политичките институции<br><br>- Доверба во формалните верски институции<br><br>- Транспарентност, реагирање, пристапност на локалните институции и јавните служби<br><br>- Социјална кохезија: Недостаток (или присуство) на силни врски во заедницата, доверба во соседите и чувство на припадност кон заедницата/земјата<br><br>- (Недостаток на) идентитет<br><br>- Меѓународно присуство (МНВОа, проекти на амбасади итн.)<br><br>- Активности на социјалните мрежи кога граѓаните бараат одговори за теолошки прашања<br><br>- Идеи за женственост и машкост/родови улоги<br><br>- Историски контекст<br><br>- Локален контекст | -Взаемен (верски наспроти национален/ етнички) екстремизам (Босна, Косово, Македонија)<br><br>-Социјално влијание врз посттрауматското стресно нарушување и воено наследство (Босна, Косово)<br><br>-Соработка (или недостиг на истата) со полицијата (Македонија) | - Одредени салафистички/ вахабистички, проповедници особено “проповедници на Јутјуб“<br><br>-Салафистички добротворни и НВОа активни во заедницата (Босна, Косово) | - Умерени/ традиционални проповедници кои се гласно активни (во џамии и на социјални медиуми) против НЕ<br><br>- Исламските заедници кои наоѓаат заеднички јазик за заедничко делување против насилниот екстремизам<br><br>- Локалната администрација/влада<br><br>- Наставници /системи на основни и средни јавни училишта (особено во Босна, каде што верата се изучува на училиште)<br><br>- Младински групи и локални младински совети<br><br>- Родители (на пример, локални механизми во училишниот систем за родителските совети)<br><br>- ОГОа и локални граѓански здруженија кои обезбедуваат воннаставни активности и иницијативи на граѓанско учество<br><br>- Локалните медиуми кои емитуваат контра-наратив за екстремистичките проповедници<br><br>- Механизми за упатување (на пример, пилотирање во Косово) |

Исто така, екипите заеднички ја дискутираа операционализацијата на истражувачките прашања 3 и 4. Што се однесува до инцијативите за СНЕ, се сметаше дека оценувањето на нивната објективна делотворност ќе биде особено предизвикувачко, додека пак подготвувањето на проектот добро послужи за проценка на релевантноста на овие програми преку поставување прашања како што се: Дали програмите за СНЕ се усогласени со идентификуваните фактори и актери на (не)погоденост? До која мера се свесни заедниците за националните стратегии за СНЕ и различните иницијативи за СНЕ финансирани од меѓународни агенции? Дали овие иницијативи досегаат до истражуваните заедници? Дали консултираат локални актери при подготвувањето, спроведувањето и евалуацијата на активностите?

Во делот 5 ќе се објаснат предизвиците со кои се соочивме при подготвувањето на теренските работни планови за адресирање на прашањето 4. На крај, последното истражувачко прашање ќе се адресира преку препораките за силни програмски дизајни за СНЕ, опишани во Дел 7, кои беа формулирани од истражувачките екипи во блиска консултација со истражуваните заедници (преку нивното дискутирање во текот на работилниците за пилот дијалог одржани во една од истражуваните општини).

*Методи на собирање податоци*

Како дел од одговорностите при подготвување на истражувањето, екипите од секоја земја беа задолжени да ги одберат најсоодветните методи за мерење и анализа на факторите и актерите за (не)погоденост на истражуваните општини. На почетокот на студијата во секоја земја се прегледани секундарни извори преку прегледи на литература (базирање на претходните истражувања на партнерите на оваа тема) и консултации со статистички бази на податоци и истражувања. Следеше собирање на првичните податоци, почнувајќи со архивско истражување (пр. судски записници), поединечни полуструктурирани интервјуа (просечно 10-20 интервјуа по општина со клучни информатори), две до четири фокус групи по општина, партиципативно и не-партиципативно набљудување [8] и стручни интервјуа каде што беше потребно тестирање на хипотези или продлабочување на разбирањето.

Методите користени за анализа на податоци вклучија мапирање, анализа на наративот и дискурсот/содржината. Трендовите и сличностите беа идентификувани и групирани од записниците на интервјуата и збрани за често спомenuваните фактори на отпорност и ранливост. Наодите потоа беа споредени со истражувачките трендови и експертски ставови за одбраните случаи, и изложени на разгледување од колеги и дискусија со истражуваните заедници.

Конечно, наодите од поединечните земји беа критички дискутирани и преработени на редовни состаноци меѓу екипите на четирите истражувачки партнери, екипата на фондацијата Бергхоф со седиште во Берлин и избраните рецензенти. Сегашнава компаративна анализа се потпира врз наодите на земјата, потпирајќи се на сличностите и различностите како што се појавуваат од контекстуализираните наоди од квалитативното истражување од нашите локални партнери.

## 1.3 Структура на извештајот

Во следниот, дел 2 на овој извештај се презентира краток преглед на регионалниот контекст на Западен Балкан и заедничките историски незадоволства. Делот 3 ќе се продлабочи во факторите и актерите за кои е утврдено дека ја обликуваат погодената заедница, додека делот 4 ги разгледува карактеристиките кои се појавуваат во непогодените заедници. Делот 5 ја разгледува моменталната состојба на програмирањето за СНЕ и неговите (слаби) врски со градењето на мир и помирувањето. Дел 6 нуди размислувања за наодите, особено нашите увиди за прашањето на отпорноста, и ги идентификува областите за понатамошни истражувања. Извештајот се заклучува со препораки за подобри влезни точки и подобрени програми за СНЕ во иднина.

8 "Ова вклучуваше присуство на осум јавни предавања од (машки) салафистички проповедници и неколку предавања од женски проповеднички. Понатаму, еден истражувач редовно ги посетуваше приватните предавања од истиот салафистички проповедник од еден пара-џамаат во текот на три месеци, со намера да ја следи динамиката на групата и да го процени интересот на членовите за верски прашања, нивните ставови кон нивните лидери и нивното однесување кон надворешни лица. Овој истражувач учествуваше на собири по предавањата за да дискутира за актуелните настани и верски прашања со некои членови на групата." (Turcalo/Veljan 2018, 6.)

# 2 Регионален контекст и заедничките историски незадоволства

Овој дел има за цел да ја постави појавата на насилен екстремизам, во рамки на локален и регионален контекст во четирите земји на Западен Балкан, кои се фокусот на студијата. По кратка регионална перспектива, ќе ја разгледа историската позадина која доведе до појавување на екстремистички идеологии и феноменот на странски борци во сите четири земји ќе ги мапира нивните тековни демографски и социо-економски карактеристики.

*Регионален контекст*

Иако Западниот Балкан има многу заеднички 'притискачки и привлекувачки фактори' на насилниот екстремизам со другите региони како што се МЕНА или Западна Европа, она што се истакнува е  неуспехот на националноста и градењето на држава по распаѓањето на Југославија, особено во Босна и Херцеговина и Косово, и тешкотиите што ги доживуваат сите четири кревки општества.

Четирите земји истражувани во оваа студија делат многу заеднички карактеристики вкоренети во заедничките историски незадоволства, но исто така се поврзани со неразвиени економии, лошо владеење и административна дисфункционалност, национални и етнички тензии и нерешени прашања поврзани со идентитетот. Овие земји, исто така, го делат присуството на значајни автохтони муслимански популации кои во последниве години биле изложени на различни толкувања на исламот, како и влијанието на некои добротворни организации од Блискиот Исток во нивните напори за прозелитизација и регрутирање (Becirevic et al., 2017).

Пред војните во 1990-тите, речиси и да немаше било какви фундаменталистички движења инспирирани од исламот. Со падот на комунизмот и распаѓањето на Федерацијата на Југославија, при што многу бивши републики претворени во држави претрпеа конфликт во комбинација со политичка нестабилност и економски дисфункции, се отвори простор за религиозно заживување. Во тек на ерата на функционална југословенска федерација, официјалната исламска заедница беше централно организирана и следеше само една школа за мисла, само Ханафи школата. Исламската заедница на Југославија имаше едно обединето разбирање и практикување на исламот, за разлика од сега, кога многу школи на мислата може да се каже дека се вкоренети преку параџамаати или други форми на интерпретации и прозелитизација.

Регионот на Западен Балкан е оштетен од случаи на странски борци кои се приклучуваат кон насилни групи надвор од нивните земји од 2011 година. Вкупно 920 странски борци заминаа од земјите од Западен Балкан; повеќето се од Косово, потоа следат Босна и Херцеговина, Македонија и Албанија (Azinovic 2018).

Се уште е непознато точно кои се главните причини и двигатели на оваа појава во еден регион со толкава блискост со Европа, не само географски, туку и во однос на процесот на пристапување кон Европската унија. Албанија е земја кандидат за членство во ЕУ на пат кон преговори за нејзиното пристапување кон ЕУ. Македонија е земја-кандидат од 2005 година, а во јуни 2018 земјата доби препорака да започне преговори за пристапување кон ЕУ. Како резултат на договорот со Грција за промена на името и ратификацијата на Преспанскиот договор, Македонија, најверојатно, ќе стане членка на НАТО во текот на 2019 [9] година. Географската близина со Европа, членството во поголемите безбедносни организации како НАТО и тековниот процес на интеграција во ЕУ, на сите земји од Западен Балкан, не го изолираат регионот од појавата на насилен екстремизам. Напротив, неизвесниот процес на пристапување кон ЕУ создава криза на идентитет и припадност и чувство на неизвесност за иднината (особено за младите луѓе).

[9] Во овој извештај, за олеснување на читањето, го користиме името Македонија за да се повикаме на земјата претходно наречена ПЈРМ, а сега Северна Македонија.

*Национални контексти*

Населението во Босна и Херцеговина е проценето на 3.8 милиони, од кои 50.7 отсто и припаѓаат на муслиманската вера, 30.7 проценти на православната црква и 15.2 проценти се католици. Невработеноста на младите во Босна е највисока во регионот, 63 проценти. Животните стандарди во регионот се значително пониски отколку во Европа, со БДП по глава на жител од приближно пола од онаа на земјите-членки на ЕУ од Источна Европа (Becirevic et al. 2017).

За разлика од другите истражувани земји, во Босна и Херцеговина поимите радикализација и насилен екстремизам се тесно поврзани со салафизмот. Историските причини и социјалните двигатели на денешниот верски радикализам можат да се проследат до 1990-тите, а појавата во голема мера е егзогена за босанското општество (Azinovic/Jusic 2015, 2016). Иако првите заминувања на странските борци во Сирија и Ирак беа евидентирани во 2013 година, движењето Салафи и прозелитизацијата на ова движење постоеја уште од војната што избувна во 1992 година. Иако војната во Босна заврши во 1995 година по договарање и потпишување на Дејтонскиот (САД) договор од политичките претставници на Босна, Хрватска и Србија, босанското општество е се уште длабоко погодено од размерот и обемот на конфликтот, и земјата останува високо поларизирана по етнички линии, и оштетена од лошите практики во политиката и владеењето. Кршливоста на босанското општество овозможи зголемено присуството на радикализирани групи и поединци. Единицата на муџахедините, првично со седиште во Зеничко-Добојскиот кантон со ‘мисија’ за ширење на ‘вистинското значење’ на исламот, можеше да функционира ‘непречено’ и да ги комбинира своите дејствија со активностите на различни салафистички хуманитарни организации. Охрабрувачката средина да салафистичкото движење и хуманитарните организации се вкоренат и просперираат, беше дополнително овозможена од структурната и финансиската слабост на официјалната исламска заедница во Босна и со поддршката што овие групи ја добиваа, во разни форми, од поединци и организации со седиште во земјите од Заливот. Салафистите успеале да основаат илегални конгрегации, познати како пара-џамаати, вон рамката на официјалната исламска заедница, каде што практикуваат и проповедаат ислам ‘кој се карактеризира со ригидност и редукционизам’, непозната форма за босанските муслимани од порано(Turcalo/Veljan 2018).

Косово, мала земја од околу два милиона жители, беше извор на најголем број странски борци по глава на жител во регионот: до денес, 400 косовски државјани патувале кон конфликтни зони во Сирија и Ирак (Jakupi/Kraja 20). Речиси 90 проценти од населението се муслимански верници според Ханафиската школа за исламот. Точните водечки причини за неодамнешниот процес на радикализација не се познати, иако неколку притискачки и привлекувачки фактори се идентификувани како придонес кон појавувањето на феноменот на НЕ, од крајот на 1990-тите. Косово, како и другите земји во оваа истражување, страда од недоволен економски развој, недостаток на доверба кон локалните и централните институции, недостаток на соодветен образовен систем, лоши пракси на управување и недостаток на политичка одговорност. За разлика од другите земји, и покрај веќе очигледните проблеми, Косово пати и од недостатокот на меѓународниот легитимитет поради еднострано прогласување независност во 2008 [10] година. Исто така, Косово е единствената земја на Балканот која не ужива безвизен режим за патување во Европа и повеќето земји во светот. Не само дека се чувствуваат изолирани, туку Косово и нејзиниот народ исто така живеат под оспорената државност со спорниот територијален интегритет - северот на Косово е дом на 50.000 косовски Срби кои одбиваат да ја прифатат власта на Приштина и наместо тоа бараат водство од Белград. Дополнително, Косово е дом на најмладото население во Европа, со невработеност кај младите, проценета на 52,7 проценти (Агенција за статистика на Косово ). [11]

Косовските институции имаат реагирано против заканите од насилен екстремизам на различни начини, во главно преку измена на законодавството и истражувања и поднесувања на обвиненија против многу лица осомничени дека имаат врски со насилен екстремизам. Претставниците на исламската заедница сметаат дека косовските институции не дејствувале навремено за да го запрат феноменот. Според мислењето на едниот од нивните службени лица “дел од вината лежи во косовската влада поради тоа што не дејствувала против таквото надворешно религиозно влијание, што ја зафати земјата веднаш по војната

[10] До денес, околу 120 земји го признаа Косово како независна држава. Оние кои не ја признале новата држава се пет земји-членки на ЕУ и две членки на Советот за безбедност на ОН кои ја доведуваат во прашање легитимноста и одржливоста на ентитетот.

[11] http://ask.rks-gov.net/en/kosovo-agency-of-statistics

со Србија 1998-1999год, во раните денови на основањето на протекторатот на ООН на Косово и во наредните години, кога локалните институции почнаа да се обликуваат" (Jakupi/Kraja 2018, 9).

Македонија, според последниот попис, спроведен во 2002 година, има население од околу два милиони, со 65 проценти етнички Македонци како најголема етничка група, 25,17 проценти етнички Албанци и Турци со 3,85 проценти, како и други мали етнички групи. "Верското убедување е претежно поделено по етнички линии, при што повеќето етнички Македонци го практикуваат Источното Православие, а етничките Албанци го практикуваат Исламот" (Stojkovski/Kalajdziovski 2018, 3). Очигледно, различни етнички и верски групи отсекогаш биле дел од социјалната структура на Македонија, која стекна независност од Југославија во 1991 година. Иако во тоа време тензиите беа високи, Македонија успеа да ги избегне етничките војни што се случија во текот на 1990-тите во регионот. Сепак, општествената поларизација по етнички и политички линии е присутна и до ден-денес со различни интензитети. Етничките тензии меѓу Македонците и Албанците кулминираа во 2001 година со вооружени судири меѓу албанските бунтовници и македонските безбедносни сили. Кратко потоа, под покровителство на меѓународната заедница беше воспоставен мир. Произлезениот Охридски рамковен договор (ОРД) ги зголеми правата на Албанците во Македонија и содржеше одредби за поделба на власта. Сепак, наративи за незадоволство истрајуваат и ден-денес, така што Албанците тврдат дека се политички, социјално и економски исклучени од македонскиот граѓански живот, а Македонците стравуваат од територијални загуби, како и од губење на нивниот мнозински статус (Stojkovski/Kalajdziovski 2018). Различни групи ги искористија овие незадоволства со цел да поттикнат радикализација што води до насилен екстремизам. Како и другите истражувани земји, Македонија, исто така, страда од невработеност на младите, недостаток на перспективи, лошо владеење и недостаток на развој, владеење на правото и политичка одговорност. Сето ова, надополнето со недостатокот на власт на официјалното тело на Исламската заедница, резултира со овозможување на средина за разни (нелегални) верски групи да се појават и да организираат пара-џамаати преку кои ја ширеа својата интерпретација на исламот. За разлика од Босна, насилниот екстремизам во Македонија се смета за домашна појава. Првите случаи на странски борци од Македонија беа евидентирани во 2013 година, а големо мнозинство беа етнички албански муслимани.

Албанија, за разлика од другите земји избрани за ова истражување, не беше дел од поранешна Југославија и не страдаше од војните во 1990-тите. Сепак, по речиси 50 години од комунистичкото владеење, во март 1992 година, првите демократски избори ги испратија комунистите, а Демократската партија освои мнозинство места во парламентот, во еден контекст на економски колапс и социјални немири. Дури и по повеќе од 25 години плуралистичко и демократско владеење, Албанија сè уште е земја во транзиција, која страда од многу социо-економски и политички предизвици. Недостатокот на развој, добро владеење и владеење на правото, дополнето со високите степени на корупција и недоволната политичка одговорност, го попречија и го забавија напредокот на Албанија во процесот на пристапување кон ЕУ, иако земјата доби членство во НАТО во 2009 година. Албанија има население од 2,8 милиони и четирите најголеми верски заедници се муслимани (57 проценти), католици (10 проценти), православни (7 проценти) и бекташи (2 проценти) (Албански институт за статистика 2011). [12]

Во време на комунистичкиот режим, Албанците немале слобода да ја практикуваат верата во јавност, а местата и центрите за богослужба биле или уништени или затворени. Во 1967 година, Албанија беше официјално прогласена за единствена атеистичка земја во светот. Денес, верата нема значајна улога во животот на повеќето Албанци, а националниот идентитет преовладува како најсилна карактеристика која ги поврзува граѓаните едни со други. Ова позитивно влијае врз верската толеранција, при што над 80 проценти од Албанците веруваат дека 'националните чувства ја поттикнуваат верската толеранција' (Vurmo et al., 2018, 25). Како во Косово и Македонија и за разлика од Босна и Херцеговина, корените на верската радикализација која води до насилен екстремизам и појавата на странските борци

[12] Сепак, според Ќирјази и Шеху (2018), проценките за верското здружување во Албанија се разликуваат; Истражувањата на Пју за Мапирање на глобалното население (2012) ги проценуваат албанските муслимани на 80 отсто од населението во земјата, додека Светската книга на факти од Централната разузнавачка агенција на Соединетите Држави идентификува само 60 отсто од населението што припаѓа на муслиманската вера.

во Албанија, не лежат во движењето на муџахедините. Може да се тврди дека зголемената слобода на верата како и подемот на салафизмот во земјата, отворија простор за различни толкувања на верата, кои се разликуваат од традиционалните практики на исламот, (Becirevic et al. 2017). Во комбинација со други социо-политички и социо-економски фактори, ова, исто така, овозможи влез за радикални проповедници. Различните толкувања на исламот и овозможувачката средина што прифати различни групи, исто така, се одрази и на статутот на муслиманската заедница на Албанија (МЗА) од 2005 година, кој како главна цел наведува '[да]се разбуди и зајакне исламската вера меѓу муслиманските верници и да се всади љубов кон татковината', додека претходно статутот на МЗА имаше едноставна цел да 'се всади љубов кон татковината' (Qirjazi/Shehu 2018).

После овој краток преглед на националниот контекст на четирите земји од Западен Балкан, следните два дела ќе ја анализираат појавата на насилен екстремизам низ призмата на избрани случаи на погодени или непогодени општини.

# 3 Погодени заедници. Фактори и актери кои овозможуваат појавување на насилен екстремизам

Овој дел ги истражува обемот и опсегот на фактори и актери кои влијаат на ранливоста на заедницата од заканата на насилниот екстремизам. Потоа ќе го операционализира концептот на ранливост преку конципирање на показателите избрани за дефинирање и избор на одредени општини како погодени од насилен екстремизам (3.1); мапирање на главните фактори идентификувани преку истражувањето како придонес кон појавувањето на НЕ (3.2); и нагласување на опсегот на актери кои го поттикнуваат или разгоруваат НЕ во овие заедници, или допуштаат екстремизмот да се вкорени, со тоа што не дејствуваат превентивно или реактивно кон појавата (3.3).

## 3.1 Мапирање на погодени заедници: показатели и критериуми за избор

За целите на ова истражување, погодена заедница треба да се сфати како заедница врз која влијаеле идеолошките и/или физичките форми на насилен екстремизам, како што се: продорна радикална идеологија, идеолошки мотивирани насилни дејствија, зачестеност/случаи на странски борци кои потекнуваат од заедницата и присуство на актери кои ја негуваат ранливоста кон насилен екстремизам (Vurmo et al. 2018).
Како што е наведено во делот 1, главниот квантитативен показател, користен од четирите случаи на земјите за да се процени дали некоја заедница е погодена или непогодена, беше бројот на поединци кои потекнуваат од таа заедница кои заминале како странски борци во Сирија и Ирак. Истражувачите од поединечни земји користеа дополнителни показатели да се рафинира мерењето на погоденоста, како што е бројот на пара-џамаати (салафистички конгрегации кои дејствуваат вон надлежноста на официјалната ИЗ) кои постојат во заедницата (Босна); и бројот на регрутери и радикални проповедници гонети од обласа (Косово). Истражувачите, исто така, го користеа нивното претходно искуство и знаење за темата за да ја потврдат нивната проценка. Во текот на теренската работа, тие, исто така, откриле дека објективното мерење и субјективните согледувања на заканата може значително да се разликуваат: членовите на заедницата може да ја дефинираат нивната општина како непогодена, или да го сметаат насилниот екстремизам како маргинална појава во споредба со поитни основни потреби и незадоволства, додека заедницата е објективно погодена од појавата на странски борци. Овој парадокс може делумно да се објасни со фактот дека некои општини беа избрани како предмет на истражување, бидејќи тие претходно не биле проучувани и оттука може да доведат до иновативни и непристрасни наоди; но ова исто така значеше дека локалните засегнати страни сѐ уште не беа запознаени со концептот на насилен екстремизам, па оттука може да немаат само-рефлективност за неговото влијание врз нивниот живот.

Во Албанија, три општини беа избрани како теренски локации, при што Тирана (или поконкретно три од нејзините населби) е дефинирана како најпогодена заедница, како во однос на гореспоменатите квантитативни показатели, така и во однос на нејзиниот потенцијал за засолнување на идни идеологии и дејствија на НЕ. Понатаму, општината

Корча беше оценета како умерено погодена, така што нејзините теренски податоци ќе бидат споменати и во овој и во следниот дел.
Во Босна и Херцеговина, истражувачите спровеле теренски истражувања во три кантони, при што Зеничко-Добојскиот кантон (ЗДК) се дефинира како погодена заедница. Причините зошто босанската истражувачка екипа одлучи да ги користи кантоните, а не општините, како единици за анализа беа следниве: i) нема општини во земјата, освен изолирани места како што се Горња Маоча во кантонот во Тузла или Ошве во ЗДК, кои би можеле да се издвојат врз основа на користените критериуми за дефинирање на погодените заедници; ii) Салафистите, особено оние кои заминале за Сирија и Ирак, се доста во движење и често ги посетуваат пара-џамаатите во различни кантони; и iii) многу салафисти не се придржуваат кон Законот за престој, што значи дека тие се регистрирани во една општина, но живеат во друга.

Во Косово, истражувачкиот тим го избра Елез Хан како погодена општина која ќе се истражува. Со 11 евидентирани странски борци, таа има најголем број на СБ по глава на жител во Косово. Географски, Елез Хан се наоѓа во источниот дел на Косово и се граничи со Македонија. Косовското истражување, исто така, ја разгледуваше општината Митровица како случај за истражување со цел испитување на односот помеѓу етно-политичкиот и верско-мотивираниот насилен екстремизам, отколку целосно развиена студија на случај, поради загриженоста за безбедноста на истражувачите. Врз основа на ограничените постојни податоци, може да се претпостави дека Митровица спаѓа во категоријата на погодени заедници.

Во Македонија беа истражувани три општини, при што Чаир беше идентификуван како силно погоден, додека Гостивар беше оценет како умерено погодена општина. Сите три општини се претежно етнички албански урбани подрачја и се слични по големина и население. Чаир е една од десетте општини што го чинат македонскиот главен град Скопје, и има околу 65.000 жители.

## 3.2 Погодни фактори за плодна почва за насилен екстремизам

Долги години, преовладувачкиот наратив за ‘притискачкиот’ фактор на радикализација укажува на недостатокот на економски можности или на потрагата по финансиски добивки. Денес ова е отфрлено како главен двигател за регрутирање од насилните екстремистички организации. Други фактори како што се: недоволната политичка вклученост, слабата застапеност и недостатокот на канали за политички ангажман, во комбинација со институционалната аномија (неспособност на државата да влијае врз животот на луѓето) се сметаат за поважни фактори за осврнување кон насилниот екстремизам, особено за младите луѓе. Чувството на разочарување од државата и/или демократијата, како и дискриминација на културна, социјална, полова или верска основа се дополнителни трендови идентификувани како притискачки фактори од страна на голем број експерти и истражувачи кои работат на оваа тема (како што е опишано во дел 1).

Во четирите извештаи на студиите на случај, најчестите теми низ различните заедници се следниве: длабока поларизација покрај идентитетот, верските и етно-политичките линии и отсуството, или јазот на капацитетот, на државните институции. Комбинирањето на овие два фактора доведоа до чувство, кое може или не може да ја одрази реалноста, во некои групи на заедницата дека се, или стигматизирани и дискриминирани, или дека се малцинство и/или маргинализирана група во рамките на нивната сопствена заедница. Ова, исто така, води до миље каде прашањата за идентитетот можат да бидат искористени од насилна екстремистичка пропаганда и регрутери. Освен тоа, лошите социо-економски услови и политичките застои, во некои заедници (или делови од некои заедници), доведуваат до чувство дека иднината е неизвесна или дека во иднина има мали или никакви можности и перспективи. Овие поттикнувачки фактори произлегуваат од модерната историја на регионот и земјите опфатени во ова истражување, како што е објаснето во делот 2.

*Табела 3: Идентификувани фактори од партнерите при нивната проценка на погодените заедници*

| | Погодни фактори за плодна почва за насилен екстремизам |
|---|---|
| **Босна** | - Идеолошки, образовни<br>- Социо-политички (институционална аномија, несигурност, невработеност) |
| **Албанија** | - Идеолошки (идентитет, недостаток на образование, верска дезинформација)<br>- Социо-економски (отуѓување, маргинализација, економско лишување (депривација), поттикнувачки фактори)<br>- Структурни (перцепција на лошо владеење, интра-верски тензии) |
| **Косово** | - Присуство (или недостаток) на државни институции (одговорност, политичка застапеност, доверба)<br>- Верски институции (односот помеѓу различните нивоа на БИК и локалните власти)<br>- Врските на заедницата (присуство на граѓанското општество)<br>- Идентитет и идентификација<br>- Инциденти |
| **Македонија** | - Овозможувачка средина и структури за поддршка (институционална апатија и недостаток на јавна доверба кон државните институции, медиумите, ИВЗ); образовни фактори (слабо верско образование, недостаток на критичко размислување, недостаток на образовна поддршка, родово втемелени образовни ранливости)<br>- Екстремни идеологии, мрежи и меѓучовечки врски (идеолошко влијание и идеолошка блискост, недостаток на семејна кохезија)<br>- Колективни и лични незадоволства (изолација, отуѓување и маргинализација; економски поплаки) |

## 3.2.1 Општествена поларизација и исклучување

Како што се дискутираше во претходниот дел, секоја од четирите истражувани земји, проаѓа низ сопствени транзиции од социјализам, комунизам (Албанија) и војна во плуралистички, либерални, пазарно-економски држави. Несомнено, војните во бившата југословенска арена веќе одамна завршија; истото важи и за колапсот на еднопартискиот политички систем. Сепак, поради незавршениот процес на градење држава, земјите од Западен Балкан остануваат кревки, со општества погодени од конфликти, кои ја изгубиле способноста за управување и обезбедување клучни услуги за сите граѓани.

Наследството од војните/вооружените конфликти направи да граѓаните и општествата во Босна и Херцеговина, Косово и Македонија станат особено ранливи на етно-национализмот, политичкиот радикализам и идеолошкиот екстремизам. Длабоко вкоренетите системски несоодветности и нееднаквости се придонесувачки фактори кон последните трендови на заминувањето на странските борци во странски војни.

Истражувачките извештаи нудат отрезнувачка проценка на широко распространетото структурно социоекономско лишување, високи нивоа на корупција на државно ниво, ‘киднапирани’ и строго контролирани институции од некомпетентни политички елити кои скокаат при првата можност да манипулираат со колективните незадоволства за целите на промовирање на ‘другоста’, комбинирано со чувството на дефетизам меѓу граѓаните кое произлегува од социјалната неправда (Turcalo/Veljan 2018, 2). Во овој контекст, разни екстремни верски недржавни актери и хуманитарни организации од земјите од Заливот имаа можност да дејствуваат и да ги реализираат своите мисии меѓу

одредени делови од општеството, правејќи го тоа на различни начини (ibid.). Оваа ситуација им отежнува на поединците да останат поврзани со нивните општества, како организиран колектив кој се грижи за нивните потреби. Исклучувањето што луѓето го чувствуваат кон својата влада е дополнително зајакнато од недостатокот на можности и губење на надежта (ibid.; Stojkovski / Kalajdziovski 2018, Qirjazi / Shehu 2018).

### *Идеологија и вера*

Албанија, првата самопрогласена атеистичка држава на светот по комунистичка власт (1945-1991), е земја во која повеќето жители имаат малку знаење за верата и се придржуваат кон својот национален, отколку нивниот верски идентитет. Верската разновидност (повеќе детали за верскиот состав на Албанија се дадени во делот 2) е еден фактор кој објаснува зошто Албанците водат секуларен живот и не обрнуваат внимание на верата при обликувањето и организирањето на нивните животи (Vurmo et al., 2018).

Новиот Устав на Албанија, во 1991 година, воспостави слобода на вероисповед и поделба на верата од државата. Во наредните години се изградени џамии и цркви и влијанието на верата почнало да расте во земјата. Се формира Муслиманската заедница на Албанија (МЗА) која првично следеше иста линија со мислителите на ренесансата (Rilindja) на Албанија, кои, без оглед на нивната верска припадност, го фаворизираа националниот над верскиот идентитет. Таквите чувства се одразија и во посткомунистичкиот статут на МЗА, кој се стремеше да 'всади љубов кон татковината'. Сепак, во 2005 година статусот на МЗА беше малку дополнет со да се 'разбуди и да се зајакне исламската вера меѓу муслиманските верници и да се всади љубов кон татковината'. Не е сосема јасно кога во Албанија се пробија надворешните нетрадиционални идеолошки влијанија, освен фактот што во 1992 година, во обид да привлече странски инвестиции, албанската влада се приклучи кон Организацијата за исламска соработка, и како резултат на тоа, почнаа да влегуваат инвестиции од одредени вахабистички и салафистички групи, заедно со одредена форма на радикална идеологија. Меѓутоа, измената на статутот на МЗА, иако можеби не изгледа драстична, може да се сфати како уште еден знак дека толерантната и хармонична фасада на исламот во Албанија полека се менува. Беше 2011 година кога првите албански странски борци заминаа за Сирија. Повеќето од овие борци потекнуваат од неразвиени и сиромашни рурални средини, кои беа подложени на чести посети на неслужбени имами кои можеби се вклучиле во радикално проповедање. Овие динамики се добро опфатени од следниот цитат:

> *"Недостатокот на координација меѓу албанската влада, локалните заедници и МЗА го намали надзорот на верските дејствија на државно ниво и ги прошири можностите за радикални верски идеологии да влезат во државата. Во 1992 година, во обид да привлече странски инвестиции, албанската влада се приклучи кон Организацијата на исламската конференција; како и да е, набргу потоа оваа одлука доведе до инвестиции од одредени вахабистички и салафистички групи кои увезувале форма на радикална идеологија во државата (БИРН, 2014). Истовремено, слабото и помалку компетентното раководство во МЗА ги создаде првите процепи во рамките на заедницата, бидејќи многу имами кои го практикуваа исламот на Блискиот Исток почнаа да ги оспоруваат традиционалните ставови на имамите од постарите генерации, на кои често им фалеа одредени квалификации по години на верската депривација од комунистичкиот режим (Zoto, 2013, 50-51). Како резултат на тоа, помеѓу 1991 и 2005 година, шест големи НВОа поврзани со тероризмот основаа камп во Албанија без многу известување до владата (Kullolli, 2009, 42-47)." ( Qirjazi/Shehu 2018, 4)*

Во Босна и Херцеговина прашањата на идеологија и вера се различни од Албанија, бидејќи повеќе од половина од населението во Босна ја практикуваат верата. Исламот бил дел од животот на Бошњаците со векови. Меѓутоа, за време на војната во периодот 1992-1995 година, единицата [13] Ел-Муџахид го користела градот Зеница како нејзина база за воени дејности и за прозелитизација. Еден од предусловите за босанските доброволци, кои се приклучија

[13] Единицата Ел-Муџахид ги собра странските борци кои дојдоа да се борат во БиХ во име на Бошњаците. Повеќето членови на единицата 'беа упорни и успешни во убедувањето на босанските муслимани, кои се приклучија на единицата, да го напуштат своето традиционално разбирање за исламот'. Муџахедините сметале дека многу од практиките на босанските муслимани имаат воведено новини во исламот и ги поттикнувале "да се вратат на 'некомпреметираните извори на верата (Turcalo/Veljan 2018, 7).

кон единицата, беше да поминат 40 дневна обука во исламско училиште организирано и подучено од Имад ал Мисри [14], кој подоцна беше осуден за тероризам. Многу локални жители се приклучија на единицата и го напуштија своето традиционално разбирање за исламот - вреди да се напомене дека, како во Косово и така и во другите земји од Западен Балкан, традиционалното разбирање на исламот е поврзано со школата на мислата Ханафи и се вели дека е прилично поотворена и пофлексибилна. Главната воведна литература користена за прозелитизирање, напишана од Ал Мисри, беше памфлет со наслов 'Сфаќања кои треба да ги исправиме'. До завршувањето на војната, салафизмот се вкорени во Зеница и во други делови на земјата.

Оттогаш, Исламската заедница се соочува со салафистичките (и такфиристичките) пара-џамаати кои се граделе врз основа на прозелитизацијата во текот на војната и пропагандата на радикална и нетолерантна форма на исламот. Поранешни членови на единицата Ел-Муџахид, кои беа од босанско потекло, основаа хуманитарна организација, Активна исламска младина, која дејствуваше како централна точка за салафистите во Босна и Херцеговина. Организацијата доби финансирање од земјите на Заливот и успеа да основа подружници во секој кантон на Федерацијата на БиХ. Главната цел на салафистичките проповедници во БиХ е да ја сменат матрицата на традиционалниот босански ислам преку промовирање на 'чисто' повторно измислување на исламот и да го обликуваат верското разбирање, кое, во тој процес би помогнало да се избрише било која од локализираните традиционални форми на босанскиот ислам. "Ова го отвори патот за салафистите да се стекнат со нов наднационален идентитет, како дел од глобалната ума, кој го заменува нивниот национален идентитет." (Turcalo/Veljan 2018, 11).

Во Македонија, верската припадност е поделена по етнички линии, при што етничките Македонци се православни Словени, а етничките Албанци Муслимани - вреди да се напомене дека албанската заедница во Македонија традиционално била верски конзервативна и под влијание на паралелни верски структури кои дејствуваа непречено од властите (Qehaja/Perteshi 2018). Различните етнички и верски групи соживееле релативно мирно долги временски периоди, но по распадот на Југославија, етничките тензии во Македонија кулминираа со вооружениот конфликт во 2001 година. Наративот за незадоволство од албанската страна кои довеле до конфликтот се фокусирале на перцепираното и реално исклучување на етничките Албанци од македонскиот граѓански живот на економски, политички и општествен план. За етничките Македонци, наративите на незадоволства се состоеја од стравот од територијално повредување и губење на мнозинскиот статус (Stojkovski/Kalajdziovski 2018). Иако меѓуетничките односи не се предмет на овој компаративен извештај и беа исцрпно опфатени на друго место (Reka 2011; Qejaha/Petershi 2018), важно е да се воочи позадината на проблемот и како наследствата од конфликтот го отворија патот за идеолошкиот екстремизам и последователниот недостаток на институционални капацитети за справување со проблемот, не само во Македонија, туку и во соседните земји. Како Турчало и Велјан (2018) забележуваат за Босна и Херцеговина: "Ова општествена поларизација, заедно со реалните и перцепираните нееднаквости и неспособноста на институциите да ги адресираат овие проблеми, довело до институционална аномија – која, во овој случај, се однесува на тенденцијата на институциите да ги репродуцираат постоечките нееднаквости, наместо да дејствуваат како фактор на општествена кохезија, што резултира со губење на довербата во институциите општо и во целиот систем како таков.

Исламската верска заедница (ИВЗ) е доста критикувана од засегнатите страни, поради недостаток на доверба од јавноста, немање власт над непријателските џамии, и за игнорирање на прашањето на пара-џамаатите. Неактивноста на ИВЗ овозможила да се создаде средина за ширење на екстремизмот во Македонија. Исто така, недостатокот на контрола на ИВЗ имаше значајни последици во општина Чаир, каде е познато присуството на голем број пара-џамаати, кои во значителен степен помогнаа во радикализирање на следбениците (Stojkovski/Kalajdziovski 2018).

Што се однесува до Косово, пред воведувањето на плуралистичкиот систем, верата во главно беше активност која се практикуваше во приватна сфера. Иако мнозинството од населението во Косово (речиси 90 проценти) се косовски Албанци и муслимани, присуството на екстремни идеолошки влијанија и актери кои ги туркаа своите агенди, преку искористување на слободата на говорот, слободата на здружување и гаранциите за верска

[14] Имад ал Мисри е египетски верски службеник депортиран од земјата во 2001 година, подоцна обвинет за тероризам и осуден на осум години затвор. Мисионерското работа на странски муџахедини во Босна во главно беше водена од памфлет со наслов 'Сфаќања кои треба да ги поправиме', напишана од Ал Мисри и објавена во 1993 година, со финансирање од кувајтска организација. Памфлетот служеше како основна, воведна литература за прозелитизација на членовите на единицата Ел-Муџахид во Босна (Turcalo/Veljan 2018).

слобода, станаа проблематични само по конфликтот од 1999 година. Освен тоа, Јакупи и Краја (2018) истакнуваат дека појавата на насилен екстремизам во Косово не е домашна, туку надворешно поттикната и првенствено произлегува од специфични мрежи и прекугранична соработка на имамите од Македонија со силни врски со одредени имами од Косово, кои се дел од исти алумни мрежи со потекло од Блискиот Исток и земјите на Заливот. Примерот на Елез Хан, (општина во близина на границата со Македонија) како погодена заедница, сведочи за зголемената религиозност и нејзиното влијание врз идентитетот.

Според Јакупи и Краја (2018), во нивното контекстуализирање на Исламската Асоцијација на Косово (ИАК), судирот на исламските идеологии во Косово стана евидентен и отворен во 2008 година, кога ИАК беше во длабока криза на легитимност. Кризата потекнува главно од судирот на две школи на мислата: школото Ханафи, кое практикувало своја теологија (наследство на Отоманската империја) во изминатите пет векови. Второто школо верува дека косовската исламска заедница треба да биде дел од глобалната исламска заедница, ослободена од границите на националните држави и отворена за различни надворешни влијанија. Високи функционери на ИАК ја обвинуваат владата за бездејствување на предупредувањето за ‘инфилтрирање’ на разни радикални имами (од кои некои дојдоа од Македонија) кои најдоа отворено поле и ќе проповедаат во косовските џамии, како и би финансирале други ‘атипични’ џамии кои денес може да се видат распространети низ целата земја.

*Етно-политика*

Во Македонија, етничките Албанци се втора по големина етничка група. Тензиите меѓу етничките Македонци и етничките Албанци отсекогаш биле присутни, иако со различен интензитет во различни времиња. Тензиите кулминираа во насилен вооружен конфликт во 2001 година. Потпишувањето на Охридскиот Рамковен Договор ги намали тензиите до некоја мера преку зголемување на правата на етничките Албанци кои живееја во Македонија и преку воспоставување правила за поделба на власта меѓу двете главни заедници. Иако односите се подобриле од 2001 година, тие остануваат кревки до ден-денеска, особено поради искористувањето на националните наративи од сите страни (Stojkovski/Kalajdziovski 2018). Стојковски и Калајџиовски истакнуваат дека односите меѓу двете страни претрпеа епизоди од помали размери на етничко насилство, особено во тек на владеењето на претходната влада, што резултираше со краток вооружен конфликт во Куманово. Во текот на овој период на националистичко владеење (2006-2015), Албанците се чувствувале дискриминирани и често маргинализирани, што можеби поттикнало многу поединци да бараат алтернативи (Qehaja/Perteshi 2018). Националистичката политика, континуираните меѓуетнички тензии и негувањето на менталитетот ‘ние наспроти нив’ - кој воедно е наратив кој го искористуваа екстремистички идеолози и регрутери - можеби придонесоа да се овозможи простор за појава на порадикални линии и го охрабрија последователното учество на некои поединци во радикални и насилни групи.

Поделбите во општеството, поттикнати од желбата за политички придобивки и тензиите меѓу двете страни, како што тврдат авторите на извештајот за Македонија, “имаат потенцијал да направат наративите на насилниот екстремизам да бидат поатрактивни за двете страни и да оставаат простор за радикализација”. Со оглед на меѓуетничката динамика во македонскиот контекст и нејзината политичка структура на државно и општествено ниво, “можно е да се види како политичките активности преземени во текот на овој временски период влијаеле на создавање на ‘поволно опкружување’ за екстремизмот во земјата” (Stojkovski/Kalajdziovski 2018, 3).

Во Босна и Херцеговина, наследството на меѓуетничките конфликти во 1990-тите и сегашниот етно-националистички и политички радикализам придонеле кон општествените поделби и го направија општеството поранливо од разни форми на радикализам и идеолошки екстремизам. Како што објасниле Турчало и Велјан, сегашниот уставен аранжман, кој се заснова на Дејтонскиот мировен договор, ‘исто така беше фактор во ослабувањето на отпорноста на Босанците на радикализација, создавајќи уставна реалност која го одржува политичкиот екстремизам на војната’.

Освен тоа, авторите потврдуваат дека за босанското повоено општество било исклучително тешко да развие нови облици на отпор кон радикализмот, што можеби придонело за создавање на плодна почва за вкоренување на други форми на екстремизам, 'особено во комбинација со замаглени перспективи на структурно ниво - како што се континуираната политичка радикализација, институционалната аномија и социо-економската нестабилност" (Turcalo/Veljan 2018, 41-42)

Поларизирачките етно-националистички наративи продолжуваат до ден денес да го оптеретуваат пост-конфликтното општество во Босна и Херцеговина. Овие наративи најмногу се промовираат од политичките елити и се поизразени во тек на изборните периоди, поттикнувајќи понатамошни поделби во општеството заради политички придобивки. Етно-националистичките наративи го пренасочија фокусот од политичкиот радикализам од горе надолу кон мрежите за регрутирање на салафистите и појавата на странските борци. Изборните периоди се сметаат за критични моменти кои го негуваат чувството за отуѓување, што води до тоа да одредени членови на заедниците станат подложни на екстремистички пораки (Turcalo/Veljan 2018, Stojkovski/Kalajdziovski 2018).

Во Косово, се уште постојат меѓуетнички тензии, иако со помала зачестеност; врската помеѓу верски-базиран насилен екстремизам и етнички- базиран политички екстремизам не е видлива. За појавата на радикализам и насилен екстремизам, заедниците од двете страни на спектарот во главно ги обвинуваа лошите социо-економски услови и недостатокот на перспективи, заедно со недостатокот на делотворност на косовските институции (Jakupi/Kraja 2018, 33).

## 3.2.2 Дисфункционални институции

*Недостаток на доверба во власта/државните институции*

Во сите четири истражувани земји, недостатокот на доверба во институциите, кои се сметаат за неуспешни да одговорат на потребите на граѓаните, одекнуваше јасно и гласно. Во Македонија, довербата на јавноста во институциите се разликува во различни заедници и институционални нивоа: на пример, 54 проценти од етничките Македонци имаат доверба во националната влада, додека само 35 проценти од етничките Албанци ја делат истата доверба на централно ниво. Нивото на доверба се менува vis-à-vis институциите на локално ниво, со само 5 проценти разлика меѓу етничките Албанци и етничките Македонци. Исто така, една фокус-група во Струга (со учесници на возраст од 25-45 години) покажа двоумење во пристапувањето на локалните институции да се бараат информации за спротивставување и спречување на насилен екстремизам (дури и ако постоеше комисија за НЕ) поради општ недостиг на доверба кон институциите (Stojkovski/Kalajdziovski 2018). Општинскиот совет во Гостивар, основан првично да се бави со прашања поврзани со екстремизмот, повеќе не постои поради 'институционална недоверба'. Во Чаир, недостатокот на институционална поддршка овозможил средина во која појавата на пара-џамаатот се вкоренил и затоа создал простор за дејствување на екстремистичките наративи (Stojkovski/Kalajdziovski 2018). Во Македонија, високата стапка на невработеност, која е резултат од лошите економски услови, во моментов изнесува 22 проценти и достигнува 55 проценти за невработеноста на младите. [15] Како и во другите земји, финансиските стимулации не се главен фактор кој ги тера поединците кон НЕ, но невработеноста е придонесувачки фактор и додаток на другите, поприсутни фактори кон насилниот екстремизам.

Во Косово, според Пулс на јавноста 2018, годишно издание на УНДП во Косово, само 32.5 отсто од анкетираните велат дека се задоволни од клучните институции на Косово, во споредба со 36 отсто во октомври 2017 година. Освен тоа, само 30 отсто од Косоварите беа задоволни од работата на централните институции, за разлика од 32 отсто во октомври 2017 година. Имено, се чини дека Косовците ја зголемија довербата во локалните институции, при што 50 отсто сметаат дека нивната локална општинска влада делува според приоритетите на граѓаните (Пулс на јавноста XIV 2018). Иако Јакупи и Краја (2018) не најдоа директни врски меѓу политичкиот и верскиот екстремизам, тие забележале дека континуираниот политички екстремизам ја поткопал довербата во институциите и во тој процес влијаел на

[15] CEIC 2018; Европска Фондација за Обука 2013, 8; види Stojkovski/Kalajdziovski 2018, 21.

нивната власт во борбата против и спречувањето на насилниот екстремизам.

Во Босна и Херцеговина, годишните истражувања на јавното мислење (2013-2015) јасно покажаа намалување на довербата на граѓаните во институциите, каде што политичките партии ги постигнаа најниските резултати, по кои следеше владата на сите нивоа.[16] Според Турчало и Велјан, овој 'недостаток на доверба во институциите е тесно поврзан со општото ниско ниво на меѓучовечка доверба во босанското општество'. Приврзаниците на Салафизмот имаат дури и пониски нивоа на доверба во институциите, додека Исламската заедница ужива највисоко ниво на доверба меѓу испитаниците (Puhalo 2018, цитиран од Turcalo/Veljan 2018).

Слично на тоа, во Албанија, неуспехот на државните институции да обезбедат основни услуги, како што се безбедноста, здравството, владеењето на правото и образованието, е главната причина за незадоволство, што води до влошување на незадоволствата и понатамошно исклучување на поединци од државата (Qirjazi/Shehu 2018).

### *Ослабување на довербата во верските институции*

Намалувањето на довербата во верските институции е забележано од страна на истражувачките партнери во нивните студии за земјата. Ова главно произлегува од фактот дека, во последниве години, верските институции претрпеле намалена власт и немаат контрола над многу 'нелегални' и паралелни џамии, со што се придонесува кон овозможувачка средина за насилниот екстремизам да преземе контрола.

Во Македонија, многу испитаници од сите три општини рекоа дека ИВЗ ја изгубила довербата на јавноста. Ова чувство е дополнително зајакнато со секундарни извори, како што се наодите на Македонскиот Центар за Меѓународна Соработка, кои укажуваат дека довербата на јавноста во ИВЗ се намалила помеѓу 2008 и 2016 година од 77 на 50 проценти. [17] Ова е, исто така, периодот во кој Македонија беше погодена од појавата на странски борци и пролиферацијата на илегалните џамии или пара-џамаати. Учесниците на фокус групите, како во Гостивар, така и во Чаир, го истакнаа истото мислење дека ИВЗ ја загуби веродостојноста и интегритетот, не успеа како верска институција и ја нема довербата на верниците (Stojkovski/Kalajdziovski 2018). ИВЗ е институционално тело наменето да контролира, регулира и управува со сите џамии низ Македонија. Веројатно, го изгубила зафатот над контролата и надзорот, и како последица на тоа екстремистичките проповедници нашле плодна почва за да го унапредат нивното толкување на исламот и да се вклучат во други регрутирачки дејствија во нивните конгрегации, кои им даваа исто ниво на власт и почит.

Исламската заедница на Косово (реферирана како БИК во оваа студија, на пример, Bashkësia Islame e Kosovës) не е подобра што се однесува до довербата на јавноста. Како ИВЗ во Македонија, БИК има задача да ги надгледува локалните џамии, да го избира свештенството и да ја нарача темата за проповеди, кои обично се одржуваат за време на петочните молитви, низ цело Косово. Како таква, БИК беше надлежен орган за верските прашања на муслиманските верници во Косово. Меѓутоа, во 2008 година, беше забележано дека има криза на легитимитетот поради судирот на исламските идеологии во рамките на заедницата на БИК. Оваа криза ја намали власта на БИК и создаде поделби кај повисоките редови. Исто така, кризата се одрази на заедниците поради недостаток на заеднички фронт против радикални влијанија, а и ги подели локалните заедници и ја ослаби власта на локалните имами. Оттогаш, ова создаде ранлив простор за вкоренување на различни идеологии во Косово (Jakupi и Kraja 2018). Сепак, недостигот на довербата на јавноста во БИК не се должи само на надворешните закани предизвикани од различни идеолошки струи; како Јакупи и Краја (2018) забележуваат, во Елез Хан, имаше напрегнати односи 'меѓу локалниот имам на БИК и локалниот раководител на организацијата, што беше искористено од оние кои го оспоруваа авторитетот на организацијата и способноста да го организира верскиот живот во општината. Ова најчесто се манифестираше преку создавање на алтернативни простори за молитва по приватни куќи и младински кампови, кои беа надвор од традиционалните џамии и оддалечени од упатството за молитва на БИК'.

Во Босна и Херцеговина и Албанија, официјалните исламски заедници не страдаат од ваков недостаток на доверба од јавноста како во Косово и Македонија. Додека пара-џамаатите и нелегалните џамии се присутни во двете земји, умерените и традиционалните

[16] Резултати на анкета, analitika.ba Декември 2015 [пристапен на 20 Април 2018]; види Turcalo/Veljan 2018, 13.
[17] Македонски Центар за Меѓународна Соработка 2016; види Stojkovski/Kalajdziovski 2018, 14.

муслимански верници сѐ уште имаат значително ниво на почит кон претставниците на официјалната муслиманска заедница. Споровите меѓу салафистите и ИЗ во БиХ биле очигледни веќе некое време, и иако вратите на ИЗ останаа отворени за пара-џамаатите да го потпишат протоколот со ИЗ и да се приклучат кон заедницата, праксата и функционерите на ИЗ остануваат главни идеолошки цели за салафистите. Сепак, ИЗ се уште ужива значително ниво на доверба меѓу традиционалните муслимански верници во БиХ. Оваа доверба може најдобро да се мери ако го видиме нивото на закат (форма на задолжителен данок за оние кои исполнуваат одредени критериуми за богатство) собрано од страна на ИЗ. Податоците покажуваат зголемување на собраниот износ секоја година во периодот 2012-2016 (Turcalo/ Veljan 2018).

### *Низок квалитет на образование*

Иако степените на образование или недостатокот на истите не изгледа дека се главни фактори кои би довеле до радикализирање на поединци и приклучување кон насилни групи, квалитетот на образованието или недостатокот на квалитетно верско образование се сметаа за штетни за спречувањето на НЕ. Во својот извештај, ‘Сиот џихад е локален’, Нејт Розенблат објаснува дека степенот на школување на просечниот борец на ИСИС не е низок; само 5 отсто од борците изјавиле дека имаат малку или ниту малку образование, додека 15 отсто пријавиле основно образование, 32 отсто средно образование или приближен еквивалент (т.е. основна техничка или верска обука), 10 проценти пријавиле делумно завршени универзитетски студии, а 13 проценти пријавиле завршени универзитетски студии или напредни степени на образование (Rosenblatt 2016). Во својата студија “Динамика на радикализацијата и насилниот екстремизам во Косово“, Адриан Штуни, исто така, утврди дека мнозинството косовски СБ имаат умерено формално образование, и тоа 82 проценти имаат средно и 10 проценти високо образование а само три проценти имаат завршено основно образование. Споредбено, според Штуни, оваа стапка изгледа дека е повисока од пријавената национална стапка која изнесува околу 6,7 проценти според официјалниот попис на населението за 2011 година (Shtuni 2016).

Во Босна, според Турчало и Велјан, се чини дека постојат противречни податоци за корелацијата помеѓу нивото на образование и поддршката на (или приклучувањето кон) салафизмот. Едно истражување спроведено во 2006 година покажа дека само 12,9 отсто поддржуваат поконзервативни толкувања на исламот и дека оваа група испитаници имале пониско ниво на образование. Азиновиќ и Јушиќ (2016) дојдоа до сознание дека мнозинството СБ од Босна кои заминале за Сирија и Ирак имале само основно образование. Покрај тоа, во едно неодамнешно истражување за салафистичката заедницата во БиХ, спроведена од Едина Бечировиќ (2016), 52 проценти од испитаниците салафисти имале универзитетска диплома и сите имале диплома од средно. Во БиХ, беа заправо хуманитарните организации и нивното истакнато присуство во повоената општествена средина во Босна и Херцеговина, кои, со цел да ги привлечат Босанците на порадикални верски норми, понудија финансиска помош и стипендии во замена за присуството на примателите на мини-медреси. Овие хуманитарни организации исто така обезбедија средства да младите босански муслимани посетуваат исламски универзитети на Блискиот Исток (главно во Саудиска Арабија и Јордан). Стипендиите беа првенствено наменети за младите кои го прифатија салафизмот (Turcalo/ Veljan 2018).

Во Македонија, заправо недостатокот на квалитетно верско образование и недостиг на информации и способност за критичко размислување [18] воопшто, е она што ја зголемува ранливоста на заедницата на НЕ. Недостатокот на квалитетно верско образование беше најчесто споменатото прашање поврзано со образованието меѓу испитаниците и беше опишано како низок квалитет на верско образование или неможност за пристап до верското образование. “Секундарните извори се, исто така, демонстративни за овој наод и укажуваат на тоа дека ова прашање е изразено како доста попроблематично кај малцинското население. Како што е демонстрирано од Европската фондација за обука (2013, 13), постојат докази за ‘континуирана дискриминација и исклучување на ранливите групи’, како што се етничките

[18] Фокус група составена само од жени во Струга; види Stojkovski/Kalajdziovski 2018, 22/23.

Албанци, при рамноправниот пристап до образованието.“ (Stojkovski/Kalajdziovski 2018, 15)

Веројатно, недостигот на соодветно верско образование создава овозможувачки простор за појавување и развивање на екстремистичките наративи, според Стојковски и Калајџиовски: “Инаку, без авторитативен наратив кој нуди не-екстремистичко толкување на исламот, не постои начин како оние кои бараат верско знаење да направат разлика меѓу умерени и екстремистички гледишта. Квалитетот, во оваа смисла, има повеќе значења: се однесува на ‘достапноста’ на верското образование, и од географска и од полова гледна точка; што се однесува до содржината, е нерегулирано и не обезбедува никаква поврзаност меѓу верските списи и секојдневните потреби на муслиманите.“ (ibid.) Освен тоа, според извештајот на земјата, наставниците не се соодветно подготвени за едуцирање на учениците за можните опасности кои ги носат наративите и групите на насилнен екстремизам. Ретко се дискутира темата на насилен екстремизам на ниво на персонал и изгледа дека преовладува ставот на избегнување.

Критичкото размислување е она што е укажано дека недостасува во образовните системи на сите земји. Во Босна и Херцеговина, образовниот систем сè уште е базиран на еден тесен пристап, каде што учениците не се охрабруваат да го преиспитаат она што ги учат. Како што е наведено во едно интервју: “Тоа почнува во основно училиште, каде на учениците им ја крадат креативноста и слободното размислување, и се продолжува до универзитетско ниво. На крај на денот добиваш некој кој се согласува со се.“ (Turcalo/Veljan 2018, 17) Во Македонија, испитаниците го критикуваа квалитетот на образованието, кое има тенденција да ги остави поединците без капацитети да можат критички да анализираат информации што им се презентирани (Stojkovski/Kalajdziovski 2018). Критичкото размислување е уште пониско во руралните средини, каде што жените изјавија дека немаат пристап до образование, што резултира со неразвиени способности за критичко размислување.

Слично на тоа, во Албанија се потребни повеќе напори за да образовниот сектор го адресира проблемот со НЕ. Иако во Каваја имало ефективни кампањи за подигање на свеста, сепак треба да се вложат повеќе напори и вниманието да се насочи кон младинското образование. Наставниците го покренале прашањето со своите ученици, но велат дека е потребен поинституционален пристап.[19] Верските лидери исто така укажале на покренувањето на прашањето на НЕ во рамки на нивните конгрегации. Во суштина, Ќирјази и Шеху (2018), воведувањето на верското образование во училиштата, од страна на обучени верски стручњаци, го идентификуваа како механизам за сузбивање на дезинформации и намалување на ранливоста на младите на верски екстремизам’.

## 3.2.3 Чувство на маргинализација

*Врз основа на идентитет*

Во Косово, во сите три општини, чувството на маргинализација, изолација и отуѓување беше толкувано како поттик за ранливите поединци да бараат припаѓање на повисока цел или група. Овие незадоволства го сметаат поширокото општество како ‘одговорно за чувството на изолација, отуѓување или маргинализација на ранливиот поединец’. Недостатокот на развој и перспективи, заедно со небрежноста од страна на владата, го влошиле проблемот. На пример, во Елез Хан, еден испитаник тврди дека иако стилот на раководење на градоначалникот бил скромен и привлекол силна поддршка, неговата политичка динамика (градоначалникот Шума е независен) ја нема моќта да ги направи општината и избирачкото тело релевантни за централната власт, со тоа што централната влада не одговорила на потребите на населението на општината. Поврзано со ова, се тврдеше дека недостатокот на развој и првенствен недостаток на проактивни фондови за справување со проблемот на верски екстремизам во најпогодените општини придонесоа кон проблемот. Така, недостатокот на развој се смета како тесно поврзан со недостатокот на перспективи, причинети од владиното недејствување. Сепак, во последниве години, особено откако појавата на насилен екстремизам излезе на виделина, многу донатори, иако некоординирани, покажаа зголемен интерес за иницијативи кои ќе водат до СНЕ.

Во Босна и Херцеговина, најпогодениот кантон на Зеница-Добој е расеан од

[19] Фокус група во Каваја; види Qirjazi/Shehu 2018, 17

постојаното чувство на неизвесност, кое ги погодува поединците на лично ниво повеќе од која било друга закана. Чувството на сеприсутната несигурност кое го делат многу учесници на фокус групата произлегува од идејата дека нивните иднини се несигурни и немаат перспективи. Од ваквиот перципиран недостиг на можности, идни перспективи и сигурна социјална благосостојба за поддршка на семејството најмногу страдаат помладите и невенчаните. Ова чувство на неизвесност за иднината е тесно поврзано со недостатокот на доверба во институциите во сите истражувани заедници. “Слабеењето на просоцијалните институции има тенденција да води до чувство на неизвесност, што многу често генерира анксиозност и дефетизам.” (Turcalo/Veljan 2018, 14)

За разлика, во Албанија, чувството на маргинализација, дискриминација и отуѓување изгледа се разликува низ истражуваните заедници. Во Каваја, на пример, социјалната кохезија е многу посилна отколку во другите заедници, но има случаи на дискриминација, иако не по алармантни стапки. На пример, една муслиманка која ја практикува верата и една наставничка изјавија дека најмногу “ни поставуваат прашања за носење на хиџаб, но такво нешто престанало да не мачи” (Qirjazi/Shehu 2018, 18). Меѓутоа, во умерено погодената општина Корча, учесниците изразија спротивставени ставови: женска учесничка, муслиманка која ја практикува верата, го сподели нејзиното искуство за поставување на многу други директни и сурови прашања, од другите членови на заедницата, поврзани со нејзиниот начин на облекување.

Во Косово, во сите три општини, чувството на маргинализација, изолација и отуѓување беше толкувано како поттик за ранливите поединци да бараат припаѓање на повисока цел или група. Овие незадоволства го сметаат поширокото општество како ‘одговорно за чувството на изолација, отуѓување или маргинализација на ранливиот поединец’. Недостатокот на развој и перспективи, заедно со небрежноста од страна на владата, го влошиле проблемот. На пример, во Елез Хан, еден испитаник тврди дека иако стилот на раководење на градоначалникот бил скромен и привлекол силна поддршка, неговата политичка динамика (градоначалникот Шума е независен) ја нема моќта да ги направи општината и избирачкото тело релевантни за централната власт, со тоа што централната влада не одговорила на потребите на населението на општината. Поврзано со ова, се тврдеше дека недостатокот на развој и првенствен недостаток на проактивни фондови за справување со проблемот на верски екстремизам во најпогодените општини придонесоа кон проблемот. Така, недостатокот на развој се смета како тесно поврзан со недостатокот на перспективи, причинети од владиното недејствување. Сепак, во последниве години, особено откако појавата на насилен екстремизам излезе на виделина, многу донатори, иако некоординирани, покажаа зголемен интерес за иницијативи кои ќе водат до СНЕ.

Во Босна и Херцеговина, најпогодениот кантон на Зеница-Добој е расеан од постојаното чувство на неизвесност, кое ги погодува поединците на лично ниво повеќе од која било друга закана. Чувството на сеприсутната несигурност кое го делат многу учесници на фокус групата произлегува од идејата дека нивните иднини се несигурни и немаат перспективи. Од ваквиот перципиран недостиг на можности, идни перспективи и сигурна социјална благосостојба за поддршка на семејството најмногу страдаат помладите и невенчаните. Ова чувство на неизвесност за иднината е тесно поврзано со недостатокот на доверба во институциите во сите истражувани заедници. “Слабеењето на просоцијалните институции има тенденција да води до чувство на неизвесност, што многу често генерира анксиозност и дефетизам.” (Turcalo/Veljan 2018, 14)

За разлика, во Албанија, чувството на маргинализација, дискриминација и отуѓување изгледа се разликува низ истражуваните заедници. Во Каваја, на пример, социјалната кохезија е многу посилна отколку во другите заедници, но има случаи на дискриминација, иако не по алармантни стапки. На пример, една муслиманка која ја практикува верата и една наставничка изјавија дека најмногу “ни поставуваат прашања за носење на хиџаб, но такво нешто престанало да не мачи” (Qirjazi/Shehu 2018, 18). Меѓутоа, во умерено погодената општина Корча, учесниците изразија спротивставени ставови: женска учесничка, муслиманка која ја практикува верата, го сподели нејзиното искуство за поставување на многу други директни и сурови прашања, од другите членови на заедницата, поврзани со нејзиниот начин на облекување.

*Изолација на заедниците*

Во Македонија, перципираната и актуелната дискриминација и изолација на албанската заедница од страна на македонската заедница се доживеани и изразени од многу испитаници. Македонската заедница, од друга страна, доживеа перципирана загуба на значење и статус. Јасно е дека овие тензии, според истражувачите на терен, го прават наративот на насилниот екстремизам попривлечен за било која страна и оставаат простор за можноста за радикализација. На пример, општината Чаир, поради својата местоположба– малцинска заедница која се наоѓа во рамки на поголем град – доживува други реалности од општините Гостивар и Струга (Stojkovski/Kalajdziovski 20).

Во Албанија, изолираните заедници кои имаат недостаток на функционални институции, управувани од корупција и недостаток на транспарентност на владеење, заедно со невработеност и економски предизвици, се најмногу подложни на радикализација. Овие заедници главно се состојат од лица на возраст меѓу 19 и 29 години. Според зборовите на еден претставник на граѓанското општество, оваа изолација беше изразена на следниов начин: "кога немате доволно пари за да го нахраните вашето семејство, не можете навистина да ја држите главата високо" (Qirjazi/Shehu 2018, 18). Сепак, во Албанија, беа исто така пријавени различни облици на дискриминација, како што е дискриминација базирана на верско убедување. Иако ова изгледа не е премногу очигледно, бидејќи мнозинството Албанци остануваат толерантни кон другите верски групи, некои кои ја практикуваат верата велат дека осетиле мали и благи форми на дискриминација. Учесниците на фокус групата во Каваја, исто така, споделија слично чувство, каде испитаник муслиман кој ја практикува верата вели: "тешко е да не се чувствувате изолирани кога се судите поради вашата лична вера; едноставно не сакате да се спротивставувате; на површина секој вели дека го почитува вашиот избор, но во реалноста има малку стигма против твојата вера" (ibid.).

Во Косово, зголемената ранливост на заедницата во Елез Хан може делумно да се објасни со фактот дека општината беше недоволно застапена на централно ниво и, како таква, страдаше од недостиг на придобивки за развој и внимание од меѓународните донатори – ова може да се забележи при набљудување на лошата инфраструктура на општината, која нема културен центар или било какви фокални точки за активности на заедницата или собирања на организациите на граѓанското општество (Jakupi/Kraja 2018, 27). Иако социо-политичките и животните услови се подобриле во последните две децении, хроничните ранливости, како што се невработеноста, истраеле и придонеле кон овозможувачките услови за насилен екстремизам.

На крај, истражувањето на Босна и Херцеговина дава некои знаци дека, во одредени случаи, изолацијата може фактички да резултира од некои мали заедници (како Горња Маоча и Ошве) кои се одвојуваат секојпат кога лидерите на заедницата чувствуваат дека повеќе не ја сакаат или немаат потреба од државата или општеството. Се разбира, ова можеби не го одразува гледиштето на мнозинството во овие општини, бидејќи испитаниците при теренската работа забележуваа дека динамиката на НЕ во заедницата често потекнува од заедници помали од општината (Turcalo/Veljan 2018).

# 3.3 Актерите во погодените заедници: Трагачи по можности, Овозможувачи, Портири, Мети

Најголемиот дел фактори опишани во претходниот дел, сигурно, играат улога во создавање (или овозможување) погоденост во одредени заедници. Во исто време, тие може да се сметаат како метафора за “јаз” или “празнина” во општествената организација и социјалниот идентитет. Овој простор, кој се отвора кога општествата се обележани од поларизација, слаби (државни и/или верски) институции и недостаток на идни перспективи и можности, може да се искористи од страна на одредени организации (или поединци) кои нудат нови и/или алтернативни толкувања и (верска) идеологија преку мрежи, политичари и верски актери – во отсуство на решителност или отпор од другите. Овие актери може да имаат значајно влијание на изложеноста на заедницата кон НЕ бидејќи тие можат, или да ја помогнат при намалување на ранливоста, или да ги разгорат незадоволствата и да ја присилат ранливоста.

Овој дел ќе се фокусира на улогата на овие различни актери во поттикнување на насилен екстремизам. Посебен акцент ќе биде ставен на тројното влијание што верските недржавни актери го имаат особено врз ранливите и слабо функционални заедници преку создавање заедници, обезбедување на услуги во отсуство на функционална држава и верски институции и, користење на незадоволства и во пресрет на силно чувство на лична и глобална неправда.

## 3.2.3 Верски недржавни актери и егзогени влијанија

Верските недржавни актери во земјите од Западен Балкан, истражувани во овој извештај, се во голем дел егзогени за заедниците. Тие се мобилни и транснационални и нивната главна цел е да инструментализираат ранливи поединци и заедници со цел да се промовира алтернатива. Во главно, ова се прави преку странски НВОа и мобилни регрутери, чија главна цел е да понудат поинакво толкување на исламската вера и нов светоглед.

*Салафистички НВОа*

Во Косово, насилниот екстремизам е претежно надворешно управувана појава и е директно поврзана со мал број проповедници и влијателни лица кои ги ангажирале регрутите за ИД од нивните непосредни локални мрежи. Невладините организации, неколку години, служеа како фронтови за идеолошка индоктринација и регрутирање, особено од главниот град Приштина од крајот на конфликтот во 1990-тите. Јакупи и Краја утврдиле дека врвните регрутери во Косово работеле преку невладини организации како што се ‘Rin-ia Islame’ и ‘Nektar’ и биле првите кои ја оспорувале власта на БИК. Поради географската близина, овие регрутери и НВОа одржуваа силни врски со проповедници во Македонија. Овие проповедници/регрутери имаа поддршка од НВОа при одржување предавања по џамии и собири надвор од формалната рамка на верската власт. Исто така, го овозможија заминувањето на број машки лица од нивната зона на дејствување во источните предели на Косово (во главно во и околу општините Елез Хан, Качаник и Гњилане) да и се приклучат на екстремистичка група како ИД, давајќи им упати и пари. Можноста на овие поединци (проповедници и регрутери) да дејствуваат и да работат со поддршка на локални НВОа, кои им овозможиле да вршат влијание преку неформални собири и врски, се смета за една од главните причини зошто има повисоки нивоа на радикализација во источните делови на Косово. Властите на БИК се пожалиле поради фактот дека ова влијание вршено од поединци, преку разни НВОа, поминало неоспорно од државните власти, и на локално и на централно ниво, и им се дозволило на неовластените имами, кои се надворешни за заедницата, вклучувајќи и од Македонија, да го продолжат својот досег вон службената и традиционалната рамка на БИК.

Во Босна и Херцеговина, слабостите, како структурните така и институционалните, на официјалната исламска заедница се искористени, во главно од разни поединци и

организации (некои дури и со седиште во дијаспората), кои добија поддршка од земјите од Заливот. Салафистите во БиХ почнаа да основаат и организираат паралелни конгрегации (или пара-џамаати) како алтернативни верски собири од постојните џамии на исламската заедница. Во босанскиот контекст, салафистичките групи и мисионери играа клучна улога во радикализацијата на поединците и заедниците. Беше кантонот на Зеница-Добој, во периодот 1992-1995 година, каде што групите на муџахедини се населија и почнаа да ја шират својата салафистичка идеологија. За салафистичките муџахедини, Зеница беше 'плодна почва' за регрутирање, особено поради фактот што босанските муслимани се чувствува напуштени од Западот за време на војната. До завршувањето на војната, салафизмот имаше превземано контрола меѓу мал број луѓе во областа и во други делови на земјата. Повоениот период, кој го обележуваат лоши економски услови, им ја отвори вратата на хуманитарните организации од земјите на Заливот, кои дополнително го промовираа салафизмот и вахабизмот. Несомнено, странските муџахедини беа клучни за ширењето на салафизмот во Босна. Најпогодените заедници се оние кои беа домаќини на пролиферацијата на пара-џамаати и беа последователно погодени од појавата на СТБ.

На некои од овие места, нови членови, особено млади луѓе, беа најмногу привлечени од воспоставувањето и постојаното присуство на пара-џамаатите, во главно поради тоа што претходно примија исплата за да присуствуваат на петочните молитви (Turcalo/Veljan 2018). Деца од основно образование беа исто така цел на неколку салафистички хуманитарни организации. Тие организираа мини-медреси, доделуваа стипендии и обезбедуваа сместување во студентски дом по многу ниска цена, за студенти кои имаа потреба. Главните целни групи на овие хуманитарни организации беа особено ранливите семејства и поединци, како што се самохрани мајки и деца со посебни потреби. Овој облик на поддршка им создаде чувство на припадност на некои членови на заедницата. На овие начини, базата на приврзаност почна да се проширува и зголемува во некои ранливи повоени босански заедници, кои ги одобрија алтернативните толкувања на верата, додека им се обезбедуваа основните услуги.

### *Дијаспората и странските донации*

Дијаспората беше идентификувана како уште еден актер кој играл важна улога во процесот на радикализација, посебно на најизолираните заедници и пара-џамаати. Според интервјуата со службени и стручни лица за безбедност, во Босна и Херцеговина, дијаспората била клучна при основањето на заедницата во Горња Маоча (село во Тузланскиот кантон, на граница со областа Брчко). Редовно би земале учество на пара-џамаати во Зеница – подоцна, некои од овие лица, особено од Австрија, беа обвинети за редовно финансирање на тероризам. Покрај тоа, економијата и недостатокот на развој одиграле клучна улога во подготовката на теренот за разни недржавни актери да го пополнат институционалниот вакуум. На пример, подрачјето на кантонот на Зеница-Добој имаше енергичен индустриски сектор и беше имаше фабрика за челик која вработуваше околу 25.000 луѓе низ целиот кантон. Затворањето на фабриката и долгиот процес на приватизација предизвикаа сериозен економски пад. Ова значеше дека радикалните поединци, со пари на располагање и 'други' идеи при рака, најдоа начин да ги привлечат луѓето кон едно ново толкување на исламот и сосема нов светоглед од оној на кој претходно биле навикнати. [20]

Странските донации (главно неконтролирани) играа клучна улога во создавањето на паралелни верски заедници. Во контекстот на Албанија, на пример во Корча, финансирањето од разни донатори го овозможи развојот на разновидни структури за поддршка што придонесе кон консолидација на поделби во рамките на иста група во општеството. Последователно, препукувањата меѓу свештените лица и оние кои ја практикуваа верата водеше до тоа да локалните џамии држеа различни молитвени собири на кои групи на оние кои ја практикуваа верата се молеа само со имамите кои тие ги поддржуваа. Освен тоа, слабите институции, корупцијата и неказнивоста играа улога во создавање простор за поединци да бараат алтернативни 'даватели на услуги'. Неуспехот на институциите да се справат со ризиците од НЕ во нивните заедници создадоа можности да радикалните поединци се вмешаат и дејствуваат. Надополнето со недостатокот на основни услуги како што се безбедноста, здравството, образованието и владеењето на правото, водеше до влошување на незадоволството и оддалечување на поединци од државата.

---

[20] За повеќе детали, видете Becirevic 2016, 37-44.

*Илегални конгрегации*

На крај, илегални конгрегации се појавуваат на сите случаи на земји, во главно поради сличните причини и причинители – нудат место за собирање на истомисленици и се тесно поврзани со верските недржавни актери, дискутирани во претходниот дел.

Во Македонија, поради слабеењето на власта и веродостојноста на официјалната исламска заедница, илегалните џамии или пара-џамаати се проширија низ целата земја. Овие паралелни конгрегации се одржуваа вон рамките на исламската заедница и дејствуваа покрај законските верски установи. Пролиферацијата овозможи истовремено и, во некои случаи, многу силно проширување на екстремистичкиот наратив кој го проповедаат. Илегалните конгрегации успеале да ги нарушат и ослабат умерените наративи проповедани од џамиите контролирани од ИВЗ во Македонија.

Слично на ова, во Косово, поради нарушувањето на власта и социјалната положба на БИК, илегалните џамии и независните проповедници кои го занемарија авторитетот на БИК, се појавија во разни делови на земјата, користејќи различни средства како што се онлајн присуство и младински собири (пр. летни кампови) за да привлечат млади следбеници. Истражувачите открија дека овие проповедници доаѓале од такви далечни места како што е Пакистан и од блиски земји како Македонија, и поминале време да им се обратат на љубопитни толпи кои почесто би посетувале џамии отколку пред конфликтот во 1999 година. Илегалните конгрегации и проповедници кои раководат со овие собири, кои често биле тесно поврзани со клучните регрутери од погодените заедници, изгледа дека директно влијаеле врз нивоата на радикализација во одредени заедници, како и врз нивната реакција кон насилниот екстремизам. И во Албанија, локалните институции немаа проактивно ангажирање со оние кои покажаа симпатија кон алтернативните идеологии и наместо тоа ги игнорираа како пооддалечени.

## 3.3.2 Социјалните мрежи кои влеваат незадоволства и новата вера

Иако не беше испитано во детали од истражувачите, тука треба да се спомне улогата на социјалните мрежи и медиуми во ширењето на литература поврзана со специфични толкувања на верските текстови, бидејќи се чини дека игра клучна улога во радикализацијата на групи и поединци.

Во Македонија, во сите три општини, испитаниците пријавија широка достапност на ектремистички материјали на интернет, во главно на социјалните медиуми, кои се смета дека му помагаат на процесот на радикализација и регрутирање од екстремистичките групи. Како и да е, идеолошката блискост не само што се манифестира на онлајн платформите; блискоста со екстремистичките предавања, проповедници и џамии имаше ефект на 'пролиферација' на не-физички материјал, вклучувајќи ширење на радикални идеи. Ова беше мошне вообичаено во погодената општина Чаир во џамиите кои се надвор од официјалната рамка на ИВЗ.

Во македонскиот контекст е прилично лесно да се најде начин за искористување на различните нијанси на наративите за незадоволства, особено поради тоа што Македонија е на многу начини се уште постконфликтен контекст. Многу е лесно за екстремистите да ги искористат незадоволствата на албанското население во Македонија во рамки на нивните регрутирачки наративи за жртвување. "Додека еден етнички албански поединец може да има чувство на изолација, отуѓување или маргинализација од поширокото македонско општество, нивните незадоволства се надредени во пошироките, колективни наративи на незадоволства на етничкото албанско население, како што е дефинирано од екстремистички идеолошки наративи." (Stojkovski/Kalajdziovski 2018, 19) Покрај ова, влијанието на мастер наративите за светот ги поставува личните и колективните незадоволства во пошироки политички критики на статус кво-то. Социјалните мрежи, како онлајн така и офлајн, нудат можности за социјализација со радикали и истомисленици, овозможувајќи вистинска средина за потрага по значајни односи и значајност "и може да ги 'заглават поединците преку динамиката на притисок на врсниците [и] групното размислување' кои можат да ги 'зголемат трошоците за излез и да ги зацврстат заложбите за насилство'" (Stojkovski/Kalaj-

dziovski 2018, 11).

Во Босна и Херцеговина, мастер наративите за светот се искористени од салафистички проповедници кои дејствуваат преку пара-џамаати. Преку овие наративи, салафистите добија нов наднационален идентитет како дел од глобалната Ума, а не само поради пропагирање на пораката дека националниот идентитет не е неопходен. Салафистичките лидери, онлајн или офлајн, исто така, пропагираа и промовираа повторно откривање на 'чист' ислам кој ќе го обликува верското сфаќање меѓу своите следбеници и последователно ќе ги избрише локализираните социјални и културни традиции на босанските муслимани. Како што е наведено од Турчало и Велјан (2018, 15), Азиновиќ и Јусиќ открија дека потребата од надворешно упатување и владеење мотивирало многу босански салафисти да се приклучат кон ИДИЛ, истакнувајќи дека "тоа упатување можеби им овозможува да се справат со секојдневните животни несигурности без непрестајно прашување дали нивните дејствија или желби се дозволени од Бога. Наративот на ИДИЛ, и неговиот заклучок дека бруталната сила на правдата ги исправа сите неправди нанесени на муслиманите, ги навела некои млади Босанци да поверуваат дека, припаѓањето на ИДИЛ им гарантира праведност и вечен живот" (Azinović/Jusić 2016, 73). Босанскиот извештај за земјата ја нагласува улогата на социјалните медиуми во пропагирање на такви наративи: "Сеприсутноста на салафистичките проповедници онлајн значи дека некои трагачи по вера се водат кон лесно достапните предавања на водечките даии поставени на веб страни и поделени низ платформите на социјалните медиуми." (Turcalo/Veljan 2018, 18)

Во Албанија, онлајн медиумите имаа улога во радикализацијата, правејќи го материјалот достапен и обезбедувајќи лесен пристап до истиот. Некои од интервјуираните имами посочија на фактот дека повеќето екстремистички информации не се добиваат од верските власти, туку од самите поединци кои лесно се убедуваат од она што го читаат. Верските лидери во многу наврати нагласиле дека има многу дезинформации за верата кои го нарушуваат имиџот на исламот. Во Албанија, сите три општини биле изложени на онлајн дезинформации споени со потенцијални контакти со радикални проповедници или оние што ја практикуваат верата. Тирана била претежно погодена од присуството на екстремистичките проповедници кои имале тенденција да ја искористат изолацијата на одредени заедници каде што проповедале. На пример, во Изберишт (Yzberisht), каде нивото на радикализација е највисоко во земјата, социјалните мрежи биле фундаментални при одржување на постојана приврзаност кон екстремистичката идеологија поради зависноста од обезбедување на услуги како што се храна, облека и пари. Исто така, во Корча, единствената екстремистичка група идентификувана од истражувачите изгледа го искористила недостатокот на единство (и нарушувањето на авторитетот) во рамките на традиционалните исламски групи и за проповедање на други облици на исламот (како што тие го знаат).

## 3.3.3 Лидерството на заедницата

Од двете страни, и локалните и верските власти, важноста на (именуваното и само-именуваното) лидерство се издвојува, експлицитно или имплицитно, во сите студии на случаи. Истото држи и за приврзаниците на нови или различни читања на верата (и политиката), т.е. она што ние го нарекуваме 'заробувачи' или, помалку драматично, на трагачите по можности. [21]

За Босна и Херцеговина, авторите на студијата на случај нагласуваат дека "важноста на еден лидер кој ги формулира интелектуалните и теолошките пораки кои промовираат и оправдуваат радикални идеи или дејства е јасна во погодените заедници опфатени во истражувањето. Освен тоа, харизматичен лидер помага при привлекување на нови следбеници. Малата група салафисти во БПК нема таков лидер и затоа веројатно нема да расте"(Turcalo/Veljan 2018, 19, од дискусија на фокус група). Каде што постојат такви харизматични лидери, изгледа наоѓаат луѓе жедни за следново: "Заедничка карактеристика и на ненасилни и на насилни екстремистички групи, во погодените заедници опфатени во студијата, е недвосмислената улога на лидерството и другарството во рамки на групната

[21] Во контекст на оваа студија ние го употребуваме терминот "заробувачи" во однос на актери (поединци и групи) кои заземаат социо-политичка празнина, но не неопходно ја заменуваат државата. Тие можат да ја заземат оваа празнина, создадена од институционално отсуство или небрежност преку обезбедување на услуги, преку создавање на социо-економски заедници или нудејќи културни алтернативи, на пример. Тоа можат да го прават во меки форми, паралелно со државата или легитимните јавни и верски институции, или во тврди форми, заменувајќи ја државата или легитимните јавни и верски институции

динамика. Одлуките на лидерите се неоспорни, а следбениците несомнено се водени од нив. А тие следбеници непрестајно бараат понатамошни упатства во секоја замислена област на својот живот, од тоа со кого да се стапи во брак, преку начинот на стапување во верски одобрен сексуален однос, до прашања дали некоја работа е халал (дозволена од исламскиот закон).” Според мислењето на авторот, ова “ја покажува спремноста на салафистите да дозволат да верските лидери го уредуваат секој микро детал од нивниот живот.” (Turcalo/ Veljan 2018, 17). Забелешката, истакнуваат истражувачите, не е систематски поврзана со нискиот степен на образование и критичко размислување, иако ова може да биде точно во некои случаи.

Аспектот на лидерството, исто така, се појавува и во студијата на случај во Албанија, иако во однос на неговото отсуство или слабост, а не неговата сила, како што е истакнато погоре во дел 3.2.1. Државните институции, исто така, се прикажани како неактивни и импотентни во однос на ‘илегални’ организации кои нудат верска и економска помош за нивните заедници. За многуте испитаници од фокус групите присуството на државата се смета како клучно за спречување или заштита на поединци од регрутирање од страна на радикални и насилни групи. Освен тоа, “според шефот на полицијата во Тирана, еден он најважните елементи за поттикнување на СБ беше ‘очигледната незаинтересираност на државните институции за реагирање за состојбата’ [се однесува на времето кога се појавил феноменот на СБ]” (Qirjazi/Shehu 2018, 21). Покрај тоа, неефикасните институции – општините кои се отворени за соработка со другите во однос на прашањата за СНЕ, но не се чини дека самите преземаат проактивни чекори за намалување на ризикот од НЕ – се сметаат како овозможувачки фактори кои создаваат можности за радикализам и за манифестирање на НЕ во заедницата. Еден помал проблем, но сепак проблем кој албанската студија на случај го истакнува, е дека меѓу многу политички и верски лидери постои неподготвеност да се признае присуството на НЕ во нивните заедници, затоа темата ја ставаат ниско на нивната агенда. Меѓутоа, “недостатокот на интерес по ова прашање создава можности за радикализацијата и НЕ да се продлабочат во рамки на заедницата.” (Qirjazi/Shehu 2018, 22) Во однос на лидерството на сеопфатната верска власт, т.е. Муслиманската заедница на Албанија (МЗА), тие изразуваат дека “вреди да се напомене дека во текот на сите интервјуа, лидерите на верската заедница ја нагласија важноста МЗА да има поголема контрола и влијание како механизам за спречување на слични ‘измамнички’ дејности и понатамошна радикализација во иднината.” (ibid., 23.)

И од студијата на случај на Косово се појавува слична слика, каде што авторите потврдуваат дека просторот за насилни екстремистички гледишта е проширен поради кризата на лидерството во исламската заедница (БИК): “Нарушувањето на авторитетот, кризата на легитимноста и поделбите во повисоките редови на Исламската асоцијација на Косово создадоа простор за инфилтрирање разни идеологии во делови на Косово. Недостатокот на заеднички фронт против радикалните влијанија ја подели заедницата и го ослабна авторитетот на традиционалните имами.” (Jakupi/Kraja 2018, 26.) Што се однесува до иднината, се подвлекува враќањето на водството: “Патеките и искуствата кои овие заедници на крај ќе ги имаат со радикализацијата, ќе бидат длабоко обликувани преку враќање на водството на лидерите и инфлуенсерите на заедницата, кои моментално немаат механизми или поттици за реагирање при соочување со такви предизвици. ” (Jakupi/Kraja 2018, 1)

И конечно, за **Македонија**, авторите нагласуваат слични слабости: “Ако ИВЗ треба да биде институционалното тело кое ги регулира и управува со сите џамии низ цела Македонија, нивниот недостиг на контрола е лесно искористив од екстремистички проповедници...” (Stojkovski/Kalajdziovski 2018, 14/15). “На “паралелни џамии” им беше дозволено да се појавуваат покрај легитимните верски установи, најверојатно во рамките на вакуумот на моќ што го остави неефективната ИВЗ. Пролиферацијата на овие институции овозможи истовремена пролиферација на екстремистичките наративи кои ги застапуваат, понатамошно легитимирање на нивниот наратив и ослабување на умерените наративи проповедани од џамиите контролирани од ИВЗ.” (ibid, 14) На порегионално и политичко ниво, авторите, исто така, тврдат, заедно со Мајда Руге (2017), дека “националистичкото владеење [е] единствениот најважен домашен двигател на [...] радикализација” во регионот на Западен Балкан, во кој националистичките лидери “спречуваат помирување преку

манипулирање со општествените поделби со цел да го одвлечат вниманието од неуспесите во управувањето” (Stojkovski/Kalajdziovski 2018, 12).

Општо земано, на сите нивоа се појавува исто сфаќање на важноста на политичко и верско лидерство. Лидерството е ефективно на три начина – и неговото отсуство во добронамерни, конструктивни сили или неговото заробување од злонамерни, деструктивни сили, несомнено води до поголема подложност на насилниот екстремизам (меѓу другите поларизации) и ги погодува заедниците во поголема мера: Прво, лидерството е делотворно како контрола, кога недостатокот на контрола во областа на власта е проблематичен. Второ, лидерството е делотворно како моќ, кога борбите за моќ во рамките и низ институциите се проблематични. Трето, лидерството е делотворно како претпазливост и внимание, кога недостатокот на перцепција во врска со НЕ (потеклото, заканата што ја претставува, итн.) е проблематична.

## 3.3.4 Дополнителни актери со овозможувачки или портирски функции

Додека верските и институциите на локалната власт се од најголема важност, корисно е да се нагласат и дополнителни актери чии дејства (повеќе од нивниот групен идентитет сам по себе) се клучни за тоа дали насилниот екстремизам може да се задржи во една заедница. Највлијателните се младите, жените, родителите, едукаторите и социјалните работници. Тие може да се сметаат, од една страна, како најзначајни “мети” за регрутирање (млади), или како “портири” против деструктивно радикализирачки влијанија, од друга страна. Ако нивните постапки се слаби или нерешителни, тие може да станат овозможувачи на погоденоста од насилен екстремизам.

Една неодамнешна студија објавена од ОБСЕ укажува на овие актери, меѓу другото дека: “Младите, жените и лидерите на заедницата се клучни актери на граѓанското општество во напорите за С/СНЕРВТ [22] поради нивното влијание и способност да поттикнуваат социјални промени. Другите засегнати страни, како што се медиумите, применувањето на законот, едукаторите, истражувачите и приватниот сектор можат, исто така, да имаат значителен придонес...” Меѓутоа, студијата, исто така, истакнува значајни предизвици при остварување на овој потенцијал, што всушност често доведува до неактивност или неефикасност. Меѓу именуваните предизвици се “навигација на политички и законски ограничувања; обезбедување на учество при подготвување на политики и стратегија на ниво на влада; обезбедување на соодветно и одржливо финансирање; градење на внатрешни капацитети; обезбедување на лична безбедност; и основање на ефективни партнерства со владини актери” (ОБСЕ 2018, 10). Студиите на случај на четирите земји нудат некои прелиминарни наоди за овие групи на актери, иако ќе треба да се соберат поспецифични податоци преку идни истражувања.

#### *Младина*

Што се однесува до младината, постои чувство кај учесниците во истражувањето за земјата дека оваа група често има недостаток на свесност и/или способности за критичко размислување. Освен тоа, од образовните системи (секуларниот и образовниот) им се пружат малку можности за развој на овие способности. Исто така, постои заедничко чувство дека младите луѓе се особено подложни да се радикализираат во НЕ (повеќе за ова подолу). Студијата на случај во Босна ја потенцира младината кога ги третира можностите за стипендирање од салафистичките групи, кои, во услови на изразито високата невработеност, може да бидат привлечна опција. Авторите тврдат дека: “БиХ има највисока стапка на невработеност меѓу младите помеѓу 15 и 24 години (60.9%) во светот (Меѓународна организација на трудот (ILO), 2016 година), и незадоволството меѓу младите кои имаат ограничени или немаат можности за социјално и економско напредување ги прави приемчиви за нови доктрини, особено оние кои нудат апстрактни, утописки решенија за навидум нерешливи проблеми. Всушност, овој недостаток на можности може дури и да се смета како еден вид траума за младите во БиХ, кои понекогаш се соочуваат со бескрајни шанси само да би уживале ‘нормален’ живот. При

[22] Ова, според терминологијата на ОБСЕ, се однесува на Спречување/Спротивставување на Насилен Екстремизам и Радикализам кој Води до Тероризам.

настојување да го надминат ова, може да побараат водич или животен советник и се често подготвени да прифатат било каков излез од под бремето со кое се соочуваат ” (Turcalo/Veljan 2018, 18). Студијата на случај во Албанија укажува на влијанието на неефикасната локална координација (конкретно на локалните власти и полицијата на заедницата) во врска со младите, во смисла на неуспехот во намалување на семејното насилство и отсуството од училиште. Во поширока смисла, се подразбира дека колку е поголемо растојанието меѓу младите луѓе и нивните општествени чувари, толку полесно ќе бидат радикализирани (“За време на процесот на теренската работа и деск-истражувањето беше евидентно дека таквите партнерства, во избраните студии на случај, беа дисфункционални; особено во Тирана и Корча, каде што локалните претставници и полицијата во заедницата имаа многу малку соработка во областа на C/CHE”) (Qirjazi/Shehu 2018, 23). Студијата на случај на Косово укажува на корелација каде степенот до кој барањето (во пораст) на младите за учество останува занемарено или неисполнето, има влијание врз погоденоста на заедницата (Jakupi/Kraja 2018, 15 & 19).

Меѓутоа, одредена пропорционалност при оценувањето е од суштинско значење. Важно е да се запамети дека, “огромно мнозинство на млади луѓе, всушност, не се инволвирани во насилни или екстремистички групи...и, и покрај опасностите и пречките, многумина активно придонесуваат кон мирот и спречувањето на насилството”. Ова побива еден од упорните ‘митови на политиките’ кој претпоставува дека “сите млади луѓе се потенцијални регрути на групите на насилен екстремизам ” (Simpson/Altiok 2019).

#### *Семејствата, наставниците и социјалните работници*

Она што произлегува од студиите на случаи за улогите на семејствата (татковците, мајките, родителите...), училиштата и наставниците, социјалните работници и пошироката заедница, честопати се стреми да се фокусира на нормативното подрачје (на “треба да” или “треба”) отколку на очигледни реалности. Она што произлегува од студиите на случаи во земјите се структурни пречки и системски недостатоци, кои лесно ги преоптоваруваат индивидуалните и колективните капацитети на актерите.

Извештајот за Македонија укажува на недостаток на критички дијалог помеѓу родителите и нивните деца, каде што родителите се неволни или не се во состојба да ги вклучат своите деца во дискусија за нивниот верски избор (Stojkovski/Kalajdziovski 2018, 18). Ова оди рака под рака со недостатокот на свеста кај родителите за тоа што се случува во животот на нивните потомци (ibid., 5). Извештајот, исто така, го нагласува недостигот на подготвеност на наставниците и нивните слаби вештини: “Наставниците во училиштата се несоодветно подготвени за задачата да ги едуцираат учениците за опасностите што ги носи насилниот екстремизам. Во најдобар случај, се чини дека темата на насилен екстремизам не се дискутира на ниво на персонал поради неговата сложена и деликатна природа, и дека училишните структури не дозволуваат таквите наративи да се адресираат на широкопосегнувачки и ефективен начин. До ден денес, избегнувањето и не-вклученоста беа стратегии што ги преземаа училиштата, кои продолжуваат да им прават лоша услуга на оние кои се најранливи на повикот на насилен екстремизам. (ibid., 16.)

Студијата на случајот на Босна не присетува на важноста на родителите при насочување на нивните деца меѓу често привлечните (стипендии) понуди во повоеното општество. Постои голема потреба за насочување меѓу младите луѓе, кои често се чувствуваат напуштени од страна на главните институции и личностите-модели(види погоре). Истовремено, социјалната сцена е оштетена од премалиот број социјални работници за да можат да се справат со основните пост-трауматски симптоми на стрес или знаци на рано предупредување за подложност на радикализација (Turcalo/Veljan 2018, 14).

Извештајот за Албанија нагласува дека “родителите не го набљудуваат изложувањето на нивните деца по социјалните медиуми и кога тоа се спојува со изолација и социјално отуѓување, радикализацијата може незабележано да се случи” (Qirjazi/Shehu 2018, 17).

Студијата во Косово претставува одредени докази за потенцијалната улога на родителите и наставниците при проширување на мрежата на регрутирање во насилен екстремизам. Една од патеките за регрутирање во Елез Хан, на пример, поминуваше преку

локален наставник (Jakupi/Kraja 2018, 11).[23] Извештајот, исто така, покажува колку регрути од странските борци се всушност дел од блиски сродствени и семејни мрежи (ibid., 25). Младите, исто така, изјавија дека доживуваат голем притисок од нивните заедници и семејства во врска со нивното однесување (на пример, станувањето порелигиозни, пуштањето брада), што може да ги натера да се чувствуваат поизолирани и поотуѓени отколку што е корисно (ibid., 16). Меѓутоа, овој вид на отуѓување на тинејџери мора, исто така, да се смета како дел од пораснувањето и како нормална развојна 'радикализација' на младината во овој процес.

Накратко, улогите и потребите на младите луѓе и општествената заедница која ги води се разновидни. Иако постојат фактори кои ги прават овие актери поранливи на радикализација (зголемено чувство на потреба од насоки, општ очај за нивните услови за живеење во нивната заедница и земја, изложеност на пораки во социјалните медиуми и социјално вмрежување, чувство на преоптовареност и исклучување), радикализацијата во никој случај не е автоматска.

## 3.4 Заклучни согледувања

Во овој дел, се дискутирани темелно факторите и актерите кои ги обликуваат (релативно) погодените заедници во Албанија (населби на Тирана и во помала мера Корча), Босна и Херцеговина (Зеничко-Добојскиот кантон), Косово (Елез Хан, и - иако неиспитано темелно – Митровица) и Македонија (Чаир и во помала мера Гостивар). На крајот на оваа дискусија, неколку заеднички фактори и карактеристики на актерите се истакнуваат низ случаите.

Главниот фактор кој се издвојува низ сите студии на случаи на погодените заедници беше длабоката општествена поларизација, без разлика дали на социјални, политички, етнополитички или верски основи, проследена со значителен степен на недоверба во политичките и верските институции, кои главно се сметаат за не-реагирачки, неефикасни и пристрасни. Во поглед на овие две димензии, Албанија се докажува како исклучок, бидејќи состојбата на верските власти и етно-политичките поделби се историски помалку обележани. Не е изненадувачки што социо-економските услови, сами по себе, не беа одлучувачки фактори, иако играат улога во создавање на попогодна средина во некои случаи. Понатаму, во сите четири случаи на земји, како области со итна потреба за подобрување се истакнати недостатокот на квалитет на верското образование и зајакнување на критичкото размислување. И на крај, истражувањата на земјите укажуваат на значајното влијание што нагласеното чувство на маргинализација (било да е врз основа на припадност кон малцински идентитет или припадност на политички/економски запоставени изборни тела), го има врз веројатноста да заедницата стане склона кон регрутирање, радикализација и погоденост од насилен екстремизам.

Што се однесува до карактеристичните групи на актери или, уште позначајно, карактеристични дејствија од овие актери, може да извлечеме важен заклучок дека во погодените заедници, имаше општо чувство дека не постои проактивен и обединет сојуз на актерите (локалната власт и верските институции). Наместо тоа, имаше празен и незаштитен простор во кој – најчесто егзогени – регрутери би можеле а влезат и во кои можат да воспостават нерегулирани места за проповедување и прозелитизација. Портирите на таквите заедници – наставниците, родителите, итн. – беа често опишани, или како претежно несвесни за проблемот или незаинтересирани (во некои случаи, родителите, исто така, може и ги оправдале постапките на своите деца, понекогаш несвесни за последиците). Меѓутоа, исто така станува јасно дека не постојат црно-бели разграничувања. Студијата на случај во Албанија добро го сумира ова: "Погоденоста не е толку одредено од самото присуство на факторите и актерите погодни за ранливост од НЕ, колку од нивото, динамиката и комбинирањето на факторите и актерите во рамки одредена заедница." (Qirjazi/Shehu 2018, 1).

Спрема тоа, погодените заедници треба да се гледаат како без јасен континуум (т.е. без линеарност, што значи дека нема јасни линии или појдовни точки). Наместо тоа, гледаме нејасен и сложен систем, кој може поуспешно да се искористи од страна на одредени актери

[23] Овој наставник беше за возврат регрутиран од Зеќирја Ќазими (врховен регрутер/проповедник и лидер на џамијата Ел-Куддус во Гњилане).

кога условите се поволни. Студијата на случај во Македонија, исто така, го потенцира ова: "На крајот, наодите зборуваат за реалноста дека радикализацијата кон насилниот екстремизам не е линеарен процес; напротив, тоа се низа фактори кои се здружуваат за да се поттикне една сеопфатна средина која води кон пролиферација на екстремизам и насилен екстремизам" (Stojkovski/Kalajdziovski 2018, 1).

Ова опсервација значи дека треба многу да се води сметка при проценување на вродената ранливост (или отпорност) на заедниците, бидејќи може да варираат и да се менуваат доста брзо – однос кој што сакаме да го разработиме во заклучните согледувања во делот 6. Пред да се осврнеме кон тоа, следниот дел ќе се фокусира на анализа на факторите и актерите во игра во (по) непогодените заедници на Албанија, Босна, Косово и Македонија.

# 4 Непогодените заедници: Фактори и актери кои го спречуваат појавувањето на насилниот екстремизам

Овој дел се фокусира на анализа на факторите и актерите кои придонесуваат во ограничената изложеност на одредени заедници на појавата на насилен екстремизам. За разлика од претходниот дел, некои општини, во четирите студии на случаи на земји, се чини дека се релативно непогодени од претходно разгледаните показатели за радикализација и насилен екстремизам. Нашиот проект имаше за цел да разбере што може да ја објасни оваа ‘непогоденост’, што е тоа кое прави да одредени заедници се издвојат според својата способност (случајно или по избор) да спречат или се спротивстават на појавата на НЕ, дали споделуваат дел од истата ‘плодна почва’ како погодените заедници, и кој одреден збир на фактори и актери изгледа игра посебна улога која придонесува кон оваа непогоденост.

Мапирањето на избраните непогодени заедници во четирите земји првично покажува некои парадоксални наоди. Всушност, ќе видиме дека врз основа на нивниот социо-економски статус, овие заедници може да се сметаат за ‘плодна почва’ за појавување на насилен екстремизам (4.1). Меѓутоа, еден збир на историски и општествени фактори изгледа ја објаснува нивната непогоденост, заедно со позитивната улога на одредени локални актери во ангажирање за покохезивна и потолерантна заедница и намалување на потенцијалниот ризик од проширување на насилниот екстремизам во заедницата (4.2).

## 4.1 Мапирање на непогодени заедници

Како што беше објаснето во воведот, и како што беше со истражувањето на погодените заедници, истражувачките екипи се определија за општини, како најсоодветни единици за анализа, за да ги истражат различните фактори и актери во игра во непогодените заедници. Според вообичаениот збир на показатели за проценка на нивото на погоденост во рамки на четирите земји (како што е опишано во делот 3), секоја истражувачка екипа, како свој ‘предмет на истражување’ избра една или две општини идентификувани како непогодени, базирано на нискиот број (или отсуство) на поединечни заминувања за Сирија и Ирак (како странски борци во рамки на ИД или групи поврзани со Ал-Каеда), како и нискиот број (или отсуство) на пара-џамаати во овие општини. Еден дополнителен критериум, кој играше улога при изборот на случаи, беше интересот на екипите за анализирање на општините кои делат голем број заеднички карактеристики со погодените заедници, посебно во однос на социо-економските показатели идентификувани во делот 3, како предуслови или плодна почва за НЕ, но кои останале непогодени и покрај овие фактори на ранливост.
И на крај, еден друг критериум при избор беше релативниот недостаток на истражувања спроведени во овие општини, со цел избегнување на ‘заморот од истражувања’ поврзан со многу теренски области во четирите земји.

*Босна и Херцеговина*

Во Босна и Херцеговина, Босанско-Подринскиот Кантон (БПК) – во главно се состои од градот Горажде – нема доживеано никакви случаи на насилно екстремистичко однесување и нема активни пара-џамаати и покрај фактот што споделува некои од особеностите на ранливост забележани во погодените заедници. Всушност, истражувачите тврдат дека со оглед на социо-демографските податоци во кантонот [24] (пр. стапката на невработеност и нивото на образование), ниското ниво на доверба во институциите, и насилството доживеано во тек на војната 1992-1995, оваа заедница претежно на босански муслимани, "можела да биде совршена цел за салафистичките регрутери"; сепак, "демонстрирала отпорност и на ненасилниот и на насилниот радикализам" (Turcalo/Veljan 2018, 4).

*Македонија*

Во Македонија, трите избрани општини се категоризирани како силно погодена (Чаир), релативно погодена (Струга) и умерено погодена (Гостивар) од насилен екстремизам, врз основа на истите показатели применети во другите случаи на земјите. Гостивар и Струга ќе бидат анализирани во овој дел и споредени со Чаир. Во однос на социјалната и економската структура, сите три заедници покажуваат сличности. Како резултат на Охридскиот рамковен договор, локалните власти добија повеќе одговорности преку процесот на децентрализација, што значи дека тие имаат позначајна улога во секојдневниот живот на граѓаните. Според пописот од 2002 година, бројот на жители е како што следува: 63.000 во Струга, 65.000 во Чаир и 81.000 во општина Гостивар. Во сите три општини, Албанците се најголемата етничка група, која опфаќа 56,8%, 57% и 66,7% од населението, соодветно. Македонците ја сочинуваат втората по големина етничка група во овие заедници, со 32%, 24,1% и 19,6%, соодветно; меѓутоа, бидејќи Чаир е една од десетте општини во Скопје, Македонците се најголемата етничка група, а Албанците сочинуваат над 20% од населението на градот. Во сите три општини, стапката на невработеност е над 20%. Кај младото население, стапката на невработеност е над 40%.

*Косово*

Во Косово, општината Дечани беше избрана како пример на непогодена заедница, бидејќи исто така претставува интересен парадокс кога станува збор за главните причини и потенцијалните почви за насилен екстремизам. Всушност, социо-економската ситуација во Дечани е оценета како полоша отколку во Елез Хан (погодената општина анализирана во делот 3), но не се појавуваат никакви показатели за насилен екстремизам. Како што тврдат истражувачите, врз основа на добро познатите притискачки фактори на насилниот екстремизам, "треба да се набљудува присуството на странските борци во општината Дечани поради повисоката стапка на невработеност, како и големиот недостаток на економските перспективи и повисоките стапки на религиозност отколку во Елез Хан" (Jakupi/Kraja 2018, 14). Покрај тоа, општината беше една од најтешко погодените области од војната во 1998-1999 година во Косово. Но сепак, општината Дечани се издвојува како административна единица која нема ниту еден евидентиран случај на странски борец кој се приклучил на Исламската држава или други салафистички-џихадистички организации кои дејствуваат во Сирија и Ирак. Беше идентификуван само еден инцидент на криминал од омраза – графити со слоган на ИД беа напишани на ѕидовите на српски православен манастир од 14 век.

*Албанија*

Двете албански општини идентификувани како (релативно) непогодени, Каваја и Корча, го покажуваат истиот парадокс, со тоа што имаат полоши социо-економски показатели од погодената заедница (Тирана). На пример, стапките на невработеност во Каваја, Корча и Тирана се 29.5 проценти (со 55.2 проценти невработеност на младите), 27.2 проценти (55.3 проценти невработеност кај младите) и 24.3 проценти (48 проценти невработеност кај младите), соодветно.[25] Нивото на образование е исто така повисоко во Тирана отколку во другите две општини. Во Тирана, 31.4 отсто од луѓето имаат само основно образование, 65.9 отсто имаат најмалку средно образование и 25.3 отсто имаат универзитетска или пост-универзитетска квалификација. Споредбено, во Корча и Каваја бројките се полоши: 58.8

---

[24] Социо-економските околности што преовладуваа во БПК од крајот на војната до 2012 година, почнаа да се менуваат во 2013 година. Како што е забележано во Турчало/Велјан (2018), БПК моментално има најниска стапка на невработеност на младите во Босна. Стапката на неписменост, споредено со другите испитани заедници е сѐ уште највисока во БПК (3,74%), а има малку помал процент дипломирани средношколци (50,7%) од Зеничко-Добојскиот (52,7%) и Сараевскиот Кантон (54%).

[25] Попис на Албанија 2011, последните службени податоци обезбедени од Институтот за Статистика во Албанија, http://instatgis.gov.al/#!/l/prefectures/population/prefpop1

отсто и 49.2 отсто, соодветно, имаат само основно образование, 35.4 отсто и 46.2 отсто имаат најмалку средно образование, а 7 отсто и 13.8 отсто имаат универзитетска или пост-универзитетска квалификација.

Членови на заедницата во двете општини известија за случаи на перципирана дискриминација, што исто така беше идентификувано како фактор на насилен екстремизам во делот 3. Иако и Каваја и Корча се идентификувани како непогодени заедници и покрај присуството на такви погодни фактори, од страна на истражувачите, Корча е проценета дека има поголем потенцијален ризик за засолнување на идна насилна екстремистичка идеологија и поврзани активности. Тука се случиле инциденти на верско-(интер- и интра-верско) мотивирано насилство, и дополнителни фактори, анализирани во делот 3, се присутни во општината, како што се странските донатори и проповедници, како и перципиран недостаток на соработка и координација со јавните институции (безбедност, локална самоуправа, образование итн.).

Конечно, истражувачите, исто така, укажуваат на знаците на 'скриен радикализам' во двете заедници, кои преовладуваа за време на интервјуата и дискусиите на фокус групите и кои треба да се земат предвид за да се добие посеопфатна слика за форми во пораст на насилен екстремизам во сите истражувани заедници. Како и да е, ни Каваја, ни Корча немаат евидентирани случаи на странски борци [26] и затоа може да бидат целосно разбрани и анализирани како непогодени, според главниот показател на НЕ користен за ова истражување.

## 4.1 Фактори и актери погодни за спечување на насилен екстремизам

После ова кратко претставување на шесте (релативно) непогодени заедници низ сите четири земји на студии на случај (БПК во БиХ, Струга и Гостивар во Македонија, Дечани во Косово, Каваја и Корча во Албанија), овој дел ќе го разгледа збирот фактори и актери за кои е утврдено дека имаат силно влијание врз спречување (или недостаток) на насилен екстремизам во овие општини. Ќе ги анализираме факторите поврзани со општествената структура, историјата и географијата на (релативно) непогодените општини, покрај улогата на ангажманот на заедницата против насилниот екстремизам од страна на специфични локални актери.

### 4.2.1 Социјална кохезија и мултикултурализам

Високиот степен на социјална кохезија меѓу различните верски, национални и етнички заедници изгледа е заедничка особина на најнепогодените општини. Како што се тврди од истражувачите во Македонија, фокус групите одржани во Струга покажаа дека малцинските групи се чини дека се само периодично погодени од перципираното отуѓување, изолација или маргинализација, за разлика од погодената заедница. Во Албанија, интервјуираните испитаници во Корча и Каваја опишаа чувства на верска хармонија и почит за различноста. Овие идеи преовладуваа на фокус групите составени од мешани вери, родови и старосни групи.[27] Во Каваја, од речиси сите клучни информатори беше нагласена меѓусебната хармонија како историска карактеристика на општината. Традицијата на културно

[26] "Според официјалните статистички податоци, нема пријава за градот на потекло на СБ кој замина за да се бори во Сирија и Ирак. Моравме да се потпреме на збир медиумски извештаи и интервјуа со експерти, НВОа и актери на заедницата за да потврдиме дали во нивните градови се пријавени случаи на СБ. Заради тоа, се уште постои можност да нашите извори не се целосно свесни за реалната ситуација и можеби овие градови имале СБ кои заминале за Сирија и/или Ирак – иако би било МНОГУ неверојатно бидејќи овие заедници се многу мали и таква појава би била забележана и лесно истакната." (Објаснување од авторите на студијата на случај Редон Ќирјази и Ромарио Шеху, е-маил 26 февруари 2019.)

[27] Треба да се додаде забелешка на претпазливост, бидејќи исто така беше објавено дека, и покрај тврдењата за верска хармонија во непогодени заедници, имало и знаци на верска нетолеранција, или барем барање за надмоќ на верата на едниот. На пример, неколку учесници на фокус групата во Корча повторија дека "Бекташите [верска заедница во Албанија] не се вистински муслимани", додека друг кој практикува вера не приговори кога таа изјави "многу години од сега, веруваме дека луѓето ќе се освестат и ќе се приближат до исламот. Тие ќе ја разберат вистината" [Qirjazi/Shehu 2018, 22].

‘поврзување едни со други’, е наводно покажана преку прославување на верски прослави на други верски заедници како знак на солидарност, и преку традиционални посети за обележување на различни социјални пригоди, меѓуверски бракови и пријателство. Според зборовите на еден локален имам, “секој [таму] ги познава сите и тие влегуваат и излегуваат во домовите на едни другите (имам во Каваја, 2018), што подразбира силни меѓучовечки врски. Слични ставови изрази и жена која практикува вера кој се преобратила во ислам, изјавувајќи дека се чувствува поприфатена во Каваја отколку во нејзиниот роден град Кукс (муслимани кои ја практикуваат верата во Каваја, 2018)” (Qirjazi/Shehu 2018, 18). Извештаите на земјата покажаа дека негувањето на граѓанските вредности или почитувањето на различностите и верската толеранција може да послужат како клучен механизам за спречување на дискриминација, отуѓување и екстремистички насилни идеологии. За време на работилницата за дијалог одржана во Каваја во ноември 2018 година, за презентација и дискусија на резултатите од истражувањето со претставниците на заедницата, присутните верски лидери (главен муфтија и православниот свештеник) истакнаа дека ситуацијата не е толку розова во нивната општина, но бидејќи различни групи на заедницата коегзистираат во хармонија и редовно комуницираат за заедничките прашања, ова го спречува појавувањето на феноменот на НЕ во нивната средина. Во Корча беше забележана слична ситуација, иако учесниците на истражувањето таму тежнееја да се реферираат на нивниот интеркултурен контекст како неутрална состојба на коегзистенција отколку како ситуација во која заедницата активно бара поврзување и врски. Така да, што е повеќе меѓусебно поврзана една општина, толку е поголема можноста за градење на кохезија, не само меѓу своите членови туку и вертикално кон државата, преку зајакнување на довербата во јавните институции.

### 4.2.2 Граѓанското ангажирање преку активно граѓанско општество

Вториот фактор кој ги поттикнува перцепциите за социјална кохезија и хармонија која гради отпорност од насилен екстремизам е просторот што се нуди за да граѓанското општество се изрази, делува и да се вклучи во заедницата.

Во Косово, имало поголемо и поделотворно инвестирање во општествените и граѓанските инфраструктури во истражуваната непогодена заедница. Дечани има корист од културен центар и има пола дузина активни локални организации на граѓанско општество (ОГОа) кои го поттикнуваат и зајакнуваат прифаќањето и взаемното разбирање преку политички дебати, верско образование, итн. Спротивно на тоа, Елез Хан нема практично ниту еден активен клуб или ОГОа.

Во Македонија, извештајот на студијата на случај детално ја опишува улогата на граѓанското општество во промоција на соживотот и одбивањето на екстремистичките идеологии. За разлика од Чаир, Гостивар и Струга се обиделе да се спротивстават на екстремните идеологии преку социјализација на членовите на заедницата во дебати и разговор. Наодите покажаа дека поттикнувањето на јавната свест за опасностите кои ги претставува екстремизмот им помогна на поединците да се вклучат во заеднички анти-екстремистички наративи. Во Струга, пред се, ова беше овозможено преку серија предавања и дебати меѓу клучните засегнати страни. На пример, една НВО организира патувања за млади луѓе на разни места, за тие да можат да учат и да комуницираат со поединци надвор од нивната етно-верска позадина; младите се особено таргетирани на овој начин бидејќи невладината организација верува дека тие се најподложни на екстремистичките пораки и затоа ги користат овие иницијативи да помогнат при спротивставување на оваа појава (Stojkovski/Kalajdziovski 2018). Покрај тоа, невладините организации во Струга во голема мера се смета дека играат клучна улога во организирањето на мултикултурни настани. Како што нагласи еден испитаник, НВО “играат важна улога во организирањето различни активности за подигање на свеста за насилниот екстремизам [...] создадени во отсуство на рекреативни активности и објекти” (Stojkovski/Kalajdziovski 2018, 22). Во однос на влијанието на таквите

иницијативи, испитаниците во Гостивар истакнаа како вклучувањето на заедницата и општествената свесност за опасностите што ги претставува екстремизмот позитивно влијаело врз релативната непогоденост на нивната општина. На пример, еден испитаник во фокус групата на млади пренел искуство кога еден колега “се обидел да ја радикализира” преку наметнување на неговите екстремни ставови врз неа секој ден; сепак, “тој не успеа бидејќи (таа) се спротивставила со факти и идеи” (ibid., 23), извлечени од високото ниво на општествениот ангажман во гостиварската заедница во врска со опасностите кои ги претставува екстремизмот.

### 4.2.3 Силно чувство на поврзувачки (национален) идентитет

Наодите од истражувањето, исто така, ја нагласуваат интеракцијата меѓу повеќекратните идентитети што се преклопуваат (кое косовските истражувачи го нарекуваат ‘хиерархија на идентитет’), што укажува на тоа дека заедниците врзани со силно чувство на национален идентитет би можеле да бидат помалку ранливи на привлекувањето на верскиот насилен екстремизам. Иако националниот идентитет може да стане вектор на екстремизмот, кога се изразува со исклучувачки и ксенофобични (‘ние наспроти нив’) изрази, инклузивните пристапи кон национализмот, исто така, може да послужат како противтежа на верскиот или етно-политичкиот насилен екстремизам со поврзување на граѓаните еден со друг преку заеднички идентитет.

Во косовската општина Дечани, претежно албанска општина, со мали џебови на српски, ромски и турски малцинства, испитаниците од интервјуата ја изразија силата на албанскиот идентитет, кој се смета за фактор кој го спречува појавувањето на верски насилен екстремизам. “Чувствата на националниот идентитет се силни, како што е и чувството на жртвување за косовската слобода, поддршката на САД, интервенцијата на НАТО, западот и тоа се работи што ние ги цениме како вредни. Затоа, овие (радикални) струи се спротивни на оваа идеја” (Jakupi/Kraja 2018, 19). Дечани е често вклучен во национални прослави и други ритуали на сеќавање, поттикнувајќи силен национален идентитет; таквите ритуали ги поврзуваат членовите на заедницата едни со други и ги намалуваат перцепциите за изолација или маргинализација, кои би можеле да бидат поволни за социјализацијата со екстремистичка идеологија. Кога беа запрашани за нивната идентитетска припадност, и религиозните и нерелигиозните членови на заедницата првенствено се идентификуваа со нивната албанска етничка припадност, а потоа со нивниот верски идентитет.

Слично на тоа, извештајот за студијата на случај за Албанија покажа дека во суштина, “додека верата не игра многу значајна улога за повеќето Албанци, општествениот, културниот и националниот идентитет се истакнати” (Qirjazi/Shehu 2018, 3). Фактички, според еден поскорешен извештај, над 80% Албанци веруваат дека силниот национален идентитет позитивно влијае врз верската толеранција (Vurmo et al. 2018).

Овие примери, исто така, изгледа укажуваат на тоа дека над етничкиот или националниот идентитет, постоењето на силно чувство на утврден, цврст и стабилен идентитет придонесува позитивно кон спречувањето на насилниот екстремизам. Ова тврдење го изнесе и францускиот научник Оливие Рој во својата анализа на исламскиот радикализам (Roy 2002, 2008). Според Рој, со индивидуализацијата на верата поради акултурација, поединецот станува мета на проповедање. Преку принципот на декултурација,[28] доктрините на салафистите се наменети за да избришат било какви односи со западната култура, политичката историја, националниот идентитет и сл., за да ги пронајдат темелите на древниот побожен ислам. Така, нео-фундаментализмот ги привлекува жртвите на аномичната акултурација обезбедувајќи им обновено чувство на идентитет. Во непогодените заедници прикажани во овој дел, декултурацијата наведена од Рој не се вкоренила бидејќи чувството на припадност на националната историја, традиција и култура го надминува секој друг културен или верски идентитет и е затоа директен одговор на можна екстремистичка закана и гласови.

Меѓутоа, треба да се нагласи дека верскиот идентитет сам по себе не неопходно е предиктор на екстремистичката мисла или дејство: во Албанија, чувството за верски

[28] Оливие Рој се потпира на концептот на декултурација (користејќи го истовремено зборот ‘акултурација’) во неговата анализа на еволуциите на верите. Според Рој, верите ги кинеле врските со културата во која биле вградени (Христијанството со хеленизмот и Исламот со арапскиот идентитет) за да се претворат во ‘чисти’ вери (евангелизам или салафизам). Овие вери се оние кои привлекуваат најмногу преобратеници, делумно затоа што не се вкоренети во одредена култура (Roy 2008, Maurot 2008).

идентитет се чинеше дека е посилно во Каваја, најмалку погодената општина. Во Косово исто така, истражувачите истакнаа дека испитаниците, како во погодените, така и во непогодените општини, укажале на пораст на религиозност од крајот на војната (потврдена и со се поголемиот број на џамии изградени во овие општини) и се поголемо барање од младите за учество во верските прашања. Така да, верскиот идентитет може да игра позитивна превентивна улога ако се управува на начин кој не го промовира екстремизмот, туку го промовира не-насилството и толеранцијата. Ова нè води до фундаменталната улога на верското образование

## 4.2.4 Квалитетот на верското образование

Иако истражувањето не дојде до некакви конечни докази за влијанието на (нивоата и квалитетот на) општото образование врз склоноста на заедниците да бидат погодени од насилниот екстремизам, изгледа дека се идентификуваат посилни врски кога станува збор за верското образование. Многу испитаници тврдеа дека ако образованието е многу важно во однос на оспособувањето на поединците за критичко проценување на идеите со кои се соочуваат, ова е уште поважно за верската наставна програма. Со оспособување на учениците со критичко размислување, историско знаење, способност за дебатирање за факти и идеи, итн., висококвалитетното верско образование помага да се спречат членовите на заедницата да западнат во насилен екстремизам. Општата идеја што ја открија заедниците вклучени во истражувањето е дека зголеменото ниво на верско образование и знаење им отежнува на можните регрутери да продаваат заговорувачка верзија на исламот како единствено вистинско толкување на верата. Од друга страна, верското образование како процес на учење за верата честопати е придружено со чувство на отвореност, толеранција, прифаќање и дебата за верските текстови и нивната примена во општеството. Ова може да избегне премногу ригорозна и буквална верзија на верските списи, кое често го користат екстремистички проповедници и индоктринатори.

Во Македонија, во однос на оваа димензија, наодите од истражувањата откриваат значителни разлики помеѓу трите испитувани општини. Во Чаир, погодената заедница, се чини дека не постои било какво верско образование што им се нуди на младите. Еден претставник на локална невладина организација изјави: “Не се случува никаква дебата. Тие не сакаат да ја прифатат реалноста; ние не сакаме да зборуваме за лошите навики во [Исламот].” (Stojkovski/Kalajdziovski 2018, 16) За разлика од ова, позитивното влијание на соодветното верско образование може да се илустрира со примерот на Гостивар. Таму, во дискусиите од фокус групата со млади се истакна дека објавувањето на албански преводи на исламски верски текстови ги изложило младите на традиционални, а не екстремни толкувања на исламот, овозможувајќи им да се стекнат со самообразование за верските аспекти кои им се најинтересни и релевантни. Еден интригантен наод, што произлегува од теренската работа во Струга и во Гостивар, е дека непогодените заедници имаат тенденција да бидат посвесни за потребата од висококвалитетно верско образование отколку погодените заедници. Во Гостивар, и покрај погоре наведената позитивна иницијатива, испитаниците истакнаа дека верското образование е неефикасно, додека во Струга, верското образование е опишано како присутно и ефективно, но има потреба од разновидност. Учесниците на една фокус група во Струга дополнително ја истакнаа важноста на рационализирање на образовните програми низ целата општина, така што наставниците кои отстапуваат од воспоставениот наратив и се обидуваат да шират екстремистички ставови може да се пријават кај образовните власти. Еден професор во средно училиште ја истакна важноста да се забрани верската пропаганда во училиштата и потребата на наставниците да “кројат генерална стратегија во врска со прашањето на екстремистичката мисла” (Stojkovski/Kalajdziovski 2018, 25). Зголеменото ниво на свест може да се смета како прв чекор кон ефективна способност да се спречи вкоренување на екстремистички и насилни наративи во заедницата. Овие сознанија, исто така, ја поддржуваат премисата дека пропагирањето на умерените исламски принципи во поширокото општество и пристапот до широк спектар на теолошки толкувања би можеле да ги оспособат поединците да ги разберат и сопствените

верски традиции, и каде тие се вклопуваат во пошироки верски традиции во целост.

Во Албанија, двајца високи државни функционери (општински администратор и полициски шеф во заедницата) во Каваја, исто така, ја истакнаа ефикасноста на едукативните кампањи во нивната мала заедница. Она што се издвојуваше од фокус групите и во Каваја и Корча беа напорите на училишните наставници да ја адресираат појавата на НЕ во нивните часови. Средношколските професори во двете општини потврдија дека го покренале прашањето, но ја истакнаа потребата за поструктуриран институционален пристап. Друга важна компонента која постојано се појавуваше за време на теренското истражување и беше споменат од сите верски лидери беше важноста на воведување на верско образование во училиштата од страна на обучени верски експерти, како механизам за спречување дезинформации и намалување на ранливоста на младите на верски екстремизам.

На крај, се смета дека родителите играат важна улога во верското и граѓанското образование на нивните деца, а со тоа и во спречувањето на радикализација преку сузбивање на влијанието на егзогените агенти на насилен екстремизам, како што е илустрирано со ова интервју во Босна и Херцеговина:

> *"Откога татко ми беше убиен во битка, една арапска хуманитарна организација ни понуди помош и стипендија за мене. Бараа само да одам во мектеб [исламска школа] секој викенд. Одев редовно, и таму учевме за исламот и неговото практикување. Не бев свесна за разликите меѓу тоа што го учевме таму и босанскиот ислам. Но во исто време одев и на фолклор. Еден викенд морав да патувам во странство со својата фолклорна група, па им го кажав тоа во мектебот, учителот се потруди да ме убеди дека верувањето во фолклор е грев, а посебно е грев девојче да патува во странство без придружба на махрам. Тогаш за првпат го слушнав тој збор. Кога виде дека не отстапувам од патувањето со својата фолклорна група, продолжи да ме убедува, па дури и ја посети мајка ми да и каже каков грев правам ако продолжам да одам на фолклор и ако заминам во странство со групата. Да немаше мајка ми цврст став за тоа дека имам право да изберам што ќе правам – па дури и одлучи да престане да ме праќа на мектеб – кој знае која или што ќе постанев во меѓувреме."* (Turcalo/Veljan 2018, 16)

## 4.2.5 Лидерство и координација помеѓу локални верски власти и државните функционери

Како што веќе се спомена во контекст на верското образование, лидерите на локалната заедница играат клучна улога или во спречување или реагирање на раните знаци на радикализација охрабрени од регрутери, проповедници и други претприемачи на насилство опишани во дел 3.3. Лидерите на заедниците се дефинирани овде како функционери на јавни и верски институции на општинско ниво, кои имаат стекнато одреден степен на локална власт и секојдневно се ангажираат во заедницата. Четирите студии особено ја нагласуваат одговорноста што ја имаат локалните функционери (како што се градоначалниците или полициските службеници) и верските власти (вклучувајќи ги и клучните личности како што се имамите и муфтиите) во намалувањето на ризикот да членовите на заедницата се вклучат кон насилен екстремизам.

Во Босна и Херцеговина, наодите од истражувањата во општината на БПК покажуваат дека, кога верските лидери се свесни за заканата што може да ја предизвикаат странските дискурси и странското влијание, и преземаат проактивен став да ги спречат или сузбијат овие странски влијанија, тие позитивно ја обликуваат институционалната агенда и ја чуваат заедницата од изложување на насилен екстремизам. Како што забележа еден локален политичар, "ако не постои премолчено одобрување од локалната ИЗ, тогаш е тешко [салафистите] да се здобијат со простор за дејствување, а во Горажде наидоа само на одбивање... Неколку пати, имамите дознале дека некои од малкуте локални салафисти се обиделе да ги убедат другите верници да променат некои од нивните практики и ова јавно го критикувале" (Turcalo/Veljan 2018, 12).

До слични наоди се дојде и во општина Дечани, во Косово, каде локалните имами и службени лица од Исламската Асоцијација на Косово (БИК) имаат соработувано навремено со општинските власти да откорнат било какви предизвици во врска со нивната контрола врз верските прашања. Тие, исто така, активно се ангажирале на терен со цел да развијат блиски врски со населението, да ги разберат нивните проблеми и потреби и да понудат локализирани одговори. Властите на БИК тврдеа дека дејствувале здружено со избраните претставници со цел да ги искоренат гласините кои ја доведуваа во прашање нивната власт, перципиран како прв знак на надворешно влијание врз прашањата на верата. Таму каде што помладите генерации на следбеници сакаа други проповедници, локалните имами дејствуваа здружено и во целосна координација со локалните општински власти да забранат секој предавач кој не бил сертифициран од БИК и да им го спречат пристапот до заедницата на верниците. Затоа, имамите и градоначалникот, "често се состануваа со заедницата, вклучувајќи и состаноци во градското собрание но и помалку формални собирања како венчавки и бдеења, за да предупредат за опасноста што ја претставуваат непотврдените проповедници" (Jakupi/Kraja 2018, 15). Слично на ова, како што тврди едно службено лице на БИК, "многу сме работеле со младата генерација. Добивавме закани и навреди, се додека не ги убедивме дека тоа не е начин. Поминавме денови и ноќи со младите, на улиците и насекаде по Дечани бидејќи ова е мала заедница [...]. Нема сомнеж дека сме погодени од тоа, но тоа се изолирани случаи и државната рака имаше влијание" (ibid., 16). Поради блискоста со заедницата на верниците, градоначалникот и службените лица на БИК можеа да ги разберат чувствата на населението и, ако е неопходно, да реагираат. Поранешниот градоначалник на Дечани потврди дека "имаше поединци кои можеби имаа прифатено поекстремни идеи од другите, но под притисок на заедницата го напуштија Дечани бидејќи јавноста ги гледаше поинаку" (ibid.). Покрај тоа, за да се спречи какво било злонамерно влијание, локалните власти собираа информации за набљудување на изградбата на нови џамии и се мислеа да спречат изградба на џамија ако изворите на финансирање изгледаа сомнително.

Освен попречувањето или побивањето на надворешните влијанија, локалните имами во Дечани, исто така, настоеја да промовираат контра-наратив за нелегитимноста на насилниот екстремизам. Додека имамите во другите места во Косово ги намамија своите следбеници со проповеди за вредноста на џихадот, верските проповедници на Дечани експлицитно негираа дека војната што ја водеше ИД во Сирија и Ирак беше на било кој начин света војна. Во суштина, со нивната посветеност и локалните инвестиции, претставниците на верските власти дозволија да локалното население создаде сопствено мислење и убедување, еден вид отпорност кон говорот на омраза.

Меѓу трите испитани општини во Албанија, Каваја се чини дека е единствената во која локалното население немала директен контакт со радикални поединци. Сите испитаници ја истакнаа позитивната улога која ја играа верските лидери и за известувањето и за адресирањето на прашањата на радикализмот. На пример, тие вложија напори за едуцирање на населението за ризиците на НЕ. Според муфтијата на Каваја, многу граѓани биле "свесни и многу чувствителни за прогонот, човечките жртви и севкупната неправда што се случуваа во Сирија ... и дека неправдите не може да се решат поединечно, така што ние се погрижиме успешно да ја пренесеме таа порака" (Qirjazi/Shehu 2018, 14). Ваквите напори, како што е забележано, биле иницирани дури од раните почетоци на феноменот на странските борци во Албанија. Муфтијата на Каваја изјави дека веднаш штом сфатил дека појавата може да предизвика проблеми во нивната заедница, тој "одржал средба со имамите за да се осигури дека пренесуваме експлицитни пораки" против радикалните идеологии. Оваа изјава ја потврдија оние кои практикуваат вера на фокус групата кои ја спомнаа "позитивната работа на имамите од самиот почеток" како фактор кој придонесува за отпорноста на градот (ibid., 15). Друг пример за проактивна иницијатива во Каваја беше воведувањето на контролен механизам за набљудување на сите донации, кои требаше да добијат одобрение од муфтијата. Ова помогна да се одржи балансирана распределба на добротворни фондови, да се спречи перцепцијата на фаворизирање и да се насочуваат средствата каде што верската заедница сметаше дека е најсоодветно. Она што се издвојува во случајот на Каваја е проактивната природа на ангажманот и координацијата меѓу централното раководство на исламските власти и имамите кои работат на теренот.

Додека верските власти во Каваја успеаја да покажат обединет фронт преку заедничкото дејствување за спречување на насилен екстремизам, единствената екстремистичка група идентификувана во Корча изгледа го искористила недостатокот на единство во рамки на главните исламски групи во градот за проповедање “искривена верзија на исламот”. За подолго време, дејствата на оваа група поминаа без критики, што овозможи нејзино искористување на исламистичката идеологија. Сепак, како што потврдува началникот на полицијата на заедницата, службените верски структури почнаа да соработуваат со полициските сили за да ги прекинат нивните дејствија(Qirjazi/Shehu 2018). Во тој поглед, Каваја започна да применува програма за полициско работење во заедницата, каде што различни институции соработуваат за подобрување на безбедноста и благосостојбата на заедницата. Позитивната улога на полициско работење во заедницата во спречувањето на насилен екстремизам е документирана од разни студии (на пр. ОБСЕ / ОДИХР 2014), кои тврдат дека “блиската соработка базирана на доверба меѓу полицијата и заедниците на кои им служат ќе резултира со намалени тензии и незадоволства, и подобрена способност за интервенирање рано во циклусот на терористичката радикализација, намалување на закани за јавната безбедност и поттикнување поотпорни заедници” (ОБСЕ 2018, 33).

На крај, иако верските власти во Македонија се во главно сметани како неефикасни низ трите испитани општини, поради високото ниво на недоверба кон нивните институции, истражувачите забележаа дека, таквите тела барем постојат во двете непогодени заедници, додека во погодената заедница не постои лидерство кое може да се активира за да се спречи насилниот екстремизам. Што се однесува до општинските власти, нивната улога беше попозитивно оценета во Струга, каде што сукцесивните градоначалници беа опишани како клучни личности кои се ангажираат за нивната заедница. Ова беше потврдено од страна на еден испитаник кој тврдеше дека политичките претставници играат клучна улога во поставувањето на тонот во една заедница: “Мислам дека актуелниот градоначалник е доста либерален и се обидува да создаде средина што го поттикнува мултикултурализмот, а ова беше исто и со претходниот градоначалник” (Stojkovski/Kalajdziovski 2018, 26). Кога го имаме во предвид македонскиот контекст, каде што етничките поделби често се искористуваат за политичка корист, изборот на такви јавни личности е критично бидејќи тие имаат потенцијал да играат клучна водечка улога во поттикнување на соработка со мноштво засегнати страни и отвореност кон различностите на владино ниво. Иако мора да се забележи дека ова мислење потекнува од поединец од канцеларијата на градоначалникот, сепак претставува важна опсервација која има опипливи импликации на основно ниво.

Иако четирите студии на случаи покажаа неколку јасни примери каде актерите на локалната заедница и позитивните инфлуенсери се способни да спречат или реагираат за да се избегне ширењето на насилниот екстремизам во нивните заедници, потребни се понатамошни истражувања и треба да се фокусираат повеќе на превземените дејства и капацитети на овие актери, како и ограничувањата при градењето на поотпорни ставови во рамки на заедницата.

### 4.2.6 ‘Случајно’ непогодени? Локални специфичности и историско наследство

И на крај, овој дел не би бил целосен, без да се споменат географските и историските специфичности на одредени општини кои придонесуваат за недостиг на склад на екстремистички идеи и однесувањето меѓу членовите на заедницата. И во Босна и Херцеговина и во Косово, наследството на вооружениот конфликт претставува интересен парадокс: од една страна, двете заедници кои особено страдале во тек на војната, можеле да станат лесен ‘плен’ за регрутерите и екстремистичките проповедници; но од друга страна, самото наследство на војната играла улога во спречувањето на вкоренувањето на верските изразувања на насилен екстремизам во овие заедници.

Во Босна и Херцеговина, отсуството на ‘привлекувачки’ фактори за насилен екстремизам во БПК во голема мера се објаснува со физичката изолација на општината

која произлезе од босанскиот конфликт во раните 1990-ти. За време на војната, БПК беше во мала енклава контролирана од босанската армија, но достапна само преку опасни патеки контролирани од српските сили, а со тоа беше отсечена од остатокот на територијата управувана од правната влада. Како резултат на тоа, “семето на салафизмот не е сеено во тек или веднаш по војната” (Turcalo/Veljan 2018, 12). Како што беше забележано претходно, босанските муслимани во БПК претрпеа масовни ѕверства за време на војната, и ова трауматично искуство можело да ги направи доста подложни на наративите што ја инструментализираа нивната виктимизација. Сепак, изгледа дека затоа што никогаш го немаат сретнато гласникот, граѓаните на БПК во голема мера ја избегнаа пораката на салафизмот и кантонот беше поштеден од салафистичкиот прозелитизам и пропаганда. Анализата во делот 3 ја нагласи важноста на харизматичните лидери кои ги формулираат интелектуалните и теолошките пораки кои промовираат и оправдуваат екстремистички идеи или дејства и помагаат да привлечат нови следбеници. Малата група на салафисти во БПК нема таков лидер и затоа е веројатно нема да расте. Според испитаниците, салафистичките проповедници не се чувствуваат удобно или безбедно патувајќи низ Република Српска, и се плашат од привлекувањето внимание на полицијата и разузнавачките агенции посетувајќи го Горажде редовно. На една дискусија во фокус група, еден од овие проповедници им кажа на истражувачите: “Имав покана да одржам предавање во Подриње, но одбив...Ги мерев причините за и против, бидејќи никогаш не сум бил во српско доминантна област. Ова е причината зошто одлучив да не одам... Се чувствував неудобно и размислував за можноста да ме застане нивната полиција да морам да одговорам на прашања за мојата брада.” (Turcalo/Veljan 2018, 23) Така изолацијата во тек на војната го спречила изложувањето на заедницата на салафизам, што се одразило со многу мал број салафисти кои се сместиле во БПК, отсуство на пара-џамаати и на заминувања за Сирија и Ирак. Наместо по избор (преку проактивни дејства или превентивни мерки, како е нагласено подолу), заедницата може да се смета непогодена ‘случајно’ поради единствена воена и повоена позиција на мапата на Босна и Херцеговина.[29]

Историското наследство, исто така, игра значајна улога во општина Дечани во Косово. Како и голем дел од Западно Косово, Дечани посебно се гордее со активниот придонес на своите локални личности кон косовското движење за независност од почетокот на 1980-тите. Неговото регионално значење дополнително се зголемило за време на косовската војна во периодот 1998-1999 година, кога областа стана упориште на Ослободителната војска на Косово (ОВК), герилските сили кои пружеа отпор на српската борба против побуната во Косово. Како последица на тоа, општината е покриена со споменици кои го одбележуваат придонесот на областа во движењето за независност, вклучувајќи и огромни гробишта посветени на борците на ОВК, кои делуваат како место са собири каде заедницата одбележува историски значајни датуми. Општината има богат календар на државни празници основан на националниот наратив и е на мапата на косовските врвни политичари, бидејќи им оддаваат почит за вооружениот отпор што ги постави основите за независна држава, а се одржуваат разни јавни собири за да можат луѓето им оддадат почит на воените херои, мачениците и цивилните жртви. Локалните службени лица се повикуваат на оваа долга традиција на отпор во Дечани за да го објаснат недостатокот на привлекување од екстремистичките верски убедувања и дејствија од членовите на заедницата. Овој контра наратив ја поттикна идејата дека: “Многу луѓе беа убиени, имаме многу маченици и многу херои. На пример, еден имам овде има брат кој е херој и никогаш нема да дозволи такви (екстремистички) струи да продрат тука” (Jakupi/Kraja 2018, 19).

Покрај тоа, истражувачите исто така го забележаа ограниченото влијание на надворешните влијанија од арапскиот свет во двете непогодени општини во Босна и Херцеговина и Косово. Во БПК, хуманитарните организации од земјите на Заливот кои нуделе стипендии за децата на војниците убиени за време на војната, немале исто влијание како во погодените заедници. Еден активист на граѓанското општество објасни дека, како и во другите кантони, тие стипендии доаѓале со приложени услови, вклучувајќи го прифаќањето на литературата што го промовира салафизмот, “но поради некоја причина, тие не беа толку агресивни во нивната кампања [овде] како во некои други места” (Turcalo/Veljan 2018, 11). Слично на тоа, во Дечани, висок локален функционер тврдеше дека “пред екстремизмот, тие доаѓаат да ги инсталираат овие (верски) струи, нивните мрежи и потоа

[29] Во БП кантонот, претставник на Исламската заедница, исто така, укажа на уште еден историски фактор, истакнувајќи дека непогоденоста на заедницата може делумно да се објасни и со долгата историја на Суфизмот на Босанско Подрињскиот кантон.

врбуваат регрути. Но кога не се успева во ширењето на овие струи, регрутирањето станува невозможно” (Jakupi/Kraja 2018, 12).

Вреди да се истакне и последниот географски фактор поврзан со административните граници: во Босна и Херцеговина, релативно малата по големина општина Горажде е опишана како фактор што ја спречува идеолошката и бихејвијоралната радикализација. Еден локален активист на ОГО објасни дека луѓето таму имаат чувство на заедница и на тој начин посветуваат поголемо внимание да не ја “преминуваат црвената линија” – во споредба со поголемите градови како што е Сараево, каде што стапката на криминал е многу повисока, на пример (Turcalo/Veljan 2018 , 19). Во таков контекст е полесно да локалните актери интервенираат против перципираните закани за нивната заедница – што нѐ враќа назад кај улогата на лидерите на заедницата во спречувањето или сузбивањето на насилниот екстремизам.

## 4.3 Заклучни согледувања

Овој дел со обиде да ги мапира општествените особености на некои општини на Западен Балкан, кои се навидум непогодени од насилен екстремизам, и покрај обезбедување на ‘плодна почва’, во смисла на преовладувачките социо-економски услови, кои можеле да ги направат лесен плен за регрутерите и другите радикализирани ‘заробувачи’. Тоа го направивме анализирајќи ги и структурните услови (општествената структура, чувството на идентитет, географија и историја) и проактивното ангажирање на локалните лидери, што заедно помага при објаснувањето зошто и како овие општини биле во можност да спречат, ограничат или одбијат појавени знаци на насилен екстремизам. Една континуирана тема на дискусија меѓу екипите на земјите, во тек на истражувачкиот проект, беше прашањето “дали овие општини се непогодени случајно или по избор?” Врз основа на емпириските наоди, може да се заклучи дека овие пет заедници имаат корист и од поволниот контекст, кој ја зајакнува нивната социјална отпорност кон надворешните закани, и од лидерскиот капацитет покажан од државните, верските и актерите од граѓанското општество.

Некои од клучните фактори кои се идентификувани како погодни услови за непогоденост ја вклучуваат улогата на општествената хармонија и мултикултурализам, инклузивното чувство на национален идентитет што ги поврзува граѓаните и преовладува над привлекувањето на нео-фундаменталистичките идеологии (како што е салафизмот), и специфичната историја и географија. Исто така, овој дел покажа дека водството е важно во голема мера, од улогата на едукаторите и наставниците кои ги оспособуваат младите со критичко размислување, самодоверба и теолошко знаење, до ОГОа кои поттикнуваат граѓанско ангажирање меѓу членовите на заедницата, и на крај, координираните и кохезивните дејства преземени од локалните верски и институционални власти. Непогодените заедници се водат од имами и градоначалници кои внимателно го следат нивното избирачко тело со цел да го следат ‘пулсот’ на заедницата; кои заземаат став за поттикнување толеранција и прогресивни толкувања на верските текстови, со цел спречување на развој на екстремистички дискурси; кои преземаат проактивни мерки за регулирање на ширењето на екстремистичките идеи преку спречување на вкоренувањето на непријателските егзогени влијанија во заедницата, или преку одбивање на говор на омраза кој би ја зголемил ранливоста на заедниците.

Дали овие непогодени заедници може да се означат како целосно или потполно отпорни на заканата од насилен екстремизам, врз основа на оваа низа поволни фактори и актери? Заклучниот дел на овој труд (дел 6) ќе се обиде ја поврзе оваа дискусија со концептот на отпорност, со цел да процени дали непогодените заедници се всушност отпорни на насилниот екстремизам, или може барем да понуди некои индиции за тоа кои може да бидат факторите за отпорност на заедницата. Пред да ја спроведеме оваа завршна анализа за главните концепти кои ја поткрепуваат оваа студија, прво се свртевме кон проценка на релевантноста на програмите и интервенциите за СНЕ од страна на актерите, агенциите и институциите надвор од истражуваните заедници.

# 5 Програмирање за СНЕ: Релевантноста на програмите и врските со градењето на мир

Во претходниот дел ги истакнавме превентивните иницијативи од страна на лидерите на заедниците и локалните актери на граѓанското општество во истражуваните општини. Овој дел се осврнува на иницијативите кои произлегуваат од надворешна интервенција со експлицитен мандат или имплицитна релевантност за СНЕ (од страна на државата и нејзините национални власти, од меѓународни организации, или од меѓународни или национални НВОа надвор од локалната заедница и општината). Конкретно, првата подточка (5.1) ги објаснува перцепциите на членовите на заедницата за овие надворешни инпути и иницијативи: генерално, дали се сметаат за релевантни и поддржувачки, како нерелевантни, или како негативни и испречувачки? Истражувачкото прашање кое го поставивме за испитување беше: каква релевантност имаат постоечките програми за СНЕ во Западен Балкан за адресирање на актуелните фактори на ранливост на заедницата или отпорност кон насилниот екстремизам? Во следната подточка (5.2) го проширувме прашањето за да прашаме какви врски може да се идентификуваат меѓу активностите за СНЕ и напорите за градење мир и помирување на Западен Балкан.

## 5.1 СНЕ програмирање и нејзината перцепирана релевантност

На глобално, регионално и на национално ниво, насилниот екстремизам и одговорите кон него добиваат се поголемо внимание во текот на изминатите години. На Балканот, таканаречената појава на странски борци ја направи темата особено значајна од 2012 година наваму, и ја вгради цврсто во меѓународните грижи на странските сојузници и донатори на овие земји. Меѓународната загриженост за подемот и одговорот на насилниот екстремизам, особено на напливот на ИСИС, е проминентно одразен во Акциониот план 2015 на ОН: “Секоја земја членка треба да предвиди развивање на национален акционен план за спречување насилен екстремизам, кој ги одредува националните приоритети за адресирање на локални двигатели на насилен екстремизам и ги надополнува националните стратегии за спротивставување на тероризам, каде веќе постојат.” (UN 2015, 11-12) Програмите, наведува понатаму Акциониот План, треба да се мултидициплинарни (и да поврзат локални и национални анализи), треба да ја зајакнат социјалната компактност, да го адресираат прашањето на странските борци, да ја блокираат способноста за трговија на терористичките групи, да се надоврзат со Цели за одржлив развој, и да мобилизираат финансирање. Исто така, треба да набљудуваат и евалуираат.

Програмите што сме ги разгледале во оваа студија, кои го адресираат насилниот екстремизам, одлучија да го адресираат прашањето на странски борци и да мобилизираат финансирање; меѓутоа, поврзувањето со локалните потреби и добро-информираниот фокус на зајакнувањето на социјалната компактност се доста неразвиени. Поради кратките временски рамки во кои програмите целосно означени со С/СНЕ се спроведени, набљудувањето и евалуацијата се на почетно ниво.

## 5.1.1 Мапирање на постоечки иницијативи за СНЕ

*Национални стратегии за С/СНЕ*

Владите на сите четири истражувани земји усвоиле Национални стратегии и Акциони Планови. Косово и Босна и Херцеговина беа меѓу првите.

Во Косово, националната стратегија беше усвоена во 2015 година.[30] Авторите на нашата студија на случај на земја (Jakupi/Kraja 2018, 22) забележуваат дека "иако и Националната стратегија и Националниот акционен план имаат за цел да ги адресираат основните причини за насилниот екстремизам во Косово и затоа предлагаат различни активности [...], постојат одредени проблеми". Меѓу останатото, авторите укажуваат на недостатокот на локална вклученост во формулирањето на Стратегијата и Акциониот план, недостатокот на донаторска координација, и недостатокот на соработка, координација и свест на локално ниво и во интеракцијата меѓу институциите на државно ниво и донаторите. Општо земено, перцепцијата која авторите ја пренесуваат е онаа на пристапот "една големина одговара на сите", отколку оној што се води од грижите и потребите на заедницата.

2015 година беше, исто така, годината кога националната стратегија се усвои во Босна и Херцеговина.[31] Авторите на студијата на случај на БиХ проценуваат дека "[таа] се подобрува од поранешните стратегии за безбедност и тероризам преку препознавање на прашањето за радикализација која води до насилен екстремизам, но останува без "заби" бидејќи акционите планови кои произлегуваат од таму не се спроведени, и покрај фактот дека тоа спроведување требало да започне во 2016 година" (Turcalo/Veljan 2018, 20). Освен тоа, како што нагласуваат авторите, постои забележително отсуство на дефиниции на основни поими кои се однесуваат на С/СНЕ на државно ниво, што го отежнува сигурното спроведување на кохерентно програмирање на СНЕ на сите нивоа.

Третата земја која ќе усвои национална стратегија во 2015 година беше Албанија.[32] Меѓу четирите земји, изгледа дека е онаа со најголема институционална инвестиција во спротивставување и спречување на насилен екстремизам. Освен усвојувањето на националниот акционен план, Албанија основаше Центар за спротивставување на насилен екстремизам во 2017 год., и планира да биде домаќин на НАТО Центар за извонредност за проучување на појавата на странски борци (Qirjazi/Shehu 2018, 24). Покрај овие напори на национално ниво и во меѓународна соработка, авторите на студијата на случај на земјата нагласуваат дека, "малку е направено да се ангажираат различни актери како што се државните претставници, академици, медиумите и технолошки компании, граѓанското општество, верските заедници и социјалните работници. Поради ова, свесноста за стратегијата и опасностите на НЕ е многу ниска" (Qirjazi/Shehu 2018, 25).

Последната од четирите истражувани земји да ја усвои Национална Стратегија, во 2018, беше Македонија.[33] Авторите на студијата на случај на земја нагласуваат дека "усвојувањето на таква стратегија се случило неколку години после спроведување на стратегиите на С/СНЕ од другите земји на Западен Балкан. Покрај тоа, самата стратегија е недоволно сеопфатна, има недостаток на експертиза, и претежно се фокусира на аспектите на безбедноста и спроведување на законот за С/СНЕ – не прави доволно да препознае дека екстремизмот и насилниот екстремизам не се само безбедносни прашања, туку исто така и социјални" (Stojkovski/Kalajdziovski 2018, 5).

Вреди да се спомне дека во сите земји брзо се направени промени на кривичните законици и закони да се овозможи кривично гонење на странски борци по нивното враќање (види Вовед). Остануваат сиви зони во однос на третманот на жени и деца кои имаат патувано за Сирија и Ирак, без тенденција или можност да користат оружје. Изгледа дека казнениот репертоар обезбеди значителна пречка за целата екстремистичка насилна активност во странство (Stojkovski/Kalajdziovski 2018, 25; Qirjazi/Shehu 2018, 4; Jakupi/Kraja

---

30 Национална Стратегија на Косово за Спречување на Насилен Екстремизам и Радикализација која Води кон Тероризам (2015-2020), www.kryeministri-ks.net/repository/docs/STRATEGY_parandalim_-_ENG.pdf, превземена 13 Септември 2018.

31 Стратегија на Босна и Херцеговина за Спречување и Борба Против Тероризмот (2015-2020), http://msb.gov.ba/PDF/STRATEGIJA_ZA_BORBU_PROTIV_TERORIZMA_ENG.pdf, превземено 21 Септември 2018.

32 Албанска Национална Стратегија за Спротивставување на Насилен Екстремизам, https://www.rcc.int/p-cve/download/docs/Albanian%20National%20Strategy%20on%20Countering%20Violent%20Extremism.pdf/eca873b0e6bd733938a73f957471a75c.pdf, превземено 21 Септември 2018.

33 Национална Стратегија за Спротивставување на Тероризам на Република Македонија (2018-2022), http://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/ct_national_strategy_eng_translation_sbu.pdf, превземена 21 Септември 2018.

2018, 7 [34] ; види исто Azinovic 2018, 11). Како и да е, има континуирана дебата за справувањето со повратниците во затворите (нагласувајќи ја можноста за понатамошна радикализација во затворите; види Köhler 2016 и Jones/Narag 2018) и неуспехот на обвинителството да се справи со не-насилни облици на екстремизам и радикализација, што останува не(доволно)-адресирано и може да се претвори во субверзија на мултиетнички, демократски општества.

Освен државните агенции, две дополнителни групи на актери се активни во спроведување на активности за СНЕ: меѓународни актери и донатори (посебно странски амбасади и меѓународни организации), и организации на граѓанското општество (и национални и меѓународни).

*Меѓународни актери и донатори*

Во сите проучувани земји, меѓународните актери и донатори имаат значително влијание, и на дебатите за СНЕ и на институционализацијата на мерките за спротивставување. Фактот што сите четири земји се (потенцијални) кандидати за влез во Европската Унија со себе носи одредена западна ориентација меѓу елитите на земјите, како и одреден фокус на западните сили на ова 'соседство'. Меѓународната поддршка и влијание се протега и на националните владини одговори и на активностите на граѓанското општество, кои се опфатени во следниот дел.

За Албанија, авторите на студија на случај оценија дека "повеќето иницијативи за С/СНЕ се спроведуваат од страна на организациите на граѓанското општество (ОГО) со помош на странски донации и спонзорирања" (Qirjazi / Shehu 2018, 23). Особено активни се Американскиот Стејт департмент, УСАИД и Американската амбасада во Тирана, но исто така и ЕУ и ОБСЕ, заедно со голем број други билатерални донатори. Како и во другите земји, меѓународните донатори се клучни во поддржување на усвојувањето на национални стратегии и акциони планови (види погоре). Тематски, главниот фокус на проектната работа биле жените, младите, ромските заедници, онлајн радикализацијата и обучување на медиумите и подигнување на свеста. Младите, како група на возраст која се смета дека е најмногу изложена на опасност од радикализација и регрутирање, добиваат најголемо внимание. Авторите на студијата на случај ги опишуваат целите на овие иницијативи како "гради[ење] капацитети, зајакнува[ње] на локалните партнери, воспоставува[ње] на улогата на училиштата како центри во заедницата и промовира[ње] верска толеранција" (ibid., 26). Најголем број иницијативи се чини дека се фокусирани во регионот на Елбасан. Од истражуваните заедници, Корча е место на два проекти финансирани од ЕУ ("Едукација на млади луѓе со култура на толеранција и разбирање за градење пријателско општество" и "Мрежа за спречување насилен екстремизам"). Нема спроведени или поддржани експлицитни проекти за СНЕ во Каваја. Во Тирана, имаше шест проекти за време на пишувањето на извештајот, четири од кои се специфично наменети за младите. Проектите нудат информации, ја подигаат свеста и градат (индивидуални и институционални) капацитети и отпорност.

Во Македонија, авторите исттакнуваат дека "меѓународните институции им дале значителна поддршка на [националните СНЕ] координатори: Мисијата на ОБСЕ во Скопје и амбасадите на САД и Обединетото Кралство ги поддржаа во пишувањето на стратегијата и во организирањето на дискусиите на тркалезна маса со претставниците на заедницата" (Stojkovski/Kalajdziovski 2018, 5). Заедно со задоцнетото подготвување на националната стратегија и акциониот план (види погоре), авторите потврдуваат дека во земјата "напорите за С/СНЕ традиционално биле доста слаби на теренот" (ibid.). Меѓу спроведените проекти, нашите автори на студија на случај ја нагласуваат програмата Educate2Prevent[35] која ја спроведува Nexus Civil Concept и нивните партнери, а е финансирана од ЕУ преку Hedayah. Двата проекти се фокусираат на подигнување на свеста и градење на доверба и капацитети меѓу важните оне/овозможувачи на регрутирањето во насилен екстремизам, имено родителите, особено мајките и училишните работници.

[34] Рудине Јакупи и Гарантина Краја забележуваат (2018, 5) "Косовското спроведување на законот одговори на заканата од насилен екстремизам и појавата на странските борци. Околу 63 лица во моментов се наоѓаат во притвор, двајца се во куќен притвор, 83 се под истрага, а околу 168 се бегалци од законот под обвиненија поврзани со насилниот екстремизам во Косово. Во согласност со овие дејства, Министерството за внатрешни работи (МВР) ја укина 'дозволата за работна' на 16 НВОа во Косово во 2014 година, кои според МВР беа осомничени за финансирање на терористички активности во земјата, што резултираше со нивно затворање. Поради овие дејства, бројот на странски борци од Косово значително се намали. Во 2016 и 2017 година немаше пријавени обиди на косовските граѓани да се приклучат кон терористичките организации како странски борци."

[35] http://nexus.org.mk/educate2prevent-strengthening-front-line-school-workers-parents-build-youth-resilience-violent-extremism/

Косово и Босна и Херцеговина имале многу активен меѓународен ангажман, според природата на нивните истории – во случајот на Косово, како меѓународен протекторат после војната во 1999 година, и во случајот на Босна, како силно потпомогната федерална држава по последиците на војнате во периодот 1992-1995 год. Во Косово, Американската амбасада е истакната како особено активна (заедно со Американскиот Стејт департмент и УСАИД), поддржувајќи истражувања и изготвување на клучни документи, како што е националната стратегија, а од неодамна исто така и имплементација и теренски активности (Jakupi/Kraja 2018, 23). УНДП, ОБСЕ и ИОМ се исто така активни заедно со ГФАОЗ и европските амбасади. Дадена е значителна поддршка за градење на капацитети и зајакнување на локалните институции во областа на истражување и спроведување. Понатаму, активностите се групирани во областа на подигнување на свеста и едукацијата; сепак, авторите на студијата на случај го осудуваат недостатокот на координација помеѓу приоритетите на донаторите и активностите предвидени со националната стратегија и акциониот план. Некои клучни области, како што се младите, остануваат амбициозно присутни на донаторските агенди, но сепак се слабо координирани и им недостига кохерентност во спроведување на терен (ова се однесува на целиот спектар на активности, од поттикнување на критичко размислување до стручна обука). Други нагласени области вклучуваат дејства за поддршка на социјалната кохезија и досегот на медиумите. Конечно, УНДП пилотираше механизам за упатување во општина Гњилане. [36]

Во Босна и Херцеговина, многу од истите агенции, како и во другите истражувани земји од Западен Балкан, финансираа владини и невладини активности во областа на СНЕ, вклучувајќи ги ОБСЕ, ЕУ, ИОМ и странските амбасади. Националната стратегија и акционен план, кои беа меѓународно поддржани, како главни области за активности ги идентификуваат законодавството, институционалното градење на капацитети, образованието, спречувањето, заштитата, истражувањето и одговорот на тероризмот. Меѓународно финансираните проекти го покриваат целиот спектар: градење институционални капацитети (вклучително и за Исламската заедница), зајакнување на жените и младите, мерки за реинтеграција на повратниците, подигнување свест и градење на капацитети за едукатори и многу повеќе. Сепак, авторите на студијата на случај на земја, исто така, го осудуваат недостатокот на информации за овие проекти на локално ниво, дури и во случаи кога тие беа спроведени во истиот град или соседство. Каде што испитаниците беа свесни, ја поддржуваа важноста на подигање на свеста, иако во некои непогодени заедници, учесниците во студијата истакнаа дека подобро не би биле учесници на проекти од страв дека ќе бидат стереотипизирани како група (“сите муслимани се...”) (Turcalo/Veljan 2018, 20-21).

### *Национални и меѓународни организации на граѓанското општество*

Од една страна, граѓанското општество прво укажало на сериозноста на општествените случувања што им даваа се повеќе простор на радикализацијата и екстремизмот во Западен Балкан, кога и владините и верските институции тврдеа дека нема причина за загриженост. Од друга страна, многу од активностите на граѓанското општество (види погоре) што се одвиваат денес се потпираат на надворешно (странско) финансирање, кое е водено од сопствени интереси и приоритети. До 2018 година, во сите земји беа основани големи иницијативи за граѓанско општество, некои од кои беа спроведени заедно со активностите на меѓународните донатори; детално опишани во претходниот дел. На пример, во Македонија, познатото Училиште за мајки го спроведува австриската организација Жени без граници.[37] Сите четири истражувачки партнерски организации во оваа студија се дел од новиот круг на стручни организации кои направиле извидничка работа во областа на прашањето за НЕ во Западен Балкан.[38] Голем ангажман на граѓанското општество започна

[36] Механизмите за упатување се користеле во разни области на политиката, на пример, трговија со луѓе. Во рамки на С/СНЕ, тие се дизајнирани да “нудат поддршка на поединци во опасност да бидат повлечени кон насилен екстремизам преку инкорпорирање соработка меѓу локалните власти, полицијата, озаконетите партнери (како образовниот сектор, социјалните служби, детските и младинските служби и служби за управување со престапници) и локалната заедница” (Köhler 2016, 243, со програмата на UK Channel како еден пример). Пилотираниот механизам за упатување во општина Гњилане од 2016 год., е првиот косовски механизам за поддршка на ранливите лица подложени на опасност од радикализација. Се спроведува од страна на Министерството за внатрешни работи, а е поддржан од УНДП Косово. Тоа е “меѓу-институционален механизам кој има за цел рана идентификација на лица изложени на ризик од, или ранливи на радикализација и насилен екстремизам, спречувајќи на овој начин понатамошно радикализирање во нашето општество. Членовите на механизмите за упатување се во главно претставници на локално ниво кои имаат контакт со заедницата. Сите членови ќе придонесат и ќе дејствуваат според нивните законски одговорности. Механизмот е се уште во неговите почетоци и неговите резултати ќе бидат видливи во годините што следат.” (Qehaja et al. 2017, 7 [sic].)

[37] https://www.women-without-borders.org/

[38] Види темелни извештаи од Kursani 2015, Azinovic 2016, Vurmo et al. 2015 и Selimi/Stojkovski 2016

со студии за двигателите, притискувачките и повлекувачките фактори на оваа појава (и на национално и регионално ниво), и оттогаш се придвижи кон спроведување на практични програми. На пример, организациите “научник-практичар”, како што е Косовскиот центар за студии за безбедност и Демокраси Лаб во Македонија, се активни во истражувањето на актуелната состојба на насилен екстремизам и негово спречување, како и се ангажираат на терен и едукација со цел да ги зајакнат дебатата и критичкото размислување и се залагаат за паметни области за спроведување на проектот.

Општо корисни, националните организации на граѓанското општество често зависат од финансиските приоритети на меѓународните и на националните донатори. Истото важи и за меѓународните организации на граѓанското општество, кои се помалку видливи во нашите студии на случај на земја, но се се по активни во областа на СНЕ поради обилните линии на финансирање кои ќе станат достапни (Sherriff et al. 2018, 27; лични разговори). Нивните активности често остануваат блиску до нивната оригинална теорија на промени и збирот на приоритети, кои ги применуваат за адресирање на клучните причинители на насилен екстремизам (Schirch 2018, 24-26).

### 5.1.2 Проценување на релевантноста на иницијативите за СНЕ

*Локална проценка од испитаниците на заедницата*

На локално основно ниво, сликата која се појавува низ регионот е таа на исклученост. Од друга страна, има малку доверба во начинот на справување со прашањето од страна на државните институции на национално ниво. Во исто време, постои многу малку свест за различните документи и иницијативи на политики, освен ако општините не биле директно погодени. Овој недостаток на свест има два извори: од една страна, тоа е предизвикано од отсуството на стратегија за активно ангажирање од страна на владата. На пример, во ниту една земја владите не вклучија локални засегнати страни во изготвувањето на стратешките планови или во одредувањето на приоритетни области за дејствување за локални иницијативи. Од друга страна, овој ‘дефицит на свеста’, исто така, се должи на дивергентната проценка на тежината на појавата на НЕ за заедниците за кои станува збор. Во некои случаи, ова е поврзано со неспремност за учество во дебата или иницијативи поради страв од стигматизирање (“тие се проблем”). Исто така, може да укаже на критичното отфрлање на јавна расправа која покажува со прст речиси исклучиво на верски мотивиран исламски/исламистички екстремизам и ги превидува политичките и етно-политичките екстремизми на регионот кои се во динамична врска и често се поттикнуваат едни со други (Austin et al. 2018 [Interview in Berghof Handbook Dialogue], 75). Сите, освен еден од извештаите на студиите на случај на земјите, нагласуваат такви ‘кумулативни’ или ‘реципрочни’ екстремизми како клучен фактор (Jakupi/Kraja 2018, 20; Stojkovski/Kalajdziovski 2018, 20 & 30; Turcalo/Veljan 2018, 24).

*Проценување на (не)совпаѓањето меѓу поттикнувачките фактори на насилниот екстремизам и заедничките сектори на интервенција*

Целокупната проценка што произлегува од студиите на случаи на земјите е дека се почесто се следи еден вид на ‘копи пејст’ пристап кон програмирањето за СНЕ. Авторите на студијата на случај во Албанија забележуваат дека “политиката за спречување на НЕ ‘една големина одговара на сите’ на национално ниво, се покажала како многу општа и неприлагодена кон уникатните карактеристики на секоја заедница (Qirjazi/Shehu 2018, 6; Vurmo et al. 2015, 15). Една неодамнешна студија на притискачките и привлекувачките фактори на насилен екстремизам, финансиран од Британскиот Совет, известува дека одговорите и иницијативите во земјата “речиси звучеа како вежбани” (Becirevic 2018, 27). Авторите на студијата на случај во Македонија изразуваат жалење во своите заклучоци за фактот дека политиката останува реактивна, а не проактивна за проблематичната област на спречување на насилен екстремизам (Stojkovski/Kalajdziovski 2018, 31/32). Студијата за случај во Босна добро ја резимира националната и регионалната слика: “Она што е забележливо [...] е недостатокот на програми за С/СНЕ вистински во локална сопственост во БиХ или планови за проекти за СНЕ специфични за заедницата во погодените заедници кои се истражуваат. Сето програмирање во моментов се иницира и управува на државно ниво или на ниво на

ентитети." (Turcalo/Veljan 2018, 21) Освен тоа, многу пристапи се уште имаат силен фокус врз безбедноста над фокусот врз општеството (Stojkovski/Kalajdziovski 2018, 5).

Во моментот на пишувањето една проценка базирана на податоци за ефективноста на програмата е невозможна, бидејќи се скорешни и поради извесна нејасност на нивните теории за промена. Меѓутоа, критиките кои произлегуваат од студиите на случај на земјите – за мала ангажираност на нивоата и секторите на општествата, за слаба координација меѓу донаторите, за силен надворешно поттикнат притисок за стратегии за спротивставување или спречување на насилен екстремизам, недостаток на капацитети на национално и локално ниво за ангажирање со темата на долгорочен, стратешки начин – покажуваат дека програмирањето за СНЕ во регионот, и покрај се подоброто финансирање, најверојатно продолжува да ја промашува метата (види и Azinovic 2018).

За Косово, студијата на истражување на земјата исто така нагласува слепа точка на секторот: "програмите кои моментално се спроведуваат со цел СНЕ прават многу малку да ги адресираат факторите кои придонесуваат кон отпорноста, кои оваа студија ги идентификуваше, бидејќи таквите програми и проекти во главно се фокусираа на зголемување на перспективите за вработување во Косово" – фактор кој беше само индиректно влијателен во процесот на радикализација и регрутирање во насилни екстремистички групи (Jakupi/Kraja 2018, 24).

Многу сличности се издвојуваат меѓу истражуваните општини: агендите на СНЕ во сите четири земји биле, и продолжуваат да бидат, под силно влијание на приоритетите на меѓународните донатори и меѓународната заедница. Националните стратегии и акциони планови – делумно благодарејќи на помошта дадена при нивното формулирање – покажуваат значителни сличности, не земајќи секогаш во обѕир значителни историски разлики меѓу земјите (на пример, меѓу Босна и Херцеговина и Албанија). Ниту една од земјите немаше вклучување на локалните актери при подготвување на агендата, формулирање на стратегии и поставување на приоритетите.

Во исто време, разликите во историјата и развојната траекторија на земјите (и општините) треба да се имаат предвид при дизајнирање и оценување на превентивните пристапи кон насилниот екстремизам. Едноставно не може да биде "една големина одговара на сите" меѓу, на пример, Албанија, поранешна декларирана атеистичка држава без неодамнешно воено искуство и нејзините релативно силни перспективи како кандидат за членство во ЕУ, и Босна и Херцеговина, со нејзиното наследство од брутална, етно-политичка војна и нејзината институционална кревкост. Историските разлики исто така се материјализираат во локалните традиции и на локалната општествена структура, кои моментално се превидуваат од страна на вообичаеното програмирање за СНЕ, но ќе се адресираат подобро во локално основани процеси за планирање од долу нагоре, кои најверојатно ќе ги ублажат и сегашните стравови дека една заедница може да се стигматизира ако учествува во дебата за конкретни ризици од насилен екстремизам.

Досегашните проценки може да се мапираат во однос на две општи димензии: хоризонтална димензија во поглед на различни секторски интервенции (на пример, младински/образовен сектор, верски сектор, социо-економски сектор), и вертикална димензија во поглед на нивото, длабочината и фокусот на ангажманот (на пример, меѓу-регионален, национален, општински, соседски). Во вертикалната димензија, повторувајќи го горенаведеното, забележуваме дека поголемиот дел на програмирањето започнува на национално ниво, со малку или никакво проактивно вклучување на локалните актери кои веројатно се најзначајни и најпогодени. Ова отсуство на локални актери од одредување на агендата, планирање и спроведување ја расипува релевантноста и ефективноста на програмите за СНЕ низ регионот. Во хоризонталната димензија, откриваме дека повеќето иницијативи се обидуваат да направат мешавина на младинско образование и вработување на младите. Се преземаат некои чекори и во областа на работење со верските институции, како и поддршка на женските организации. Меѓутоа, постои забележително несовпаѓање помеѓу беспрекорно поставената реторика за планирање на проекти и перцепцијата на потенцијалните приматели "на теренот", кои се честопати несвесни за програмите што се воведуваат. Исто така, забележано е несовпаѓање меѓу актерите и факторите за кои се воспостави дека се највлијателни во сузбивањето на насилниот екстремизам на локално ниво (силни локални институции и лидерство, соработка меѓу заедниците, младински

активизам, едукатори и родители) и оние актери и фактори инвестирани во (вработување на младите, на пример, во Косово) и запоставени (секторот за социјална работа, на пример, во Босна). Трето, има малку вкрстено ангажирање на групите (т.е. жени и млади, верски и државни институции). Севкупно, изјавата на еден еминентен научник од Западен Балкан би послужила добро за насочување на идното програмирање, и оддалечување на истиот од “паниката на политиките”:[39] “со нејасен облик и насока на ИСИС и заканата за насилство од повратниците која се смета како минимална од страна на многу функционери на Западен Балкан, важно е да му се даде соодветно значење на проблемот што го претставува појавата на странски борци и поврзаните активности. Со други зборови, властите не мора претерано да се фокусираат на адресирање на застарени теоретски закани што ги одвлекуваат од доста реалните и доста загрижувачките збиднувања на други ризични области.” (Azinovic 2018, 16)

## 5.2 Поврзаност на програмирањето за СНЕ со градење на мир, помирување и социјална кохезија

Без обѕир на целата контекстуална и локална диференцијација, веруваме дека појавата на насилен екстремизам често се подгрева од политичките незадоволства за вклученоста, правдата и правичната застапеност (види Schwoebel 2017, 7; UNDP 2017; Schirch 2018). Затоа, во контекст на ова истражување, го осврнавме нашето внимание кон влијанието кое може го имаат (имале) програмите за градење мир или помирување во земјите што се истражуваат, како на појавувањето на насилен екстремизам, така и на ефективни стратегии за негово адресирање. Прашањето за истражување беше: каква поврзаност може да се идентификува помеѓу активностите за СНЕ и напорите за градење мир и помирување во Западен Балкан?

Неколку од истражуваните земји претставуваат специфичен контекст: тие се, иако на различни степени, земји кои во блиското минато произлегоа од војна и насилен конфликт. Како модерни повоени земји, некои од нив имаат поминато децении работа вложени во градење мир и помирување.[40] Насилниот екстремизам се појавува на Западен Балкан по значителни домашни и меѓународни инвестиции во обновата на растурените воени општества. Дали е оваа инвестиција важна за СНЕ? Врамено малку поинаку, ако општествената хармонија и кохезија се важни фактори кои придонесуваат кон непогоденоста или дури отпорноста на заедниците во однос на радикализацијата и регрутирањето (види дел 5; види исто Ellis/Abdi 2017), дали може да се покаже дека проектите за градење мир и помирување, кои несомнено ја зајакнуват општествената кохезија, имаат (позитивно) влијание врз спречување на насилниот екстремизам?

Многу градители на мир се прилично неудобни со огромната приоритизација на политиката со која моментално се соочуваат стратегиите за С/СНЕ. Како и да е, заедницата за градење на мир признава дека има да понуди многу силни страни и за дебатата, и за стратешките пристапи кон насилниот екстремизам. Џорџиа Холмер подвлекува “заедницата за градење мир и нејзините сродни методи и практики може да помогнат при развој на посеопфатно разбирање на насилниот екстремизам и неговите причинители, и еден полокален, инклузивен и одржлив пристап за спротивставување” (Holmer 2013, 1) И додава: “заедницата за градење мир веќе придонесува на многу начини за спречување на насилен екстремизам и за агендата за СНЕ преку програми дизајнирани за спречување на конфликти, зајакнување на владеењето на правото и промовирање мир, толеранција и отпорност.”

Што можеме да извлечеме од четирите студии на случај на земја во врска со придонесот што всушност е даден или што може да се даде од програмите за градење мир? Прво, корисно е да се разјасни што се подразбира под поимот ‘градење мир’. Во текот на нашето партиципативно истражувачко патување, дискутиравме три различни начини на разбирање на врската помеѓу програмите за СНЕ и програмите за градење мир/помирување.

[39] Поим кој е користен за да го опише креирањето на политики во областа на С/СНЕ од Граем Симпсон, водечки автор на Студијата за Прогрес на Младите, Мирот и Сигурноста 2018 на ОН (презентација на Женевската недела на мирот 2018).

[40] Види на пример Fischer/Petrovic-Ziemer (2016) и Moore (2013) за Босна и Херцеговина, Mazrreku и др. (2018) и Visoka (2017) за Косово и Odendaal (2010) за Македонија.

1) Дали во одредена општина се спроведуваат програми за СНЕ и за градење на мир/помирување во исто време? Ако е така, дали спроведувачите на програмите се свесни едни за другите, и како би се вкрстиле? (Ние не најдовме докази за такви програми.)
2) Какво влијание имаат, врз одредени земји и/или општини, историските договори (Охридскиот договор, Дејтонскиот договор, планот на Ахтисари), историјата на миротворство/градење на мир/помирување и историјата на процесите на градење држава (и нивните перципирани неуспеси) врз перцепциите за појавувањето на насилниот екстремизам?
3) Во контексти кои не се изложени на специфични (програми) за градење мир/помирување, дали имало напори за зајакнување на социјалната кохезија и хармонија (иницијативи за мултикултурализам, меѓуверска и меѓуетничка хармонија, граѓански вредности, човекови права, права на жените, итн.)? Ако е така, како се вкрстуваат со поактуелните програмирања во областа на СНЕ?

Во најосновна смисла, го сфативме градењето мир (и 'врската на градењето мир' со активностите за СНЕ) како поврзано со иницијативи на меѓугрупен или меѓуетнички/меѓуверски дијалог со цел мирно решавање конфликти. Ова е минималниот критериум, иако истражувачките екипи на земјите имаа слобода да понудат анализа и на поголемата слика (на пример нагласување на можните ефекти на 'неуспехот на децении градење на мир' во перцепцијата на јавноста во Босна).

Почнувајќи од регионална гледна точка, некои експерти тврдат дека "националистичкото владеење [е] единствениот најважен домашен двигател на [...] радикализација" во регионот на Западен Балкан, каде националистичките лидери "спречуваат помирување преку манипулирање со општествените поделби со цел одвлекување на вниманието од неуспесите во владеењето" [41] (Stojkovski/Kalajdziovski 2018, 12). Оваа проценка одекнува во претставената анализа, особено во студиите на случај на земја во Босна и Херцеговина, Косово и Македонија. Албанија, поради својата поинаква историја, е издвоена во смисла на нејзиното искуство на 'градење на мир'.

Истражувачката екипа на студијата на случај во Босна и Херцеговина зазема многу критичен пристап: "во непосредниот повоен период, работата за градење мир во БиХ беше главно фокусирана на помирување и на техничките димензии на градење држава, без увидување дека е невозможно да се постигнат овие цели, во недостаток на заедничка идеја за државата." (Turcalo/Veljan 2018, 21)

Извештајот сведочи дека севкупниот дух на Дејтонскиот мировен договор им овозможи на етно-политичките елити да продолжат да ја поттикнуваат поделбата над националното единство. Освен тоа: "напорите, во главно поттикнати од донатори, се често организирани без никаков политички влог или, кога се финансирани од моќни меѓународни организации или актери, добиле само формална политичка согласност. Недостатокот на вистинска согласност од политичките елити за помирувачки иницијативи и ред други проекти за градење на мир, им отежнало на овие проекти да имаат некое вистинско влијание." (Turcalo / Veljan 2018, 21)

Студијата ги сфаќа сериозните недостатоци во лечењето на повоените трауми во БиХ како додатен товар на "институционалната аномија" која ги попречува животните амбиции на луѓето и ги остава со цинична недоверба за институционалниот капацитет на државата за да ги исполни потребите на граѓаните. Двата 'недостатоци' создаваат плодна почва за радикализација. Во таков контекст, додека напорите за градење мир и транзициската правда/помирување би можеле да имаат корисна улога (ако се концентрирани на лекување на траума, на пример), кое не го securile во минатото. Ниту го прават тоа во доволна мера и во сегашноста (воочливо, тврдат авторите на студијата на случајот за Босна, во недостатокот на социјалните работници, на пример).

Од друга страна, Сеад Турчало и Нејра Велјан оценуваат дека вистинскиот пристап за градење мир (кој е локален и ориентиран кон заедницата) би можел да биде добредојдена противтежа на актуелните тенденции на секјуритизација во програмирањето за СНЕ. Исто така, "многуте постоечки програми кои адресираат прашања за транзициската правда и се борат против негирањето на геноцидот во одредени заедници, може да понудат платформа за градење програмирање што има за цел спротивставување на радикализација и насилен

[41] Д-р Мајда Руге во нејзиното сведочење пред под-Комитетот за надворешни односи на Сенатот на САД за Европа и регионалната безбедносна соработка (2017).

екстремизам" (Turcalo/Veljan 2018, 21-22). Меѓутоа, во сегашната практика, таквото 'градење' не се случува систематски или често.

Во Македонија, авторите на студијата на случај сметаат дека "со оглед на природата на оружениот конфликт што се случи во Македонија, градењето мир беше несомнено еден напор за премостување на јазот кој постоеше меѓу етничките Албанци и етничките Македонци по избувнувањето на насилството во 2001год. Сепак, голем дел од критиката на периодот пост-ОРД беше поврзан со неговата имплементација – иако имаше значајни структурни промени кои беа спроведени на државно и општинско ниво, за решавање на етничките прашања, малку беше направено за спроведување на било какви координирани, долгорочни, локално ориентирани активности за градење на мирот" (Stojkovski/Kalajdziovski 2018, 6). Имплементацијата на ОРД, според авторите, се уште дозволува понатамошно политичко искористување на меѓуетнички (Албанско-Македонски) наративи за незадоволства. Додека ОРД резултираше со поголеми права за етничките Албанци и аранжмани за поделба на власта, перцепцијата за неповолна положба на албанската и депривацијата од македонската страна е силна. Таквите перцепции, пишуваат нашите автори на студијата на случај, лесно се разгоруваат од политичките партии на двете страни, со цел да ги искористат тензиите како дел од нивните изборни стратегии (ibid., 3). Насилство од помали размери се уште се разгорува за време на избори, што манифестира уште еден контра-продуктивен, радикализирачки ефект на меѓународните мировни напори.

Во Косово, авторите на нашата студија на случај ја подвлекуваат силната одбивност на такви иницијативи, што резултира од силното надворешно влијание врз програмирањето за градење мир. "Како што е искажано на дискусиите меѓу учесниците во фокус групите, овие состаноци се и понатаму доста непопуларни, бидејќи се доживуваат како потпаѓање под притисок на меѓународните донатори и често се сметаат како штетни за веродостојноста на актерите кои учествуваат во нив. Општо кажано, поради тоа што овие состаноци не се иницијатива базирана на основно ниво, а во најголема мера се доживуваат како надворешна интервенција, не привлекле локално внимание и не се покренале како одржливи иницијативи." (Jakupi/Kraja 2018, 26) Освен ова, тие забележуваат: "Иако имало бројни проекти и програми насочени кон 'помирување' и 'меѓуверски' дијалог во општините Дечани и Митровица, преку деск -истражување и интервјуа со локални лидери, особено во општина Дечани, не може да се воспостави директна врска меѓу градење на мир и отпорност. Меѓутоа, ознаката која индиректно ја имаат оставено во Косово разните меѓународно поттикнати програми за градење мир е мобилизирањето на општинските власти за брзо реагирање на разни проблеми и инциденти кои се случуваат во општината." (ibid., 25)

Истражувачката екипа во Албанија ја контекстуализира средината за градење мир на земјата како следи: "Важно е да се напомене дека соодветни програми за помирување никогаш не биле спроведени во Албанија, во контекст на решавање на конфликти и/или градење на мир. За разлика од повеќето соседни земји, внатрешните конфликти во Албанија може да им се припишат скоро исклучиво на политичките тензии, отколку на верски или етнички поделби. Исто така, ова е причината зошто помирувањето, дијалогот и посредувањето отсекогаш биле третирани како дел од политичкото милје, наместо програми што треба да се спроведат на општествено ниво. Како резултат на ова, мерата до која тековните напори за СНЕ може да се поврзат со градењето на мир е преку програми за меѓуверски дијалог, подигање на свеста и промовирање на граѓанските вредности преку образованието." (Qirjazi/Shehu 2018, 27) Некаков простор за пристап кон градење на мир може да се најде кога истражувачката екипа заклучува дека "од суштинско значење е напорите за СНЕ во Албанија да продолжат да се прилагодуваат кон локалниот контекст преку организирање на мерки со СНЕ во фокусот" (ibid., 28). Со ова, напорите за СНЕ можат да се изградат и врз значајноста на 'верска толеранција' (исто така и 'верска хармонија'), а акцентот да се стави на ова како граѓанска вредност на меѓуверско и меѓуетничко градење мостови (ibid., 3, цитирано Vurmo et al. 2018).

Се на се, не се исполнети сите нормативни очекувања (на пример, дека градењето на мир ќе ја адресира целосната слика за структурни и индивидуални причинители) 'на теренот' на Западен Балкан. Во неколку случаи, иницијативите за градење мир и помирување беа предмет на политичко искористување и манипулација(Turcalo/Veljan 2018, 21; Stojkovski/Kalajdziovski 2018, 12). Како резултат на тоа, луѓето често ги гледаат со голема мера на цинизам и песимизам.

Меѓутоа, ‘суштината’ на градењето мир (меѓуетнички средби, меѓуверски дијалог, верска толеранција и мултикултурализам, активни поврзувања и врски во заедницатаа преку идентитетот на групата, поттикнување на инклузивни и мултидимензионални идентитети) се истакнува како еден важен фактор кој придонесува кон отпорност. Како што истакнуваат авторите на студијата на случај од Македонија: “Во Гостивар и Струга… има забележителни напори за промовирање на мултикултурализмот, различноста и вредностите на меѓуетничко општество. Испитаниците сугерираа дека жителите на овие општини се добро информирани за вредностите на различноста. Покрај тоа, Струга истакна дека се вложуваат напори за создавање и промовирање на активности и програми за поттикнување на меѓуетничка интеграција и соработка, со што ќе се зајакне отпорноста на ниво на општина на факторите кои придонесуваат кон овозможувачка средина за екстремизам.” (Stojkovski/Kalajdziovski 2018, 27)

Идното програмирање за СНЕ и за градење мир треба да го насочи вниманието повеќе кон овие основни елементи за градење на локално ниво, отколку само на возвишени декларации на политиката. Делот 7 ќе се прошири на оваа тема со препораки за политиките/практиките.

# 6 Отпорност на заедницата: Конечни согледувања и области за понатамошно истражување

Со оглед на изобилството на податоци кои овој извештај имаше за цел да ги опфати, но и сложеноста на предметот кој се обиде да го адресира, овој заклучен дел нема да се обиде да ги сумира главните наоди кои произлегуваат од истражувањето. Наместо тоа, ќе се занимава со се уште нерешеното прашање на она ‘што ја прави заедницата отпорна на заканата од насилен екстремизам?’ Уште од самиот почеток, оваа истражувачко испитување на факторите и актерите на отпорност и ранливост на заедниците во Западен Балкан, чекореше по тесна линија меѓу набљудувањето дали одредена заедница беше (видливо) непогодена од насилниот екстремизам (според нашите избрани показатели за заминувањето на странски борци од таа заедница) или дали навистина беше отпорна на НЕ. Пред да бидеме во можност да дискутираме по ова прашање со неопходната нијанса, важно е да го лоцираме нашиот пристап и разбирање во општата дискусија за отпорноста во социјалните науки и политичката сфера. Поради тоа, овој дел прво ќе го дефинира концептот на отпорност на заедницата, и предизвиците на примена на истиот во студијата за насилен екстремизам (6.1) пред да ги синтетизира нашите главни наоди и да наведе некои отворени прашања за понатамошни истражувања (6.2).

## 6.1 Отпорност на заедницата: давање смисла на нејасен концепт

*Општи дефиниции*

Во изминатите неколку години, делумно инспириран од студиите за развој, концептот на отпорност се стекна со внимание во заедницата за градење мир, но останува лошо

дефиниран и непрецизен, како и предмет на контроверзии. Неговото концептуално потекло се наоѓа во материјалните науки – како капацитет на еден материјал кој брзо апсорбира големи количини на енергија и ги ослободува повторно, без да се скрши. Што се однесува до политичките науки, може да се опише како способност на политичките системи и (не)формалните раководни состави да се приспособат на променливите политички и општествени услови, зачувувајќи ги нивните структури непроменети (Carpenter 2008, 6). Со други зборови, "отпорните држави се способни да го одржуваат редот и стабилноста, да ги одржуваат општествените очекувања и капацитети во рамнотежа, и да ги преживеат и ублажат негативните ефекти од надворешните и внатрешните шокови" (McLoughlin 2012, 9). Сепак, треба да се забележи дека отпорноста само по себе не е нормативно добра, бидејќи репресивните влади и корупцијата можат, исто така, да се покажат како отпорни системи. Како Дајан Куту забележа: "...отпорноста не е ниту етички добра, ниту лоша. Тоа е само вештина и капацитет да се биде снажен во услови на огромен стрес и промена." (2002).

Меѓународните агенции почнаа да го користат концептот на отпорност на заедницата во областа на подготвеност за катастрофи, а подоцна и во хуманитарната помош и развојна работа, во голема мера да им се помогне на заедниците засегнати од климатските промени, преку појавување на програмите и стратегиите за финансирање кон целите за градење на отпорност (Светска банка 2013, УНДП 2014). Во овој контекст, Американската агенција за меѓународен развој (УСАИД) ја дефинира отпорноста како "способноста на луѓето, домаќинствата, заедниците, земјите и системите за ублажување, прилагодување и закрепнување од шокови и стрес на начин кој ја намалува хроничната ранливост и овозможува инклузивен раст" (УСАИД 2013, 3). Следејќи ги стапките на областа на градење на мир (на пр., Interpeace 2016 и Menkhaus 2013), истражувачката заедница за СНЕ, исто така, неодамна го прифати концептот на отпорност (на пример, Van Metre 2016, Holmes 2017; Bowen 2017; Ellis/Abdi 2017), иако не секогаш на само-рефлективен начин (на пр. Daou 2015).
ОБСЕ го дефинира своето програмирање за СНЕ во однос на двете цели за намалување на привлечноста на насилниот екстремизам и градење на "отпорност кон неговото влијание и ширење" (2018, 7). Програмите кои спаѓаат под таа цел вклучуваат училишни наставни програми, кампањи за информирање на јавноста, дебати со заедницата, интра- и меѓуверски дијалози, градење на капацитети за наставниците и лидерите на заедницата и кампањи за контра-наративи за медиумите (ibid.).

Додека популарноста на програмите за отпорност е во пораст, постојат многу критики за концептот, што се однесува до општествените науки и студиите на политичката и општествената заедница (на пример, Olsson et al. 2015). Две точки на критики се особено тешки. Прво, концептот на отпорност се перципира како недостаток на моќ од страна на заедниците, бидејќи може да поттикне пасивни приматели на помош кои изгледа се вечно на работ на опасност и катастрофа. Исто така, било истакнато дека отпорноста, како што сега вообичаено се користи, во голема мера се фокусира на индивидуалните капацитети и капацитетите на заедницата, на сметка на основните структурни прашања за кои се одговорни агенти надвор од поединецот или заедницата. Како што е сумирано од Олсон и др. (2015, 9), "... отпорноста може да стане моќен научен концепт за деполитизирање и натурализирање и метафора кога се користи од страна на политичките актери".

Иако бевме свесни за овие перципирани ограничувања на поимот отпорност, сепак решивме да го искористиме тоа, поради неколку причини. Прво, со оглед на неговата широка употреба и преовладување во современите дебати околу СНЕ, сакавме да придонесеме за оваа дебата преку нашите емпириски наоди. Второ, концептот на отпорност добро се потпира на системското сфаќање на комплексната природа на општествените феномени – како што е усвоено, на пример, од страна на УСАИД во 2013 година, во нивната "Рамка за анализа на отпорноста во кревки држави и држави погодени од конфликт". Како се цитира од Ван Метре (2016, 8), "наместо да се фокусира на анализа на ниво на поединец и група, истражувањето зема системски пристап, претпоставувајќи дека, пет вида на надворешни шокови – економски, еколошки, безбедносни, политички и социјални –комуницираат еден со друг и заедно со три основи на отпорност на заедницата – институции, ресурси и адаптивни олеснувачи –произведат системски резултати. Оваа рамка помага да се надминат нивоата на проблемот на анализата и ја осветлува комплексноста на отпорноста". Освен тоа, отпорноста може да се сфати како опфаќање и на структурните димензии и димензиите

фокусирани на моќта на капацитетите за реагирање на заедниците кон заканите на насилен екстремизам. Во оваа смисла, отпорноста е и “именка и глагол” (ibid., 10). Ова се нагласува од пристапот на Оксфам кон отпорен развој, вкоренет во три вида на капацитет на отпорност: апсорпционен, адаптивен и трансформативен капацитет. “Овие три капацитети треба да се зајакнат за да се постигне (...) остварувањето на правата и благосостојбата и покрај шоковите, стресовите и неизвесноста. Развојниот сектор во целина го користи поимот ‘капацитет’. Во Оксфам, ние поприродно размислуваме во смисла на моќ, зајакнување и избор.” (Jeans et al. 2017) И на крај, во литературата отпорноста на заедницата при соочување со несреќи е исто така поврзана со улогата на социјални врски, градење општествени мостови и припадност (како што е опишано од Елис и Абди 2017), што силно ги одразува наодите идентификувани од нашите истражувачки екипи на студиите на случај. Следниот дел го објаснува начинот на кој нашиот проект ја рафинира дефиницијата на отпорност и го направи корисен за спроведеното истражување.

*Усвоениот пристап за ова истражување*

За целите на овој истражувачки проект, следнава дефиниција за отпорност беше заеднички согласена и применета од страна на екипите на четирите земји: “една заедница е отпорна после интервенцијата на заедницата или активното ангажирање на разни засегнати страни на заедницата, кои имаат одредени овластувања или да спречат, или да се спротивстават на насилниот екстремизам. Затоа, отпорноста подразбира свесност за проблемот од разни засегнати страни во една заедница и нивно здружено дејствување против одредена појава. Исто така, го вклучува ставот на заедницата кон таква појава и нивната реакција во пресрет на појавување на дејствие на насилен екстремизам, или настани перципирани како такви, кои што водат кон неговото појавување” (Jakupi/Kraja 2018, 5).

И покрај оваа општо прифатена дефиниција, истражувачките екипи не ги усогласија потполно нивните дивергентни гледишта за врските и синџирот на причини меѓу отпорноста и ранливоста (т.е. дали се тоа двата краеви на спектарот или дали можат да коегзистираат во која било дадена заедница?), или помеѓу отпорноста и (не)погоденоста (т.е. дали непогоденоста неопходно подразбира отпорност? Дали една заедница треба претходно да била погодена за да се смета за отпорна?). Дајан Куту (2002) цитира партнер од интервјуто од деловниот сектор кој тврди дека “отпорноста е нешто што сфаќате дека го имате после дејството”, силно резонирајќи со дебатите меѓу проектните истражувачи за тоа дали отпорноста е присутна само ако една заедница навистина била тестирана со обид за регрутирање, и не мора да биде присутна ако една заедница не покажала никакви знаци на контакт со агенти на насилен екстремизам или претприемачи на насилство.

Некои од прелиминарните заклучоци кои можат да се извлечат од четирите студии на случај и како резултат на дискусиите помеѓу истражувачките екипи се следниве:

- Идентификувани се клучните фактори кои придонесуваат кон отпорност, но непогодените заедници не може да се сметаат за потполно отпорни;
- Отпорноста е спектар, бидејќи нема ‘совршена’ отпорност, туку соединување на фактори и дејства од актери кои ја ограничуваат ранливоста во една заедница (или ја зголемуваат отпорноста);
- Во таа смисла, една заедница која не била погодена од НЕ се уште може да покаже знаци на ранливост (‘плодна почва’);
- Отпорноста е системска затоа што не зависи од еден единствен фактор на отпорност, туку од целокупната меѓусебна поврзаност на факторите и начинот на кој актерите играат улога при обликувањето на тие фактори. Освен ова, поради изобилството на можности во кои факторите и актерите меѓусебно се поврзуваат во одредена заедница, отпорноста кон насилниот екстремизам не е неопходно намерна, туку често може да се случи случајно.

Како што беше искажано во извештајот на Албанија: “Факторите на отпорност и ранливост се веројатно присутни и кај погодените и на непогодените заедници, но на различни нивоа. Двата фактори, и оние погодни и оние за спречување на НЕ се видливи и кај отпорните и

кај ранливите заедници, но постојат и интервентни фактори кои ‘активираат’ ранливост кај некои заедници под ризик. Така да, погоденоста не е толку многу утврдена со самото присуство на фактори и актери кои се погодни за ранливост од НЕ, туку од нивото, динамиката и соединувањето на факторите и актерите во одредена заедница. Затоа, отпорноста е спектар и е системска (холистична), а радикализацијата кон НЕ е процес, чиј размер, во голема мера (но не исклучиво), зависи од нивото на отпорност.” (Qirjazi/Shehu 2018, 1)

И покрај овие ограничувања, извештаите од истражувањата истакнаа еден број карактеристики кои се заеднички за непогодените заедници, и ни нудат некои индиции за тоа кои би можеле да бидат двигателите на отпорноста.

## 6.2 Поттикнувачи на отпорноста на заедниците: синтеза на наодите на студиите на случај

*Увиди фокусирани на земјата*

Во Македонија, наодите јасно покажуваат дека постојат фактори/елементи кои може да ја сочинуваат, и да придонесат кон една отпорна заедница, како што е мултикултурализмот, свесноста за заедницата и општеството, квалитетот на верското образование, и институционалната соработка и ангажирање. Засегнатите страни го идентификуваа мултикултурализмот и важноста на различноста како клучни, особено во едно мултиетничко општество. Меѓутоа, во различни општини има различни гледишта за тоа како се негува мултикултурализмот. Во Гостивар и Струга, ставовите кон мултикултурализмот и различноста се попозитивни. Младинскиот совет во Гостивар е првобитна точка за организирање на мултиетнички настани и фестивали; како резултат на тоа, членовите на заедницата имаат поотворен став и почит кон луѓето од различните етно-верски заедници. Исто така во Струга, невладините организации обично се оние кои ги водат и поддржуваат напорите за промовирање на соживотот меѓу различните групи во општеството. Младите луѓе се целта на овие иницијативи, бидејќи се смета дека тие се најподложни на екстремистички пораки. Меѓутоа, овие иницијативи може да бидат краткотрајни, доколку не ја добијат потребната поддршка.

- *Свесност за заедницата и општеството* – сериозен недостиг на дебата во рамки на општеството за опасностите што ги носи насилниот екстремизам; ова беше очигледно во сите истражувани заедници. Поради тоа, речиси сите испитаници го сметаат како клучно подигањето на свеста за проблемот на НЕ. Иницијативите предводени од заедницата и општината се ретки, иако не се отсутни, и нивното потенцијално влијание е се уште непознато. Во Чаир (погодена општина) има иницијативи, претежно започнати од општината, за воведување на дебати и предавања на тема екстремизам во три средни училишта. Во таа насока, во општина Струга, проект предводен од заедницата ги собра членовите на заедницата со цел да се развијат јавни дебати. Стана јасно дека основни проекти како овој, не се одржливи без државни средства.
- *Квалитет на верско образование* – иако Македонија е секуларна држава во смисла на нејзиниот уставен поредок, многу засегнати страни велат дека постои вистинска потреба за подобрување на квалитетот на верското образование. Тие, исто така, рекоа дека би било корисно да се има пристап до повеќе верски литератури, фокусирајќи се на она за што другите религии се залагаат, со цел да се има референтна точка и да се разберат и сопствените и верските традиции на другите. Покрај достапноста и пристапот до квалитетен едукативен материјал, од клучно значење е и внимателно да се види кој го предава и/или го шири овој материјал. Во Струга, непогодена општина имало радикален имам назначен во една од нивните џамии кој не се колебал да шири ‘поинакво’ толкување на исламот, од она што веќе се применувало во Струга. Имамот

беше отстранет од позицијата веднаш откако локалното население реагираше силно и инстинктивно. Дејството на заедницата имаше позитивен ефект во овој случај, но во други слични сценарија дејството на заедницата можеби нема да биде толку силно, а потенцијално екстремните имами би можеле да заземат позиции во џамиите значително долго време.

- *Институционална соработка и ангажирање* – кога станува збор за спречување на НЕ во Македонија, институционалната соработка и ангажирање се разликуваат во секоја заедница, но во суштина, тие се перципираат како недоволни. Во Гостивар беше забележано дека има простор за многу поголема соработка меѓу владата, верските институции и заедниците. Верските органи особено се сметаат како клучни за ангажирање со заедницата бидејќи многу луѓе ги гледаат како институции од доверба; така да тие може да дејствуваат како мост меѓу владините институции и заедниците. Институционалната соработка со невладините организации и редовниот ангажман, исто така, се сметаа за важни, првенствено затоа што невладините организации имаат потреба од одржливост која може да ја обезбедат локалните институции, а кое за возврат ќе го направи системско и продуктивно ангажирањето на невладините со членовите на заедницата.

Во Косово, непогодената истражувана заедница, Дечани, има многу карактеристики за тоа како може да изгледа една отпорна заедница. Сепак, не е потполно јасно дали Дечани е ранлив, но непогоден или е едноставно отпорна заедница.

- *Досег и соработка на локалните засегнати страни (имами и општински власти)*: Во Дечани во моментов има 17 регистрирани џамии и не се пријавени активни паралелни верски институции или неавторизирани имами. Претставниците на исламската заедница и општинските власти тврдеа дека дејствувале здружено и се справиле со поединци кои ја доведуваа во прашање власта на постојните структури на исламската заедница во општината. Како резултат на тоа, беа забранети сите предавања кои не беа одобрени од службената исламска заедница, исто како и нивното ширење во рамките на верската заедница. Дечани е заштитен, делумно, поради редовните состаноци, формални и неформални, кои верските и општинските лидери ги одржуваат со членовите на пошироката заедница. Формалните состаноци обично се одржуваат во општинското собрание, а неформални состаноци вклучуваат собири на свадби или погреби. Овие простори служат како платформи за дискутирање на опасностите од надворешни несертифицирани проповедници. Социјалните медиуми служеа како дополнителни форуми за објавување проповеди за да се спротивстави привлекувањето од овие проповедници, кои обично допираат до оваа целна публика. Исто така, општинските власти биле доста строги во врска со барањето за изградба на нови џамии; како предуслов, изворот на финансирањето мора да биде транспарентен.
- *Политичка застапеност – донаторска агенда:* Од крајот на конфликтот во 1999 година, Дечани има добиено внимание во изобилство од политичката и меѓународната заедница присутна на Косово. Ова предимно може да се припише на фактот дека Дечани, не само што беше една од жариштата на битките за време на конфликтот во 1999 година меѓу косовските и српските вооружени сили, туку беше и местото каде што се судрија различни политички идеологии. ОБСЕ, УСАИД и ЕУ потрошија големи износи на средства во корист на заедницата. Како резултат на тоа, граѓанското општество во Дечани се разликуваше по големина и тоналитет во споредба со заедница со споредлива големина на друго место во Косово.
- *Национални наративи и локален контекст:* Иако Косово има забележано пораст на верските практики по конфликтот од 1999 година, влијанието на истото, во некои заедници, не било толку силно за да делува врз нивните претходно оформени идентитети. Во Дечани, етничкиот идентитет не бил одменет од верскиот идентитет, иако имало зголемување на религиозност, посебно меѓу младите луѓе.

Во Албанија, истражувањето анализираше три групи на фактори и актери кои потенцијално може да водат до отпорна заедница: идеологија; институционална изведба и соработка; и силни социјални врски.

- *Идеолошки фактори:* Според извештај за земјата на Албанија, факторите и актерите погодни за отпорност се: i) силни граѓански вредности; ii) верско образование со цел подигнување на свеста и iii) заедничка култура. Учеството во една заедница, а не изолирањето, може да води до силни индивидуални граѓански вредности, за разлика од радикализираните групи кои имаат тенденција да се изолираат; истакнат случај на овој вид изолација беше една група на нетрадиционални верници во Тирана кои се изолираа од остатокот на граѓанската заедница и муслиманите кои практикуваат ислам. Слично на случајот во Македонија и во Албанија постои недостаток на ‘правилно верско разбирање’. Правилното верско образование што го подучуваат обучени професионалци ќе ја намали ранливоста на младите кон верски и насилен екстремизам. Културата и традицијата беа истакнати како силен фактор кој придонесува на отпорноста, бидејќи ќе ја задржат заедницата ‘поврзана’ преку заеднички прослави на верски фестивали, традиционални посети во социјални прилики и меѓуверски бракови.
- *Институционална изведба и соработка:* Институционалните одговори на насилниот екстремизам биле ретки во Албанија. Испитаниците особено ја нагласуваат важноста на зајакнување на соработката меѓу институциите и муслиманската заедница. Локалните и верските институции се почувствуваа маргинализирани за време на креирањето на законите и други проекти чија цел е изградба на силни и отпорни заедници во услови на неволји. Ќирјази/Шеху (2018, 31) нагласуваат дека постои “корелација помеѓу недостатокот на негативни актери и поголемата отпорност, но, што е најважно, постои корелација помеѓу неактивноста на позитивните актери и ранливоста. Така да, проактивното ангажирање и дејствување од страна на актерите на заедницата е од суштинско значење за зајакнување на отпорноста – повеќе од самото отсуство на фактори на ранливост”.
- *Силни социјални врски* – или социјално поврзување – нудат чувство на припадност и здружување со поединци и групи. Социјалната кохезија може да создаде врски меѓу луѓе од различни позадини, но кои се дел од една заедница. Во Албанија, како што покажува студијата, проектот за работа на полицјата во заедницата не само што ја зајакна соработката меѓу институциите и заедницата, туку и ја зголеми безбедноста и благосостојбата во заедницата. Во Корча, соработката меѓу институциите и нивните врски со заедницата се силни, бидејќи тие не само што соработуваат за прашања кои ги загрижуваат, туку исто така имаат тенденција заедно да прославуваат верски празници.

За Босна и Херцеговина, авторите тврдат дека искуството од воените и повоените настани ја уништило отпорноста на босанскиот народ, иако не е многу јасно кои биле карактеристиките на предвоената отпорност на заедницата во Босна. Најексплицитно признат фактор за отпорност е “улогата што раководството може да ја игра” на локално ниво, особено во БП Кантон, каде што “локалните власти експлицитно одбија да прифатат странска помош под одредени услови” (Turcalo/Veljan 2018, 23). Исто така, во нивните препораки зборуваат за “ангажирање на учениците на ниво на заедницата, како што е волонтирање, развој на свеста за нивниот позитивен придонес кон општеството и поттикнување на учениците да размислуваат критички за табу теми”, како начини за градење на отпорност (ibid.).

### *Трите клучни состојки: Свесност, Дејство, Став*

Во речиси сите истражувани заедници за овој проект, стана релативно јасно дека недостатокот на свест за проблемот на насилен екстремизам води до зголемена ранливост. Сите истражувани заедници изразија заедничко чувство дека подигањето на свеста за овие теми е од клучна важност, така што секој ќе ги сфати ризиците и опасностите поврзани со дозволување екстремизмот да преземе контрола во нивните општини, со што се поттикнува друга линија на отпорност против оваа појава. Ниту една од заедниците не се сметаше за целосно отпорна. Сепак, како што споменавме претходно, факторите и актерите може да ја објаснат непогоденоста на заедница на насилен екстремизам, како и доказите за

прелиминарни знаци кои би можеле да бидат погодни за она што се нарекува отпорност.

Во студиите на земјите беа дадени многу примери за тоа како може да се негува свеста кај ранливите заедници. Пристапот до информации лесни за разбирање е значаен, на пр. преку преведена литература, предавања, јавни дебати, па дури и преку структурирано верско образование во училиштата. Формални и неформални собири на различни групи на заедницата, исто така, може да послужат како платформи за подигнување на свеста на заедницата за проблемот и за понатамошни дискусии за тоа како да се справат со тоа. Студиите во земјите покажаа дека состаноците во градските собранија со членовите на заедницата се веќе воспоставени заедно со неформалните собири. Овие формални и неформални дискусии треба да се негуваат и поддржуваат понатаму од институционалните претставници (општински и верски), како и од донаторската заедница и носителите на политики и одлуки. Поддршката на различните групи на граѓанското општество, како што се младински групи, верски организации и женски здруженија, со цел подигање на свеста е уште една алатка која е погодна за отпорноста на заедница.

Дејството координирано од заедницата е уште еден важен фактор кој многу добро може да води до поотпорна заедница, како покажува примерот на отпорно однесување на заедницата во македонската општина, кога тие одлучија да го протераат имамот кој покажал знаци на екстремизам во неговиот дискурс. Снажната реакција на заедницата директно кореспондира со дефиницијата на отпорност како што се користела во студијата во Албанија и која наведува дека “отпорноста може да се дефинира како квалитет на способност за брзо враќање на претходна добра состојба после проблеми, или како способност да се издржи, одговори и закрепне од широк спектар на штетни и несакани настани”. Друг пример за координирано дејство на заедницата е соработката на локалните општински власти со локалните верски претставници во Дечани, кога сфатиле дека радикалните регрутери од надвор работеле во нивните заедници. Тие дејствувале здружено и ги истерале регрутерите од Дечани. Кога ова би се случило во заедница во која нема институционална координација, екстремистичките регрутери би го нашле она што најчесто го бараат – плодна почва.

